Р Е В

Вашата Финансиска Револуција

# МОЌТА НА ПОЧИНКАТА

О Л У

ГЕРИ КИСИ

Ц И Ј А

Драги пријатели во Христос,

Наша молитва е поучувањето во оваа книга да ви биде на благослов и охрабрување! Слободно споделете го овој материјал со вашите пријатели, вашето семејство и вашата црква. Исто така, посетете ја страницата на FLNFree.com за бесплатно преземање на дополнителни копии, како и за повеќе други материјали за почување на вашиот јазик!

Бог ве љуби и Тој има прекрасен план за вашиот живот! Сознанието како функционира Божјото Царство ни го промени животот на подобро, и веруваме дека ќе го стори истото и за вас!

Со љубов во Христос,

Гери и Дренда Киси



П.С. Не заборавајте да ја посетите нашата веб страница FLNFree.com за бесплатно преземење на дополнителни материјали за поучување на вашиот јазик!

Вашата Финансиска Револуција

# МОЌТА НА ПОЧИНКАТА

ГЕРИ КИСИ

**Your Financial Revolution**
**The Power of Rest.** Macedonian. By Gary Keesee
Copyright © 2023 by Gary Keesee

Originally printed in English
ISBN: 978-1-945930-03-4

Faith Life Now
P.O. Box 779
New Albany, OH 43054, USA

This book is a free gift from the author and is NOT FOR SALE

You can reach Faith Life Now Ministries on the Internet at **FaithLifeNow.com**

More resources by the same author are available for free download at **FLNFree.com**

**Вашата Финасиска Револуција**
**Моќта на починката.** Македонски. Од Гери Киси
Авторски права © 2023 од Гери Киси

Првично издадена на англиски јазик
ISBN: 978-1-945930-03-4

Faith Life Now
P.O. Box 779
New Albany, OH 43054, USA

Оваа книга е подарок од авторот и НЕ Е ЗА ПРОДАЖБА

Службата на Faith Life Now е достапна онлајн на: **FaithLifeNow.com**

Дополнителни материјали од истиот автор се достапни за бесплатно преземање од страницата на: **FLNFree.com**

**Издава: Евангелска Црква во РМ**
**Ф.Рузвелт 16**
**Скопје**

**Превод: Весна Пуздерлиева**
**Лектура: Емилија Златкова - Анастасова**
**Графика и дизајн: Елисавета Галева**
**Печати: Ирис – Струга**
**Тираж: 2000**

Во оваа книга авторот има користено стихови од различни преводи на Библијата. Сите стихови, кои се поклопуваат со стандарниот македонски превод на Библијата, во издание на Библиското здружение на Р. Македонија, Скопје, 2007, се користени од тоа издание на Библијата. Дел од стиховите се извадени од динамичниот превод на Новиот завет, во издание на ХБЦ „Радосна Вест“, Скопје, 1999. Сите останати стихови се парафразиран и динамичен превод на англиските преводи на Библијата.

Сакам да ѝ ја посветам оваа книга на мојата сопруга Дренда, бидејќи токму нејзините охрабрувања, страст за Божјите работи и љубов кон нејзиното семејство и кон мене ме инспирираа сите овие години. Заедно, докажавме дека соништата навистина се остваруваат!

Гери Киси

# СОДРЖИНА

**ВОВЕД**.................................................... **9**

**ПРВО ПОГЛАВЈЕ 1:** Починка – Основата............................ **13**

**ВТОРО ПОГЛАВЈЕ 2:** Правата во Божјото Царство .............. **27**

**ТРЕТО ПОГЛАВЈЕ 3:** Царството е вашиот одговор............... **45**

**ЧЕТВРТО ПОГЛАВЈЕ 4:** Открив важен клуч во Царството!..... **65**

**ПЕТТО ПОГЛАВЈЕ 5:** Летањето е подобро од одењето............ **79**

**ШЕСТО ПОГЛАВЈЕ 6:** Животот е повеќе од плаќање сметки!... **97**

**СЕДМО ПОГЛАВЈЕ 7:** Ова е невозможно!.......................... **109**

**ОСМО ПОГЛАВЈЕ 8:** Двојна порција................................. **121**

**ДЕВЕТО ПОГЛАВЈЕ 9:** Повеќе од доволно!........................ **133**

**ДЕСЕТТО ПОГЛАВЈЕ 10:** Тајната на двојната порција.......... **155**

# ВОВЕД

Денот кога ја напуштивме фармата беше навистина убав ден. Живеевме во таа стара, мала, запуштена фарма скоро девет години, а сега го носев последниот товар со кутии до нашето комбе. Се упатив кон нашиот нов дом што самите го изградивме, грузиски дом од 7.700 метри квадратни кој се наоѓаше на 55 хектари прекрасно обработливо земјиште во Охајо, со 20 хектари шуми и мочуришта. Тоа беше сон што беше тешко да се замисли само неколку години порано.

Иако ја напуштавме фармата, јас ја сакав таа стара куќа. Да, дури и со скршените стакла на прозорците, земјената визба и постојаните пчелни напади што ги трпевме додека живеевме таму. Толку многу спомени ми паднаа на ум. Две од моите деца всушност се родени таму во семејната соба.

Имавме многу убави моменти таму, но и многу пати се соочувавме и со финансиски стрес и безнадежност. Постоеја толку многу работи што требаше да ги научиме. Иако сега е тешко да се замисли, кога се преселивме на таа стара фарма девет години порано, едвај можевме да плаќаме 300 долари месечно кирија. И двата наши автомобили беа многу стари, со стотици илјади поминати километри, а сепак тие сè уште не беа целосно исплатени. Во тоа време, се чинеше дека на сите им должиме пари. Имавме десет кредитни картички што беа или откажани или со достигнат максимум; два заеми од национални компании; и се разбира, две месечни рати за нашите автомобили; долгови кон УЈП; десетици илјади што им ги должиме на нашите роднини; и списокот продолжува. Живеевме живот на финансиски опстанок,

заложувајќи го сето она што го поседувавме понекогаш само за да купиме намирници. Работите што ги поседувавме беа многу стари и скршени работи што ги купивме како половна роба.

Нашата очајна финансиска ситуација во тоа време имаше мала надеж за светла иднина. Искрено, не гледав многу надеж дека работите би можеле да се променат. Го сакав семејството, имав убава сопруга, но ги влечев низ финансискиот пекол!

Бев на антидепресиви, се справував со напади на паника и стравот ми го трошеше секојдневието. Ајде да кажеме дека не бев најсреќната личност на светот. Продавав животно осигурување, живеев од провизии и не се движев брзо, освен кон финансиската бездна. Полека тоневме сè повеќе во долгови сè додека немаше веќе каде да се задолжиме. Во тој момент емоционално паднав. Ме обзеде паника и страв во умот. Дури се плашев да ја напуштам мојата куќа, што патем не е добро за некој кој зависи од провизија како плата.

Мојата сопруга мислеше дека ќе остане без сопруг, прогонувана од стравот дека ќе треба сама да ги одгледува четирите деца што ги имавме во тоа време. Но, таа силно верува во моќта на молитвата и не се откажа од мене. Заедно се молевме, а потоа почнавме да ги откриваме начелата на Божјото Царство. Кога почнавме да Го бараме Бога за одговори и принципи, во нашите срца почна да се дига надеж гледајќи едно чудо по друго применувајќи го она што ни го покажа Бог.

Клучен пресврт се случи една ноќ кога Бог ми покажа дека треба да основам своја фирма во областа на финансиите, помагајќи им на луѓето да се ослободат од долгови и да ги поучувам принципите што ми ги покажува Тој. Во тоа време, основање компанија која им покажува на луѓето како да се извлечат од долговите изгледаше прилично чудно бидејќи и ние самите имавме многу долгови. Се молевме за ова, но Господ ни рече дека како што ќе истапиме поучувајќи ги Неговите принципи, и ние ќе ја добиеме и нашата слобода. Започнувањето на фирма беше чекор на вера бидејќи немавме поим како да го направиме тоа, но истрајавме во тоа. Фирмата растеше, а парите што ги заработувавме ни помогнаа за две и пол години како семејство да бидеме целосно без долгови. Ќе зборувам малку повеќе за нашата фирма во следното поглавје, но засега, само знајте дека нашите животи драстично се сменија! Не можам да

објаснам какво е чувството да бидете целосно ослободени од долговите, и какво е чувството да влезете во салон за автомобили и да платите во готово за нов автомобил. Какво е чувството да дизајнираме, изградиме и платиме за нашиот нов дом. Тоа што го искусувавме ги надмина сите наши очекувања.

Да, од фармата имавме многу спомени. Додека одев да ја земам последната кутија од куќата, поминав покрај сопругата додека беше во малата трпезарија. Таа ме погледна со солзи во очите. Не беа тоа солзи од тага; туку солзи радосници и солзи исполнети со емоции, бидејќи таа се сеќаваше на сето она што Бог нѐ научи таму. Некако се воздржав да не заплачам и јас, фрлајќи уште еден последен поглед низ собите, сеќавајќи се со измешани чувства на сѐ што се случуваше таму. Затворавме едно поглавје од нашите животи и одевме на нова територија. Што сега беше пред нас? Почнавме едно патување што нѐ носеше од депресија, без надеж, во иднина полна со надеж. Излегувајќи надвор со последната кутија, застанав и погледнав назад кон куќата со насмевка. „Не, нема да ми недостигаш. Сега имам подобро место.“

**КОГА ПОЧНАВМЕ ДА ГО БАРАМЕ БОГА ЗА ОДГОВОРИ И ПРИНЦИПИ, ВО НАШИТЕ СРЦА ПОЧНА ДА СЕ ДИГА НАДЕЖ ГЛЕДАЈЌИ ЕДНО ЧУДО ПО ДРУГО ПРИМЕНУВАЈЌИ ГО ОНА ШТО НИ ГО ПОКАЖА БОГ.**

Бевме возбудени што се селиме во нашиот нов дом, секако. Но, најдоброто нешто во врска со нашето патување беше што конечно таму ќе имаме одмор! Можев да размислувам за мојата иднина, а не само за плаќање на сметките. Со текот на годините, живеењето во Неговата починка беше апсолутен сон! Да ги платиме нашите автомобили е исто така одмор. Да бидеме без долгови е одмор. Да имам потполно исплатен дом од соништата на 55 хектари е одмор. Да ја гледам насмевката на лицето на мојата сопруга кога оди на шопинг и без да мора да се грижи за

пари е одмор. И повеќе од тоа да го имаме она што ни е потребно, да имаме доволно пари за да можеме да даваме стотици илјади долари на други и да го поддржиме евангелието е одмор. Но, веројатно најголемата промена во мојот живот беше тоа што веќе не морам да се будам секој ден со притисокот и стравот што беа составен дел од мојот живот сите тие рани години. Да можеш повторно да сонуваш за добри работи наместо да сонуваш само да преживееш уште една недела е одмор.

**ОНА ШТО ЈАС И ДРЕНДА ГО ОТКРИВМЕ Е ИСТО ТОЛКУ ДОСТАПНО И ЗА ВАС КОЛКУ ШТО БЕШЕ И ЗА НАС.**

Да, денот кога ги редев последните кутии во комбето за да ги однесеме во нашиот нов дом беше полн со измешани чувства. Но, верувајте ми, сладоста на починката што Дренда и јас ја откривме беше значително поголема од сите горчливи мисли на сите тие спомени што ги остававме зад себе, така што ние повторно се чувствувавме како две мали деца на училишна возраст, смеејќи се и сонувајќи заедно.

Знам што мислите. Камоли јас да го имам тоа. Камоли јас да можев да го имам тоа искуство, да се смеам, да сонувам и да бидам во можност да се фокусирам на нешто друго освен само на плаќање сметки. Иако можеби ви е тешко да поверувате во овој момент од книгата, ве уверувам дека она што јас и Дренда го откривме е исто толку достапно за вас колку што беше и за нас. Додека ја споделуваме нашата приказна, мојата молитва е да бидете охрабрени да ги применувате Божјите закони и принципи и во вашиот сопствен живот.

Навистина не е толку тешко; едноставно треба да ја откриете моќта на починката!

> *„Дојдете кај Мене сите изморени и обременети и Јас ќе ве успокојам. Земете го Мојот јарем на себе и поучете се од Мене, бидејќи сум кроток и смирен по срце, и ќе најдете мир за душите ваши. Зашто јаремот Мој е благ и бремето Мое е лесно.“*
>
> Матеј 11:28:30

ПРВО ПОГЛАВЈЕ

# ПОЧИНКА - ОСНОВАТА

**ПОЧИНКА** – да бидеш поставен и да добиеш поддршка за да останеш во одредена позиција, пример или период на опуштање или престанок со напорна или стресна активност. (Гугл)

Дали сте уморни? Дали повеќето денови сте преоптоварени без никогаш да го постигнете она што сакате? Дали вашата потреба за пари е причина за вашите одлуки за тоа каде работите или како работите или колку долго работите? Дали ви се чини дека никогаш нема да се ослободите од долговите? Дали ви се чини како да сте вклучени во познатата трка на хрчакот? Ако ова ве опишува вас, не сте сами.

Дали некогаш сте виделе тркало по кое се движи хрчак? Сигурен сум дека сте виделе, но ако не сте, тоа е тркало што се става во кафез за хрчаци. Хрчакот може да се качи на тоа тркало и да трча и да трча додека не се истошти. Но, има само еден проблем со тоа тркало. Без разлика колку брзо или колку долго трча тој хрчак, кога е уморен и ќе се симне од тркалото, тој е на истото место каде што започнал. Ништо не е сменето. Тој може да ја избрише потта од неговото крзнено мало лице со чувство на задоволство. Но, не постигнал ништо за да ја подобри неговата позиција во животот; сè уште е затворен во кафез без слобода. Во голема мера ова опишува многу луѓе, ако не и мнозинството луѓе, и нивните финансиски животи. Тие работат напорно цела недела и исцрпени запаѓаат во кратко пренасочување за време на викендот, но кога ќе дојде понеделник наутро, тие се наоѓаат на

истата локација како и претходната недела. Тие само преживеале уште една недела.

Тоа беше слика од мојот живот долги девет години. Вложував од 15 до 18 часа на ден, бев вреден и работев напорно, но откако ќе дадев десеток, и ќе ги платев сметките и даноците, не ми остануваше ништо. Обично имав недостаток од основните работи, па затоа полека почнав да позајмувам за да преживеам. Кога се зголемуваше финансискиот притисок, трчав уште посилно, но безуспешно. Кога застанав да го оценам мојот напредок, сè уште се движев наназад.

Ова, се разбира, доведе до некои тешки емоционални последици. Обесхрабрувањето и стравот со кои се борев секој ден, полека го кршеа мојот ум и моето физичко тело. Напади на паника, интензивен страв и парализа полека почнаа да ми го обземаат телото. Лекарите не можеа да откријат што не е во ред со мене. Стравот толку ми ги обзема мислите што не знаев дали ќе живеам или ќе умрам. Живеењето од заложни куќи и позајмување пари од роднините траеше речиси девет години! Дојде време кога немаше ништо друго за заложување, а остана малку од мојата слика за себе. Бев готов. Можевте да ја соберете мојата слика за себе со лопатка за ѓубре, заедно со радоста што останала во мојот живот.

Доверителите се редеа против мене, и тогаш се случи тоа. Со безнадежност што го опфаќаше секој мој здив, дојде повикот. Дојде повик како и повеќето други утрински повици: „Господине Киси, како што знаете, му должите на нашиот клиент X сума пари. Кога мислите дека можете да ги вратите парите? Па, господине Киси, истото ми го кажувате веќе три пати по ред. Ако не ги вратите парите за три дена, мојот клиент ќе поведе тужба за овој долг против вас. Дали разбирате, господине Киси? Имате три дена. Збогум.“

Повикот ме удри како тон цигли. Не дека веќе не знаев колку е тешка нашата финансиска ситуација. Немав пари. Сè што поседував беше расипано. Фрижидерот ми беше празен. Мојата прекрасно семејство спиеше покрај шпоретот на дрва бидејќи немавме пари за масло за греење. Немав каде да се обратам.

Моите пријатели и семејството беа уморни да плачат за мене. Збунет, полека се искачив по скалите до мојата спална соба и легнав на креветот. Плачев и извикував кон Господа за помош.

Мислам дека бев изненаден колку брзо Господ зборуваше со мене. Тоа не беше звучен глас, туку глас кој наеднаш излезе од мојот дух и со сила влезе во мојот ум. Првото нешто што Господ ми го кажа беше дека нередот во кој се наоѓав немаше никаква врска со Него. Претпоставувам дека го рече тоа затоа што бев малку збунет зошто Тој, од моја перспектива, не ни помогна. Одевме во една голема црква, бевме дарежливи кога можевме и најчесто давaвме десеток. Наместо тоа, Тој ми кажа дека причината поради која се наоѓам во тој хаос е затоа што никогаш не научив како функционира Неговото Царство. Тој ми рече дека Неговото Царство не функционира како што функционира земното царство во однос на парите, и дека доколку сакам да бидам слободен јас морам да го научам системот на Неговото Царство за справување со пари.

Се сеќавам дека се стрчав долу и ја грабнав Дренда и ѝ реков дека Господ штотуку ми зборуваше и дека одговорот е Неговото Царство. Се разбира, бевме малку збунети, бидејќи мислевме дека разбираме што е Неговото Царство. На крајот на краиштата, како што реков, одевме во голема црква и двајцата Го сакавме Бога и знаевме дека сме на пат кон рајот. Но, како што допрва видовме, ние навистина знаевме многу малку за Неговото Царство и како тоа функционира.

Бев возбуден што Бог ми зборуваше и што ми го откри одговорот – Неговото Царство. Што значеше тоа допрва требаше во целост да разберам, но бев охрабрен. Реалноста беше дека немав поим што сака да каже Бог со зборот *царство*. Требаше да откријам дека во тој збор навистина е одговорот по кој јас и Дренда копнеевме и го баравме.

Дренда и јас се фативме за раце тој ден и се помоливме. Прво, се покајавме пред Бог што не одвојувавме време навистина да го научиме Неговото Слово и да научиме како функционира Неговото Царство во однос на финансиите. Второ, се покајав пред неа како глава на семејството што нѐ внесов во овој хаос. И

двајцата се молевме и се согласивме дека сме решени да научиме како функционира Царството и да живееме поинаков живот од оној што го живеевме во последните девет години.

Најдобар начин да се опише што се случи потоа е да земеме пример од прекинувач од кој се пушта светло. Влезете во темна просторија и едноставно вклучете го прекинувачот. Добивате светлина! Можете да гледате. Така се чувствувавме кога Бог почна да нѐ учи за Своето Царство. Беше како некој да вклучува прекинувач за светло, а ние можевме да гледаме работи што не сме ги гледале претходно. Почнавме да разбираме дека Царството Божјо е владеење со закони кои не се менуваат. Сфативме дека можеме да ги научиме тие закони и да ја искористиме Божјата моќ и мудрост за да го создадеме богатството што ни треба.

Бевме толку радосни, но сепак многу збунети. Се случија неколку прилично неверојатни приказни кога Бог почна да нѐ учи како функционира Неговото Царство. Нема да споделам многу од тие рани приказни овде, бидејќи тие се опфатени во првата книга од оваа серија, *Вашата Финансиска Револуција: Моќта на верноста*. Можете да добиете копија на garykeesee.com или на Amazon.com. Исто така треба да ја набавите и мојата книга, Лов во вера, која ве враќа на самиот почеток кога Бог почна да ме учи како да го жнеам благословот преку мојот лов на елени. Но, за да не должам многу, дозволете ми сега да ви дадам еден пример.

Како што ви кажав, бевме до гуша заглавени во долгови од кои не можевме да излеземе. Неплатени даноци, долгови во заложни куќи, 10 откажани или заглавени кредитни картички и три бизнис кредити со камата од 28%. Му должевме на нашиот стоматолог, должевме за хемиско чистење, им должевме на нашите родители и пријатели. На секој кој ќе ви падне на ум му бевме должници. Природно, немаше надеж. Мојот бизнис не напредуваше добро, иако работев напорно. Но, сега, откако видовме дека Царството прави некои прилично неверојатни работи (повторно, прочитајте ги приказните во двете книги споменати погоре), бевме охрабрени дека Царството е нашиот одговор. Не знаевме како, но бевме убедени дека сме на вистинскиот пат.

Една ноќ Бог ми даде сон и ми покажа во тој сон дека треба

да ја напуштам мојата сегашна фирма во која бев во последните девет години и да основам своја фирма – слушнете го ова – за да им помогнам на луѓето да се ослободат од долгови! Знам – лудо, нели? Мислам, да знаев како да се извлечам од долговите, ќе го направев тоа пред многу години. Но, тоа е токму она што Тој го направи. Всушност, бев малку шокиран. Немав идеја како да основам сопствена фирма или што навистина е вклучено во тоа. Но, фирма за финансиско советување за излез од долгови? Еј, сè уште ми требаше некој да ми каже како да го направам тоа!

Кога почнав да се молам за ова, имав искуство со Светиот Дух што ми го промени животот во однос на тоа како тоа може да се случи. Тоа се случи за време на еден телефонски разговор со клиент од бизнисот за осигурување. О, заборавив да ви кажам дека бев вклучен во индустријата за финансиски услуги и продавав осигурување и хартии од вредност додека сето ова се случуваше. Знам, тоа е некако како водоводџија кој насекаде поправа цевки што течат и решава туѓи проблеми, но го запоставува својот проблем дома. Иако полека тонев во мојата позиција во финансиските услуги, искуството што го стекнав во општо знаење во тој период во претходните девет години сега беше многу важно за она што Бог сакаше да ми го покаже.

Додека седев со мојот клиент и неговата сопруга во нивната кујна, ја поминавме вообичаената презентација, што се однесуваше на нивната генерална финансиска состојба, поставувајќи различни прашања и пополнувајќи го она што го нарекуваме лист со податоци. Тие податоци првенствено се користат за да се одреди колкаво животно осигурување луѓето треба да имаат. Додека ја разгледувавме нивната листа на долгови, и двајцата се вознемирија, а сопругата почна да плаче додека тие опишуваа колку безнадежно се чувствуваат и двајцата. Двајцата работеа со полно работно време, а сепак финансиски не можеа да го поминат месецот.

Сега, бидејќи јас живеев така девет години, и бидејќи Бог почна да ме поучува мене и Дренда за Царството, можете да замислите како се чувствував за нив. Како јас и Дренда, и тие беа христијани, но без знаење за тоа како функционира Царството. Во

тоа време, навистина не можев да објаснам многу за Царството, освен некои од првичните работи што Бог веќе ни ги покажа, и истите ги споделив со нив, и, се разбира, споделив некои од неверојатните приказни што се случија во нашите ситуации.

Очигледно, можев да забележам дека животното осигурување не беше нивниот главен проблем. Поминав малку време објаснувајќи им ги нештата што ги научив од Бог во врска со Царството, но копнеев да можам да им понудам вистински финансиски одговори во врска со нивната ситуација.

Во канцеларијата таа ноќ, додека го завршував денот и го средував мојот вообичаен куп со папки и пораки на кои требаше да одговорам, одеднаш добив идеја. Што ако погледнам подалеку од нивното животно осигурување и подолго ја разгледам целата нивна финансиска слика? Дали можев нешто да направам? Што ако почнам да барам пари? Со тоа сакам да кажам, што ако можам да најдам поевтини начини да ги прават нештата што веќе ги правеа? Мојата цел ќе биде да најдам едноставни, и поевтини начини да ги прават нештата што веќе ги правеа, а потоа да ги применам сите пари што ќе останат на нивните парични обврски и долгови. Звучеше како едноставен предлог, но навистина не знаев многу за финансиите освен од аспект на животно осигурување. И треба да ви кажам дека ова беше пред деновите на интернет. Истражувањата што требаше да ги направам ги правев на старомоден начин - по телефон и жолти страници.

Работев на ова цела недела бидејќи требаше повторно да се сретнам со тие луѓе следната недела. Бев изненаден од тоа колку пари можам да заштедам месечно бидејќи одвоив време навистина да копам во секоја финансиска област. До моментот кога завршив со истражувањето, износот достигнуваше стотици долари месечно. Со мојот паричен калкулатор, направив вкупна калкулација на нивните долгови и потоа ги применив заштедените пари на нивните вообичаени месечни исплати. Кога го притиснав копчето за пресметување, само зјапав во одговорот на екранот – 6,2 години. Одговорот од 6,2 години беше вкупното време што му требаше на мојот клиент да го

исплати целиот свој долг, вклучувајќи ја и станбената хипотека, без да го промени својот приход. Да, добро прочитавте, без да ги промени месечните примања. Бев шокиран и убеден дека сум направил грешка, па пресметував одново и одново додека не се уверив дека го имам вистинскиот одговор. Дали ова е можно? Зошто сите не го знаеја ова?

Брзо извлеков неколку други папки на клиенти што ги имав при рака обидувајќи се набрзина да ги направам истите пресметки, и на крај дојдов до истите резултати. Секој од нив би можел да биде без долгови за 5 до 7 години, вклучувајќи ја и хипотеката, без промена на месечниот приход. Веќе беше доцна кога ги завршив сите пресметки во канцеларијата, но одејќи накај дома бев возбуден. Ако она што го открив беше вистина, а сите мои пресметки покажуваа дека е, тогаш откритието беше големо, навистина големо.

Бев љубопитен како мојот клиент ќе одговори на ваквите информации. За мојот претстоен состанок, решив да ги напишам броевите во едноставна презентација на една страница. Мојата цел беше едноставно да им дадам надеж. Немаше ништо во тоа за мене, бидејќи знаев дека е малку веројатна дека ќе им продадам животно осигурување. Но, исто така знаев дека ќе сакаат да го слушнат она што го дознав. Следната недела повторно ги прегледав моите пресметки и бев сигурен дека сум во право.

Кога заѕвонив на вратата, почувствував нервозно исчекување за нашата средба. Кога седнавме во нивната трпезарија, им кажав што правев цела недела со нивните цифри. Полека им ги кажав моите заклучоци, објаснувајќи им како дојдов до заштедените финансии, заедно со името на сите фирми и нивниот број што ќе бидат потребни за да се имплементира она што им го покажав. Можев да забележам дека нивната возбуда сѐ повеќе се зголемуваше, како што растеше и заштедената сума кеш. Кога им го кажав заклучокот дека тие можат целосно да бидат без долгови за 6,2 години, вклучувајќи го и нивниот дом, со сегашните приходи, и двајцата почнаа да плачат, овој пат од радост. Тие седеа таму со солзи што им течеа по лицата и постојано кажуваа колку се шокирани од резултатите. Двајцата

скокна и ме прегрна, а таа вечер заедно прославивме.

Да бидеме искрени: Дали УЈП ќе ви каже како да плаќате помалку данок? Дали банкарот ќе ви каже како да плаќате помали камати? Не, целиот систем е дизајниран да ви ги земе парите, а не да ве заштити. Знаев дека она што го открив треба да го научи секое семејство во Америка! Таа вечер навистина имаше драматично влијание врз мене, затоа сакав да го направам истото за секој клиент што ќе го сретнам.

Така, вооружени со таа информација и со потврдата на сонот што Бог ми го даде, јас и Дренда ја напуштивме фирмата за животно осигурување со која работев и отворивме своја фирма, правејќи го токму она што го направив за тој клиент. Во тие рани години, името на нашата фирма беше „Финансиите на верното семејство". Името јасно ги пренесуваше нашите намери – ако го разбиравте Царството и верата, вашите финансии ќе бидат *полни*. Се согласувам дека тоа не беше многу добро име за фирма – обидете се да го кажете десет пати по ред – но успеа. Подоцна го сменивме името во „Напредна Финансиска Групација", име што до ден денес стои, и напредува.

Да бидам искрен, нашите финансии сѐ уште не беа *полни*. Сѐ уште имавме долгови, но знаевме дека ја најдовме правата патека по која треба да трчаме. Кога започнавме со нашата нова фирма, бевме возбудени и малку нервозни во исто време. Требаше уште многу да учиме за основање и водење фирма, но најголемата пречка со која се соочивме беше како да заработиме пари правејќи го тоа. Предизвикот беше што ние чувствувавме дека не можеме да заработуваме од тоа, не сакавме да им наплаќаме на луѓето за да им помогнеме да се извлечат од долговите. Тоа беше голема пречка за која поминавме многу време во молитва и разгледување на опциите. Без да навлегуваме во детали, Господ ни покажа неверојатна стратегија да ја поставиме и позиционираме фирмата на таков начин што ќе заработуваме пари без да им наплаќаме на клиентите.

Следно, моравме да најдеме начин да ги забрзаме долгите рачни пресметки што ги правев со податоците на моите клиенти. Знаев дека ќе морам да направам компјутерска програма за

пресметување, но не знаев ништо за компјутерите или како да најдам некој што има способност да го направи тоа. Повторно, Бог направи неверојатна работа. Некој кој слушнал за нас ми се јави од далечно место. Како клиент, сакаше да види што сме сториле. Му се допадна тоа што го работевме, и додека разговаравме, дознав дека тој е компјутерски програмер и дека има своја фирма за програмирање со скратено работно време. Разговарав со него за нашата потреба, а тој со многу ентузијазам рече дека сака да ни помогне во она што го правиме. Му реков дека штотуку ја започнуваме нашата фирма и дека сѐ уште немаме средства да му платиме за она што се понуди да го направи, иако тој ни даде огромен попуст. Меѓутоа, тој и понатаму сакаше да ни помогне, и рече дека можам да му платам кога ќе имам пари. Така и направивме.

Луѓето го сакаа нашиот бизнис. На крајот на краиштата, зошто да не? Беше бесплатен, а луѓето сакаа да штедат пари и да се ослободат од долговите. Бизнисот многу брзо напредуваше, затоа можевме да се ослободиме од долговите за две и пол години. Не за долго време имавме над 300 претставници што го споделуваа нашиот план низ целата земја. Освен што можевме во готово да платиме за нашите автомобили, продолживме да го градиме и плаќаме нашиот дом од соништата. Нашата фирма растеше, а тоа ни овозможи да даваме стотици илјади долари за поддршка на евангелието и служителите низ годините.

„Планот за долг“, како што го нарекуваме, сѐ уште се произведува денес бесплатно, 30 години подоцна. Фирмата растеше во својата мисија како што одминуваа годините.

Ние продолживме да се фокусираме на пензиските инвестиции по финансискиот пад во 2001 година, а потоа, се разбира, падот во 2008 година, каде што милиони луѓе изгубија 50% до 80% од нивните пензиски заштеди. Истражувавме сигурни опции за инвестирање и го започнавме тој аспект од нашиот бизнис во 2001 година. Со гордост можам да кажам дека од над сто милиони долари што моментално ги управуваме за нашите клиенти, ниту еден од нив не изгубил ниту цент од своите инвестиции во изминатите 16 години на финансиски хаос кај нас и во светот.

И, како и нашиот план, нема такса, административна такса или брокерски надоместок, или годишна провизија за нашите клиенти инвеститори. Ако сте уморни од коцкање со вашите пари за пензија, одете на веб страницата Forwardnancialgroup.com за повеќе информации.

Неверојатно нели? Една едноставна идеја од Светиот Дух ги промени нашите животи засекогаш! Да, моравме да бидеме упорни, но Бог ни покажа каде да одиме. „Гери, какво е чувството, да бидеш без долгови?" Мир! Починка! Размислете за тоа. Од тешка финансиска дисфункција до целосно без долгови, плаќавме во готовина за нашите автомобили, нашиот дом и сѐ друго што ни требаше. Девет долги години бев под екстремен притисок секоја минута од секој ден. Немав одмор. Не беше важно кој ден во неделата е, или дали е празник. Немав мир. Моите финансиски проблеми ме следеа секаде каде што одев. Трпев постојан срам и понижување поради нашата финансиска состојба. Стравот ми беше постојан придружник, а нападите на паника и антидепресивите начин на живот во екот на мојот очај.

**ЕДНА ЕДНОСТАВНА ИДЕЈА ОД СВЕТИОТ ДУХ ГИ ПРОМЕНИ НАШИТЕ ЖИВОТИ ЗАСЕКОГАШ! ДА, МОРАВМЕ ДА БИДЕМЕ УПОРНИ. НО БОГ НИ ПОКАЖА КАДЕ ДА ОДИМЕ.**

Со сите финансиски промени и, се разбира, имајќи ги на место сите работи што ни се потребни во животот, можеби ќе бидете во искушение да мислите дека нашите финансии сами по себе се победата. Да, на крајот на краиштата, да ги имаме нештата што ни беа потребни беше огромна победа, но вистинската возбуда беше да видиме како функционира Божјото Царство. Гледајќи како функционира Царството одново и одново, Дренда и јас честопати велевме: „Дали го виде тоа?"

Исто како што се вклучува прекинувачот за светло, сѐ е јасно

кога има светлина; можеш да гледаш. Да имате можност да гледате откако сте биле слепи и сте живееле без одговори, тоа е прекрасно искуство. Наоѓајќи го нашето вистинско богатство, Царството Божјо, беше едноставно неверојатно. Да се обидам да ви кажам како се чувствував е едноставно – за прв пат во мојот живот, имав одмор!

Драмата престана. Во минатото, ако ни се дупнеше гумата, настануваше емоционална криза. „Од каде ќе најдеме пари? Има ли простор за импровизирање со картичките?“ Но, денес, ако поради некоја причина автомобилот се расипе, само би ја прашал жена ми: „Каква боја сакаш да биде автомобилот овој пат?“ Без драма, без паника, без долгови, само починка. Можеме да останеме на задачата и на нашата цел. Повеќе не живеевме живот на преживување, можеме да се фокусираме на ЖИВОТОТ.

> *„Затоа ви велам: немојте да се грижите за вашата душа – што ќе јадете или што ќе пиете; ниту за телото, во што ќе се облечете. Зар не чини вашата душа повеќе од храната, и телото – од облеката? Погледнете ги птиците небески: тие ни сеат, ни жнеат, ниту во амбар собираат, но вашиот Небесен Отец ги храни. Зар не сте вие многу поскапи од нив?“*
> — Матеј 6:25-26

Во текот на изминатите 36 години, седев и разговарав со илјадници луѓе за нивните финансии на многу лично ниво. Сум зборувал пред илјадници луѓе ширум светот, а единствената работа што ја забележувам секаде е дека сите бараат починка! Сите со нетрпение го очекуваат викендот, одморот или пензионирањето – да застанат и да се одморат.

Неколку неодамнешни студии што ги прочитав покажуваат дека околу 70% од американците не ја сакаат својата работа, а од тие 70%, 20% не се ангажирани и се претпоставува дека ја мразат својата работа. Зошто одат на место што го мразат? Под каков стрес живеат штом поднесуваат толкава емоционална болка секој ден? Да кажам отворено, тие се робови. (Сите бевме. Пораснавме во свет каде што единствениот начин да напредуваме е да имаме

довolно пари за да имаме опции. Но, за повеќето луѓе, тоа

## ЖИВОТ СО ФИНАНСИСКИ СТРЕС... ТОА НЕ БЕШЕ БОЖЈИОТ ПЛАН НА ПОЧЕТОКОТ, А НЕ Е БОЖЈИОТ ПЛАН ЗА ВАС НИТУ ДЕНЕС.

едноставно не е така.) Нивниот сон за напредок полека бледнее и преминува во живот на опстанок заглавени на работни места во нивните триесетти, четириесетти, па дури и педесетти години од животот.

Една неодамнешна статистика вели дека 69% од американското население нема ни илјада долари заштеда.[1] Стресот и емоционалната траума под кои живеат повеќето луѓе го искривуваат нивното чувство за идентитет и самопочит. Соништата се оставаат на полиците за итни потреби и меѓу луѓето владее досадно разочарување. Радоста е непостоечка.

Еден ден, се сеќавам дека разговарав со еден пастор за финансиите. Ми кажа дека ја сака службата и ги сака луѓето, но секој ден се будел со возбуда сѐ додека не се сети на својата финансиска состојба. Тој ми рече дека тоа е како голем црн облак што ја покрива сончевата светлина, а во неговиот ум се формирале обесхрабрувачки мисли што го држеле во заложништво на менталниот склоп на преживување, финансиската безнадежност и ропство без визија.

Животот е заменет со гледање како другите победуваат. Холивуд заработува милијарди покажувајќи им на масите како други луѓе победуваат на големото платно. Луѓето што не можат да се видат себеси како победуваат лично наоѓаат неколкуминутно бегство од нивната мака и ги живеат своите соништа гледајќи совршени луѓе како живеат совршени животи на големиот екран.

Спортот моментално привлекува милијарди долари годишно

[1] Ниал Мекарти, „Анкета: 69% од Американците имаат помалку од 1.000 долари заштеда", Форбс, 23 септември 2016 година, https://www.forbes.com/sites/niallmccarthy/2016/09/23/survey-69-of-americans-have-less-than-1000-in-saving-- info graphic/#30d27351ae67.

од гледачите ширум светот. Во 2017 година, НФЛ заработи над 7,8 милијарди; Суперболот околу 15,5 милијарди; а тоа е само еден натпревар![2,3] Луѓето сакаат да го бодрат својот омилен тим до победа.

Но, она што треба да го разбереме е дека сите ние сме предодредени и создадени да победиме – да бидеме во борба, да бидеме во натпреварот и на крајот да победиме. Финансиската безнадежност е нормата, а не исклучокот, за повеќето луѓе – така што единственото бегство е живеење на животот за кој сите сонуваме преку животите на другите. Која е мамката да се добие лото? Зошто ТВ-шоуто *Кој сака да биде милионер* беше толку популарно? Зошто шемите за збогатување сѐ уште се искушение денес? Одговорот? ПОЧИНКАТА! Сите се уморни од трчање, сите се уморни од тоа борбата за преживување да им ги краде соништата. Но, живот со финансиски стрес не е нешто ново; всушност, постои отприлика онолку долго колку што е човекот на земјата. Меѓутоа, тоа не беше Божји план на почетокот, а не е Божји план за вас ниту денес.

[2] Мајкл Дејвид Смит, „Packers' Books Show NFL тимовите поделени национални приходи од 7,8 милијарди долари", NBC Sports, http:// profootballtalk.nbcsports.com/2017/07/12/packers-books-show-nfl-teams-split -7-8 милијарди-национални-приходи/.

[3] Џо Д'Алегро, „Милијарди од Супер Боул: Големиот бизнис зад најголемиот натпревар на годината", CNBC, 22 јануари 2017 година, ажурирано на 2 февруари 2017 година, https://www.cnbc.com/2017/01/ 20/super-bowl-billions-the-big-business-behind-the-big-game. html.

## ВТОРО ПОГЛАВЈЕ

# ПРАВАТА ВО БОЖЈОТО ЦАРСТВО

Безнадежни – така би ги опишал нашите животи пред да разбереме како да се одмараме. Девет години се долго време за некој да живее во финансиски хаос и стрес. Се сеќавам дека многу пати гледав на фармата од 85 хектари што ја изнајмувавме за 300 долари месечно, едвај ја плаќавме таа сума, која беше исклучително евтина, и се прашував дали некогаш ќе можам да поседувам вакво земјиште.

Сопственикот на имотот требаше да изгради терен за голф и сакаше некој да живее таму, само да внимава на имотот додека не го започнат проектот, за околу три до пет години. Старата фарма беше вклучена во договорот во состојбата „каква што беше“, и во тоа време тие не сакаа да плаќаат за никакви поправки. Ние ја зедовме, и по одредено сериозно фарбање и чистење, старата куќа имаше свој уникатен шарм. Нашиот план беше да останеме таму три години, а потоа да се преселиме, но дури и после осум поминати години, сѐ уште не бевме ниту блиզу да поседуваме ништо наше.

Откако Бог ми зборуваше за Царството, и почнавме да ги проучуваме и применуваме начелата и законите на Царството, работите почнаа да се менуваат. На почетокот, како што нашата финансиска состојба почнуваше да се подобрува, толку бевме воодушевени од најмалите победи. Се сеќавам дека купив машина за миење садови за куќата на фармата, и јас и Дренда

бевме многу среќни, особено таа! Иако понекогаш помагав во миењето садови, бев зафатен и со бизнисот. Имајќи четири деца дома во тоа време, таа секогаш миеше садови. Кога ја купивме машината за миење садови, се сеќавам дека кажав нешто како: „Можете ли да верувате дека штотуку во готово платившме за нова машина за миење садови?“ Знам, размислувате: „Леле, што е толку големо во купувањето машина за миење садови?“ Па, за да имате вистинска перспектива на нештата, ќе треба да ги погледнете другите апарати во кујната на нашата фарма. И нашиот шпорет и фрижидер беа зелени како авокадо и беа стари 25 години. Така, за споредба, купувањето нова машина за миење садови беше огромна победа за нас.

Во претходното поглавје, споделив како Бог ми даде сон и план да започнам бизнис што ќе стане одговор на нашиот финансиски хаос. Можеби мислите: „Би сакал Бог да ми каже нешто такво“. Добрата вест е дека Тој сака да го стори тоа, но има некои работи што мора да ги знаете во врска со тоа како функционира Царството пред да можете да го искористите тој вид на помош. Упатството што го добив тој ден во сонот се случи само поради она што Бог нè учеше за Неговото Царство и беше директен резултат на примената на она што Тој ни го покажа. Иако за Царството зборував многу детално во мојата последна книга, треба и овде малку да се осврнеме на тоа за да имаме платформа врз која ќе градиме.

Луѓето ме прашуваат што мислам кога велам Божјо Царство. Не знаев за Божјото Царство иако бев христијанин. Знаев дека ќе одам во рајот кога ќе умрам, но немав разбирање за Царството Божјо и како тоа всушност функционира. За да го разберете овој концепт, треба да разберете што значи зборот *царство*. Во буквална смисла, тоа значи владеење на царот. Царството на царот функционира според зборот на тој цар. Неговите зборови стануваат закон што управува со неговата територија и животите на неговите жители. Друга работа што треба да ја разберете за царството е дека толпа од милион луѓе не прават царство. Царство подразбира влада со закони што ги спроведува законите на царот до секој правен граѓанин на тоа царство.

Овој концепт дека Бог има Царство со воспоставени закони кои се достапни за секој правен граѓанин на тоа Царство се чини дека е неразбран од повеќето христијани. Повеќето христијани веруваат дека Бог одлучува на кои молитви одговара или на кого ќе покаже наклонетост. Тие веруваат дека ако постат многу долго или вршат повеќе духовна работа за Бога, тогаш ќе ја имаат Неговата наклонетост. Пријатели мои, вие веќе ја имате Неговата наклонетост.

*„И така, вие веќе не сте туѓи и придојдени, туку сте им сожители на светиите и членови на Божјото семејство.“*

— Ефесјаните 2:19

Вие не сте само граѓани на Неговото Царство, туку сте и членови на Неговото семејство, синови или ќерки на Царот. Галатјаните 4 многу јасно ни кажува што значи ова за вас и мене.

*„Но ви велам: наследникот, додека е млад, со ништо не се разликува од робот, макар што е господар над сѐ; туку е под настојници и чувари до определениот рок од неговиот татко. Па така и ние, додека бевме малолетни, бевме поробени од стихиите на светот; но, кога се исполни времето, Бог Го испрати Својот Син, Кој се роди од жена и се потчини на Законот, за да ги откупи оние што се под Закон, та да го примиме посинувањето. А бидејќи вие сте синови, Бог Го испрати Духот на Својот Син во срцата ваши, Кој вика: Ава, Оче! Затоа не си веќе роб, туку син; ако си, пак, син, тогаш си и наследник Божји преку Исус Христос.“*

— Галатјаните 4:1-7

Како синови и ќерки, вие сте наследници на целиот имот и имате законски права како граѓани на Неговото Царство! Размислете малку за тоа – веќе имате сѐ. Сѐ што ви треба веќе го имате. Затоа престанете да просите и кукате. Не можете да се молите за нешто што веќе го имате. Бог не носи одлука од случај до случај за тоа на кого ќе му помогне или не. Секој кој е син

**ЧУВСТВАТА СЕ УБАВИ И САКАМ ДА ГО ЧУВСТВУВАМ БОЖЈОТО ПРИСУСТВО, НО КОГА СТАНУВА ЗБОР ЗА ПРАВНИ РАБОТИ, НЕ ТРЕБА ДА СЕ ЧУВСТВУВАМ СПАСЕН ЗА ДА БИДАМ СПАСЕН.**

или ќерка на Бог веќе ја има Неговата помош.

Дозволете ми да го споредам ова со тоа да се биде државјанин на САД. Ако сте граѓанин, тогаш вие може да сметате дека владата на Соединетите Американски Држави ќе го спроведува она што го вели законот. Со вашето државјанство следуваат и бенефиции. Значи, не можете да постите и да се молите доволно долго за да ја заслужите Неговата помош; Тој веќе ви дал сè бесплатно преку она што го направи Исус. Затоа уживајте. Веќе имате сè!

> *„И нè воскресна со Него и нè постави на Небесата во Христос Исус, за да им го покаже на идните векови преизобилното богатство на Својата благодат во добрина кон нас преку Христос Исус.“*
>
> — Ефесјаните 2:6-7

Таа фраза, „*нè постави на Небесата*“ зборува за вашата правна положба во Божјото Царство. Исус седи од десната страна на Отецот, а и вие, бидејќи сте тело Христово. Затоа сме и сонаследници со Исус на сè што има Бог. Знам дека ова е неверојатно, но тоа е вистина. Имате сè; вие сте семејство, а тоа е семеен бизнис! Но, бидејќи ѓаволот се обидува да го скрие сето она што сте и сè што имате, повеќето луѓе, дури и христијаните, живеат како оние што сè уште се врзани од проколнатиот систем на преживување на земјата!

Клучот што ми го промени животот беше кога сфатив дека

Царството било и сѐ уште е систем на владеење во кој важат закони, и јас, како граѓанин, имам законски права и придобивки во тоа Царство. Чувствата се убави и сакам да го чувствувам Божјото присуство, но кога станува збор за правни работи, не треба да се чувствувам спасен за да бидам спасен. Тоа е правно прашање. Не мора да се чувствувам дека да сум државјанин на Соединетите Држави за да бидам државјанин. Веќе знам дека тоа е правна работа што е загарантирана со фактот дека сум роден овде. Кога сте во исправна положба пред Бога и вашиот живот се заснова на законите наместо на тоа како се чувствувате, работите се менуваат!

> *„И тоа е увереноста, која ја имаме пред Него, дека ако побараме нешто по Неговата волја, Тој нѐ услишува. А кога знаеме дека ни услишува што и да побараме, знаеме дека ќе добиеме, што и да сме побарале од Него.“*
>
> — 1 Јован 5:14-15

Размислете за овој стих; станува збор за еден од моите омилени стихови. Ако побарам нешто според Неговата волја, знам дека ме слуша! Ова не се однесува на аудио звучните бранови што ги слушате со вашите уши. Ова е правна изјава. Замислете си судија која претседава во неговата судница. Ако судијата одлучи да прими некој случај, тоа значи дека се согласил да го реши спорот врз основа на она што го кажуваат законите. Во нашиот случај, бидејќи баравме според законите на Царот, веќе знаеме дека Тој ќе го спроведе Својот сопствен закон. Затоа, ние сме уверени во исходот; нема што да нагаѓаме.

На пример, Соединетите Држави не се царство затоа што немаме цар, но функционираме според закони кои се еднакви и достапни за секој правен граѓанин. На сличен начин, Божјото Царство функционира според закони, што се достапни за секој граѓанин без пристрасност. Приказните што ги читаме во Библијата не се тука само за да нѐ забавуваат, туку за да ни ги илустрираат тие закони за да можеме да ги научиме и да ги користиме. Исус ја употребуваше фразата „Божјото Царство

наликува" многупати додека им објаснуваше на луѓето како функционира Царството. Исус мислеше на законите на Царството кога ги кажуваше параболите, давајќи визуелна слика за тоа како функционираат законите или идентификувајќи зошто нешто се случило. Повторно, поради некоја причина, луѓето немаат поим дека Божјото Царство има закони што го регулираат неговото функционирање. Многумина мислат дека Бог може да направи сѐ што сака и кога сака затоа што Тој е Бог. Ќе се согласам дека Бог има моќ да прави сѐ што сака да прави; сепак, Тој е ограничен со Неговите сопствени закони. Знам дека ова може да ви звучи чудно, но за да ја искажам мојата поента, ајде набрзина да прочитаме во Марко 6.

> *А Исус им рече: „Пророкот никаде не е без почест, освен во својата земја, меѓу роднините и во својот дом." И не можеше тука да изврши никакво чудо; освен што излекува малку болни, полагајќи ги рацете врз нив. И се чудеше на нивното неверие."*
>
> — Марко 6:4-6

Додека ги читавте овие стихови, неколку работи требаше да ви отскокнуваат давајќи ви мал увид за тоа како функционира Царството.

**И <u>не можеше</u> тука да изврши никакво чуда...**

Како прво, многу христијани не го ни виделе овој стих и однапред би се расправале со вас дека ако кажете дека има ситуации во Библијата каде што Исус не може да исцели, ќе кажат дека грешите. Но, како што можете да видите, Тој не можеше да ги исцели. Откако ќе разберете дека Царството функционира според закони, тогаш ќе почнете да гледате подлабоко во оваа приказна. Стандардното разбирање за повеќето христијани би било дека Исус избрал да не ги исцели. Тоа би имало смисла доколку немате разбирање за законитоста на Царството. Знаејќи дека Исус имал моќ да лекува, но не го сторил тоа, без разбирање

на правниот аспект на Царството, природно ќе заклучите дека Тој избрал да не исцелува. Што друго би можело да биде?

Можеби сте слушнале како некои вели: „Бог дозволил ова да се случи“, или „Господ најдобро знае“, или „Бог има сѐ под своја контрола“ или нешто слично кога говорат за некој проблем или тешкотија низ која поминуваат тие или некој нивни пријател. Обичните христијани застануваат овде. Не знаејќи ги законите на Царството и што всушност било препрека за Исус, единствениот заклучок што можат да го извлечат е дека сигурно не била Божјата волја да ги излекува. Пријатели, Библијата не вели дека Тој избрал да не исцели. Се вели дека Тој не можел да ги излечи поради нивниот недостаток на вера. Треба да сфатите дека пречката за исцелување во оваа приказна не е недостатокот на Божја желба да го стори тоа, туку дека постоеле духовни закони што ја запреле Божјата моќ.

**ТОЈ НИ ДАВА ВЕТУВАЊЕ ЗА ИСЦЕЛУВАЊЕ, ОБНОВА, РАСТ ВО ФИНАНСИИТЕ И МНОГУ ПОВЕЌЕ - НЕ САМО ДА ИМАМЕ СПОСОБНОСТ ДА ИЗДРЖИМЕ НИЗ ТЕШКОТИИ ИЛИ ДА ПОДНЕСЕМЕ НЕКОЈА КАТАСТРОФА.**

Во други приказни, ќе сфатите дека имало правни причини зошто Божјата сила имала јурисдикција да ја спроведе или не Неговата волја и желба во некоја дадена ситуација, исто како и во оваа. Затоа, многу важно е итно да откриете како функционираат овие закони на Царството. Еден ден кога можеби ќе ви треба допир од Небото, не е добро небесната моќ да биде краток спој, туку да имате слобода да ја произведете Божјата волја во вашиот живот. И токму затоа ја напишав оваа книга.

За навистина да го започнете вашето патување, би ви препорачал да започнете без однапред донесени заклучоци

и да сфатите дека треба да ги исфрлите старите религиозни одговори што сте ги слушале цел живот во врска со тоа зошто Бог прави или не прави нешто. Се надевам дека сега знаете дека треба да го отфрлите вообичаеното објаснување што обично се дава кога се зборува за тоа зошто малиот Џони умрел на млада возраст: „Бог најдобро знае, Тој има контрола“ итн. Не, треба да ЗНАЕТЕ зошто Исус не можел да исцели и да ги познавате законите кои управуваат со течението на Божјата моќ овде на земјата. Треба да го знаете одговорот на прашањето: „Зошто Исус не можел да исцели?“ За многу луѓе, фактот што јас дури велам дека има одговор на тоа прашање предизвикува да бидат соблазнати. Но, јас само ви го кажувам она што го вели Библијата и дозволете ми да повторам дека вие апсолутно МОРА да го знаете одговорот на тоа прашање.

Едноставниот и краток одговор кој објаснува зошто Исус не можел да исцели во таа приказна е дека Небото немало законска надлежност да го стори тоа. Таквата надлежност се дава преку верата од страна на оние мажи и жени на земјата што се целосно убедени во она што го кажува Небото. Иако сите ќе се согласиме дека Исус имал моќ и желба да ги лекува луѓето, не можел секогаш да го прави тоа. Самиот Исус вели дека неуспехот да лекува не е Негова слабост, туку показател на недостаток на вера кај луѓето. Запишете го тоа! Тоа е клучот! Вера!

Во мојата претходна книга, потрошив многу време објаснувајќи што е верата, како таа функционира, зошто ни треба вера, зошто Бог бара вера, како добиваме вера и како знаеме дали сме во верата. Не можам доволно да ви потенцирам колку е важно вашето разбирање на овој најосновен закон на Царството. Тоа е живот и смрт!

Неодамна добив билтен од една добро позната христијанска служба. Неговата содржина беше типична за она што повеќето христијани веруваат, за жал. Дозволете ми да споделам дел од тоа овде.

Започнува со голем збор од **Повторени закони 31:6**:

*„Бидете цврсти и храбри, не плашете се и не ужасувајте се од*

*нив, зашто Господ, твојот Бог, Самиот ќе тргне пред вас, и нема да отстапи од тебе и нема да те остави.“*

Понатаму текстот во билтенот вели: „Зошто Бог не го запре тероризмот и судењето? Зошто дозволува луѓето да умираат? Прашања има многу, а вистината е дека едноставно не ги знаеме сите одговори. Не знаеме зошто Бог дозволува одредени работи да се случат. Она што го знаеме е дека Божјата љубов е совршена. Неговите патишта се над нашите патишта. Мораме да веруваме во Неговите ветувања кои не ни кажуваат дека Тој нема да ни даде повеќе отколку што можеме да поднесеме, туку дека што и да ни даде, Тој ќе биде со нас на секој чекор“.

ПОГРЕШНО, ПОГРЕШНО, ПОГРЕШНО! Всушност, Библијата ни го кажува токму спротивното.

*„Друго искушение вас не ве зафати, освен човечкото; но верен е Бог, Кој нема да допушти да бидете искушувани повеќе од силата ваша, а заедно со искушението ќе ви даде и излез, за да можете да издржите.“*

— 1 Коринтјаните 10:13

Тој ни дава ветување за исцелување, обнова, раст во финансиите и многу повеќе - не само да имаме способност да издржиме низ тешкотии или да поднесеме некоја катастрофа. Совршената љубов нуди решенија. Можам да зборувам уште многу за ова, но, за жал, мнозина токму тоа го веруваат за Бога. Јас не можам да сфатам како некој воопшто може да помисли дека Бог, чија љубов е совршена, им дава рак на луѓето или одбива да ги излечи кога има моќ да го стори тоа. Кога ќе ги прашате за ова, повторно, нивниот вообичаен одговор е дека Неговите патишта не се наши патишта. Дали се шегувате? Ние немаме совршена љубов и не би му го направиле тоа на нашето дете! Напротив, Тој ги прави Своите патишта многу јасни во Своето Слово.

Билтенот имплицираше дека што и да дозволи Бог да ни се случи во животот, Тој ќе биде со нас додека поминуваме низ тоа. Дали Бог ќе ни даде нешто што е лошо? Не. Кога Библијата ни

кажува дека Тој е со нас и никогаш нема да нѐ остави, тоа значи дека Бог е тука со нас за да ги поткрепи Неговите ветувања! Пријатели, оваа доктрина дека Бог е наш непријател не е од Бога. Не го претставува Оној Бог на Кој му служам и се надевам дека нема да ја трпите. Ако вашата црква учи такво ѓубре, треба веднаш да си заминете!

Бог е љубов и Словото вели дека љубовта никогаш не изневерува. Меѓутоа, она што не успева е Божјата надлежност, Неговата способност да интервенира на земјата, што, пак, е плод на нашата вера. Повторно, ова е правно прашање, а не прашање на еуфорија, прашање на чувство или нешто друго. Тоа едноставно е правно прашање што мора да го знаете. Бидејќи човекот има надлежност на земјата, Бог не може да го направи она што сака да го направи, како што веќе споделив. Вашата согласност со Небото и вашата вера, се потребни за да се даде надлежност на Небото за да ја доведе Божјата сила во дадената ситуација и да создаде праведност. Пријатели, **мора** да знаете што е верата и зошто е потребна таа за да примиме нешто од Бога.

Во случај да не сте ја прочитале мојата претходна книга (*Вашата Финансиска Револуција: Моќта на верноста*), дозволете ми да дадам само мал преглед за тоа што е вера. Иако може да претпоставите дека речиси секој христијанин што го користи зборот вера знае што е тоа, сепак би погрешиле. За да разбереме еден важен концепт во врска со правните ингеренции, мораме прво да имаме една кратка лекција по историја.

Ајде да погледнеме во **Римјаните 4:18-21**:

> *„Авраам, без никаква основа за надеж, поверува со надеж дека ќе стане татко на многу народи, според реченото: „Такво ќе биде твоето потомство.“ И откако не ослабна верата негова, тој не помисли дека телото негово е веќе безживотно, зашто беше речиси стогодишен, и дека утробата Сарина е речиси веќе безживотна; и во ветувањето Божјо не се посомнева со неверие, туку остана со цврста вера и Го*

> *прослави Бога, наполно уверен* дека Тој е силен да го изврши она што го ветил.“

Авраам е познат како татко на нашата вера. Тој беше целосно убеден дека Бог има моќ да го направи она што го ветил. Да се биде целосно убеден, во согласност со Бога, се нарекува вера. Без тој договор, Бог не може да направи ништо на земјата. Затоа, може да прашате: „Зошто на Бог би Му требал некој да прави нешто што ќе Му дозволи да направи нешто или ќе Го спречи да прави сѐ што сака? Тој е Бог“. За да одговориме на тоа прашање, треба да погледнеме на почетокот, во времето на Адам.

> *„Си го направил за кратко малку подолен од ангелите, но со слава и чест си го овенчал и си го поставил над делата од Твоите раце; сѐ си потчинил под нозете негови.“ А кога сѐ му потчини, ништо не му остави непотчинето; но сега уште не гледаме дека сѐ му е потчинето.“*
>
> — Евреите 2:7-8

Овој стих се однесува на Адам и Ева при создавањето. Ве молиме имајте предвид дека немаше ништо на земјата што не беше под нивна законска надлежност. Адам беше поставен на земјата за да владее со неа со делегирана власт во име на Божјото Царство. Тој владееше со целата земја.

> *Потоа Бог рече: „Да создадеме човек според Нашиот образ, според Нашето подобие како што сме Ние, кој ќе биде господар над морските риби, над небеските птици, и над добитокот – над целата земја и над сите гадинки што лазат по земјата!“*
>
> — Создавање 1:26

Така повторно, гледаме дека Адам владееше со земјата со делегирана власт и беше крунисан со слава (помазание или моќ) и чест (позиција на авторитет). Немаше ништо што не беше под негов авторитет. Всушност, ако го прочитате извештајот за создавањето, всушност Адам ги именуваше животните, бидејќи

владееше над целата планета. Како што сите знаеме, Адам го изгуби своето место на власт над сатаната, кој ја измами Ева и го искушува Адам да изврши предавство против Божјото владеење, што и го направи. Павле пишува во 2 Коринтјаните 4:4 дека сатаната, преку предавството на Адам, станал бог на овој свет. Тој не рече дека сатаната е бог, туку дека е бог на овој свет, што значи дека има легален духовен авторитет овде. Иако човекот сѐ уште живееше на земјата, духовно, тој беше мртов за Бога. Човечкиот дух, кој беше создаден да живее во единство со Божјиот Дух, сега беше одвоен од Него. Човекот почна да живее според сопствените сетила, ум, волја и емоции.

> *Потоа ѓаволот Го одведе на една висока планина и му ги покажа за миг сите царства во светот. И Му рече ѓаволот: „Тебе ќе Ти ја дадам сета оваа власт и нивната слава, зашто мене ми е предадена, и ја давам кому што сакам. Ако ми се поклониш, сето тоа ќе биде Твое.“*
>
> — Лука 4:5-7

Ќе забележите дека сатана вели дека позицијата што ја има над земното царство му била „**<u>дадена</u>**“. Се разбира, знаеме дека тој што му ја даде беше оној што легално ја поседуваше на почетокот, а тоа беше Адам. Тоа е многу важно. Ако, всушност, сатаната се обидеше незаконски да се пробие на територијата на земјата, тој веднаш и насилно ќе беше исфрлен. Ако можете да замислите некој полициски службеник кој бара засилување, ќе имате добра идеја зошто велам дека сатаната ќе беше принуден да замине. Значката што ја носи службеникот имплицира дека целата сила и моќ на владата на Соединетите Држави се таму за да ги поткрепи неговите зборови.

Круната што ја носеше Адам (позицијата што ја имаше), владеејќи како претставник на Бог, значеше дека Тој ја има целата Божја моќ како поддршка. Поради положбата на Адам на земјата, сатана немаше никаква јурисдикција на земјата. Со неа владееја Адам и Ева. Единственото правно средство на сатаната

да стекне надлежност на земјата беше откажување на Адам од својата круна, нешто што сатаната немаше овластување да го присили да го направи. Сатаната знаеше дека единствената личност што можеше да ја отстрани таа круна од главата на Адам беше самиот Адам. Затоа сатаната мораше да посегне кон својот план за измама. Каква беше таа измама? Сатана им кажа дека не можат да Му веруваат на Бог бидејќи Тој не им го мисли најдоброто. Ја убеди Ева дека ќе има голема корист од непослушноста кон Бог и дека Божјите закони ги лишуваат неа и Адам од нешто добро.

**Сатаната мораше да ги убеди Адам и Ева да му веруваат нему повеќе од Бог.**

Едноставно кажано, ова е вера: верата може да се дефинира како „целосно убеденост“ во она што го вели Бог. Адам и Ева го свртија грбот на Божјиот Збор како нешто веродостојно, и наместо тоа поверуваа во она што го говореше сатана. Тие потоа постапија според нивното верување, што ја поништи нивната правна позиција во Царството Божјо, и притоа му дадоа на сатана правна основа да влијае на земјата помеѓу луѓето. Какви беа последиците од тоа? Адам, кој имаше власт над земјата, духовно Го исфрли Бог кога се усогласи со сатана! Адам ја предаде својата круна, неговото место на власт, за да го следи сатаната. Со тоа, тој во основа го избрка Бог од својот живот. Многу луѓе ќе кажат: „Не, тоа не е така; Адам не можеше да го исфрли Бог од земјата!“ Но, што се однесува до луѓето, тој сигурно го направи тоа. Дозволете ми да ви го докажам тоа. Ајде повторно да погледнеме во **Создавање 3:17-19**. Откако Адам згреши, Бог дојде кај него и му рече:

> *Па потоа му рече на Адам: „Бидејќи ја послуша жената твоја и вкуси од дрвото, од кое ти забранив и реков: – не јади од него – затоа земјата е проклета поради тебе; со мака ќе се храниш од неа сѐ до крајот на својот живот; трње и бодлики ќе ти раѓа; и ти ќе јадеш трева полска. Со пот на*

*лицето свое ќе јадеш леб, сѐ дури не се вратиш во земјата!*"

Забележете дека пишува, „*Затоа земјата е проклета <u>поради тебе</u>*".

Да се биде проколнат едноставно значи отсуство на Божјото присуство и благослов. Токму Адам, кој ја имаше власта над земјата, го прекина Божјото правно владеење над земното царство. Во основа, Бог вели: „Еј, Адам, поради тебе рацете ми се врзани. Не можам да ти помогнам". Потоа, Тој му кажува на Адам дека неговиот опстанок сега ќе зависи од него, со напорна и мачна работа. Ова јас го нарекувам „проколнатиот земен систем" за опстанок. Сите ние пораснавме таму – во царството на опстанок и страв. Научивме да се грижиме, а стравот владее со нашите мисли уште од раѓање. За кратко ќе се вратиме на овој стих за да разговараме за системот на проклетството на земјата, но засега, сакам да бидам сигурен дека разбирате како сатаната го доби пристапот до земјата. Повторно, тој мораше да најде маж или жена на земјата кои имаат правна надлежност од Бог за да му ја отворат вратата. Адам го имаше тој клуч, а сатаната успеа да го измами за да ја отвори таа врата. Сега, повторно да погледнеме во Евреите 2:7-8.

> *„Си го направил за кратко малку подолен од ангелите, но со слава и чест си го овенчал и си го поставил над делата од Твоите раце; сѐ си потчинил под нозете негови." А кога сѐ му потчини, ништо не му остави непотчинето; но сега уште не гледаме дека сѐ му е потчинето."*
>
> — Евреите 2:7-8

Забележете дека овде пишува дека Бог не остави ништо што не му е потчинето. Иако овие стихови се однесуваат на настан од многу одамна, се користи зборот е во сегашно време за да го опише моменталниот статус на човекот на земјата. Иако човекот го изгуби својот духовен авторитет на земјата преку гревот на Адам, тој не го изгуби правото да ја насели самата земја, затоа и го имаме овде зборот е. Поради оваа правна положба што

човекот ја има на земјата, и поради легалното духовно упориште на сатана врз луѓето, Бог не може туку-така да упадне на земјата и да го прекрши Својот Збор затоа што сатаната би тврдел дека Бог не постапува согласно Своите принципи.

Бог треба да најде маж или жена на земјата што ќе бидат во согласност со Него, а тоа ќе ја отвора духовната врата за Царството Божјо да има правна надлежност овде. Исто како што сатана мораше да делува преку чуварот на вратата, Адам, Бог сега мора да делува преку луѓето, чуварите на земјата, за да добие надлежноста на Царството овде. Кога вашето срце и ум се целосно убедени во она што го кажува Небото тоа се нарекува вера. Верата мора да биде присутна за Божјото Царство да има надлежност овде. Немаме време овде за да објаснам како да стекнете вера или како да знаете дали сте во верата. Сето тоа е опфатено во мојата прва книга од оваа серија. За целите на оваа дискусија, сакам само да се уверам дека знаете што е вера и зошто таа е потребна за Небото да дејствува овде на земјата.

Сега, се надевам дека имате подобро разбирање зошто Исус „не можеше“ да направи многу чуда во својот роден град – луѓето таму немаа вера. Затоа, Небото немаше правна надлежност. Дозволете ми да ја завршам оваа дискусија со еден одличен стих кој ќе го илустрира тоа што го велам.

Сите го знаат Римјаните 10:10:

> *„Бидејќи со срцето се верува за оправдание, а со устата се исповеда за спасение.“*

Овој стих е дел од она што христијаните го нарекуваат Римски пат, дел од четирите стихови кои ни покажуваат како да бидеме спасени. Но, дали навистина сте размислувале за процесот што ни го покажува Римјаните 10:10? Со вашето срце верувате или се согласувате со Небото. Ако вашето срце е во согласност со Небото, тоа му дава правна основа на Небото да влијае овде на земјата. Овој стих ни кажува дека кога верувате во Небото, вие сте праведни. Правдата е спроведување на правото. Така, верувањето во своето срце ви дава законско право пред

Небото и земјата да го имате она што го кажува Небото, бидејќи тоа му дава на Небото правна основа на земјата. Но, забележете дека сѐ уште ништо не се случува. Еве го вториот дел од овој стих: „... а со устата се верува за спасение". Гледате, иако вашето срце може да биде во согласност со Небото, а тоа дава правна основа на Небото да дејствува на земјата, ништо не се случува додека вие, луѓе на земјата што имаат надлежност над земјата, не го ослободите тоа на земјата. Зошто? Затоа што вие овде имате надлежност; без вас Небото не може да дејствува!

> *„Вистина ви велам: сѐ што ќе сврзете на земјата, ќе биде сврзано и на Небото; и сѐ што ќе разврзете на земјата, ќе биде разврзано и на Небото."*
>
> — Матеј 18:18

Во суштина, ова го кажува истото што јас досега го говорев. Што и да сврзете на земјата, Небото ќе го поддржи, и што и да ослободите на земјата, Небото ќе го поддржи. Небото не може да дејствува без вас. Небото ве чека и не може да направи ништо освен ако оние што имаат вера или се во согласност со Небото не го ослободат тој авторитет на земјата.

Разбирањето како да се ослободи Небесниот авторитет и моќ на земјата ја прави целата разлика. Тоа се случи во мојот живот и тоа се случи во следната е-пошта што ја добив.

„Здраво! Мојот сопруг и јас сакаме да ја споделиме нашата неверојатна приказна за „потрага на вера" со вас! Во 2011 година, живеевме во нашиот „дом од соништата", но живеевме од плата до плата и понекогаш ги користевме нашите кредитни картички за да платиме за намирниците и за затоплување на домот. Преживувавме, но не напредувавме. Јас бев водач на славење во нашата црква, но нашата вера не беше поврзана со нашите финансии. Ја видов вашата емисија *Решавање на проблемот со парите* на Daystar, која ми го привлече вниманието, и ја нарачав книгата, *Решавање на проблемот со парите*, заедно со ЦД-ата за *Вашата Финансиска Револуција*. Цело време ги слушавме овие ЦД-а и си ја читавме книгата.

Не знаевме дека не сме во верата! Знаевме дека за да ја задржиме оваа куќа од соништата, ни требаа одговори за тоа како функционираат парите во Царството. Посеавме семе од 200 долари во службата на Вера и Живот (што за нас тогаш беше како 2.000 долари. Многу пари за нас!) и се договоривме со Бог да ни покаже работа што ќе можеме да ја работиме од дома. Господ ни даде бизнис идеја да одгледуваме кученца Goldendoodle од нашиот дом. Купивме 2 кученца, Бела и Грејси, ги чувавме за да се размножуваат и соработувавме со Бога. Знаевме дека не зависи од нас колку кученца ќе има! Ги одгледавме нашите 2 и во 2014 година имавме 13 кученца за продажба по пазарна цена од 1200 долари за едно кутре. Во 2015 година, имаме 63 кученца, СИТЕ здрави. Од продажбата на нашите кученца, се ослободивме од сите наши долгови, освен нашиот дом. Исто така, сега имавме и целосно стабилен фонд за итни случаи.

На наше изненадување, мајка ми нè праша дали би сакале да ги земеме нејзините два кучиња од истата раса затоа што таа не сакаше повеќе да ги чува! Господ нè благослови со уште 2 кучиња бесплатно! И во јули, мојот сопруг беше унапреден во директор во нашето локално средно училиште! За една година нашите приходи пораснаа на шест цифри!! ПОТРАГА ПО ВЕРА ФУНКЦИОНИРА! Живеевме според законите на Божјото Царство. Сега, ние сееме во сите видови на работа на Царството и се вклучуваме на вашата богослужба на интернет секое неделно утро пред да водиме славење во нашата локална црква! Ти благодариме што нè научи како функционира Царството!“

— Карла

Изминатата недела истите луѓе ми пратија нова порака:

*„Среќен Велигден! Тој воскресна! Сакавме да споделиме некои новости за нашиот онлајн пастор Гери! Ве молиме да му кажете дека го прославивме раѓањето на Исус во Ерусалим оваа година (плативме во готово). Исто така, бевме благословени што го крстивме нашиот син тинејџер Картер во реката Јордан и Го славевме Бог со Хилсонг Австралија на Галилејското Море истата вечер! Леле!!! Многу сме благодарни што нашите финансии се подобрија! Сега имаме 121*

*кутриња. Моравме да ја подигнеме цената на кученцата на 2.300 долари бидејќи листата на чекање беше премногу долга! Слава на Бог а.“*

Ова е совршен пример за тоа што може Царството да направи во вашиот живот. Се слушнав со Карла откако ја добив нејзината порака, и таа беше МНОГУ возбудена!!! Таа ми кажа дека целосно ќе го исплатат својот дом оваа година. Ако се сетите на првата е-пошта што таа ја испрати, во тоа време Карла го кажа следново (цитирано од пораката погоре):

*„Живеевме од плата до плата и понекогаш ги користевме нашите кредитни картички за да платиме за намирниците и за затоплување на домот. Преживувавме, но не напредувавме“.*

Сега, само неколку години подоцна, нивниот дом ќе биде целосно платен? Тоа е Царството!

ТРЕТО ПОГЛАВЈЕ

# ЦАРСТВОТО Е ВАШИОТ ОДГОВОР

Сега кога имате основно разбирање за тоа како функционира Царството со закони и принципи кои никогаш не се менуваат, сакам да почнам да се фокусирам на законите кои всушност имаат влијание врз вашите финансии и, конечно, на вашата починка.

Но, пред да одиме таму, сакам да откријам зошто ја нареков оваа книга *Моќта на починката* и што подразбирам под зборот *починка* во контекст на финансиите и Царството. Изненадувачки, јас не го измислив овој концепт што се однесува до починката, туку Бог.

> *„Така се довршија небото и земјата и сето нивно воинство. Седмиот ден Бог ги заврши делата Свои, што ги направи; и си отпочина во седмиот ден од сите дела Свои, што ги создаде. И Бог го благослови седмиот ден, и го освети, зашто во тој ден си отпочина од сите дела Свои, што ги направи и создаде.“*
>
> — Создавање 2:1-3

Прво, дозволете ми да го разјаснам ова: Бог не мируваше на седмиот ден затоа што беше уморен. Господ не се уморува. Одмори затоа што, како што пишува во текстот, сѐ беше довршено

и Тој заврши. Тој го создаде човекот на крајот на шестиот ден од создавањето за да живее во седмиот ден. На седмиот ден Адам не мислеше на страв, не размислуваше како ќе преживее, ниту, пак, мислеше на болест и болно породување, или со пот за да добие храна. Наместо тоа, мислите на Адам беа фокусирани само на Бог, неговата сопруга, неговата задача и цел. Сѐ што му требаше за поддршка на неговата задача и живот беше подготвено и достапно; Божјиот план беше завршен. Луѓето денес сонуваат да го имаат она што го имаше Адам, постоење ослободено од грижа, способност да се фокусираат на своите копнежи и односи без грижа за снабдување. За жал, кога Адам се побуни, тој го изгуби Божјото снабдување и оттогаш човекот е принуден да трча (болен труд и пот) по работите од животот.

> *„Зашто сето тоа го бараат незнабошците, а вашиот Отец небесен знае дека за сето ова имате потреба. Но барајте го најнапред Царството на Бога и Неговата правда, и сѐ ова ќе ви се придодаде.“*
>
> — Матеј 6:32-33

**СИТЕ ОДГОВОРИ ШТО ВИ СЕ ПОТРЕБНИ ЗА ДА НАПРЕДУВАТЕ И ДА ОСТАНЕТЕ НА ЗАДАЧАТА, ШТО ЌЕ ВИ ОВОЗМОЖИ ДА ЈА ОТКРИЕТЕ ВАШАТА ЦЕЛ, СЕ ВО ЦАРСТВОТО.**

Тежината на грижата за снабдување на нашите потреби е тежок товар и ја искривува перцепцијата на човекот за животот. Мамката за богатство, да се биде ослободен од маката на трудот и потта што бара опстанок, е она за што луѓето сонуваат. Да се биде милионер има значење само колку и неговата наводна способност да го ублажи стресот и тежината на снабдувањето, што ни овозможува да се фокусираме на целта и задачата. Лотаријата е исклучително популарна

затоа што обезбедува финансии без труд и бегство од земниот проколнат финансиски систем. Шемите за брзо збогатување изобилуваат во секоја форма и постојано ги бомбардираат нашите е-пошти и објавите на Фејсбук. Значи, во контекст на нашите финансии, треба да одговориме на едно прашање: Дали постои начин да се вратиме на тој седми ден каде што сѐ е целосно, недопрено и достапно? Одговорот е големо ДА! Како тоа се случува и разбирањето на законите на Царството што носат до таков резултат е целта на оваа книга. Знам дека вашето искуство со животот или дури и со црквата и христијаните може да тврди дека она што го велам не е вистина, бидејќи толку многу христијани ја прифатија теологијата „сиромаштијата е света". Но, ве уверувам дека сите одговори што ви се потребни за да напредувате и да останете на задачата, што ќе ви овозможи да ја откриете вашата цел, се во Царството.

> *„Блажени сте вие, сиромашните, зашто ваше е Царството Божјо!"*
>
> — Лука 6:20

Одговорот за сиромаштијата е Царството! Ова е првиот стих што Бог ми го покажа кога почна да ме учи на законот на финансиите во Царството. Се разбира, за да го сфатите овој концепт, треба да знаете што се подразбира под концептот на Царството, кој веќе го спомнав. И мислам дека мора да имате јасно разбирање за тоа што всушност се случи во градината кога Адам згреши. Затоа, дозволете ми да ви дадам брз преглед.

Во почетокот, Адам и Ева не се грижеа за ништо; нивните мисли не беа окупирани од грижата за болести и немаштија. Секој ден, сѐ што требаше да размислуваат беше нивната задача, а тоа беше да Го сакаат Бог, да се сакаат и да се грижат за земјата и градината што им ја даде. Воопшто немаше страв во нивните животи. Но, кога Адам изврши предавство, сѐ се промени. Како што реков, сатаната стана бог на овој свет, човекот беше отсечен од Бога, а Бог беше отсечен од правната надлежност над човекот. Адам беше шокиран од новата реалност за тоа како

функционира животот. Повторно, еве ги зборовите што Бог му ги кажа на Адам откако овој згреши.

> *„Бидејќи ја послуша жената твоја и вкуси од дрвото, од кое ти забранив и реков: – не јади од него – затоа земјата нека биде проклета за тебе; со мака ќе се храниш од неа сè до крајот на својот живот.“*
>
> — Создавање 3:17

Мислите на Адам и Ева почнаа да бидат преокупирани со тешките маки, пот, страв, грижа и менталитет на преживување. Нивната цел, која беше планот што Бог го имаше за нив, се изгуби во трката и битката за опстанок. Прекрасната задача на Адам, неговата цел, беше задушена од грижите за животот и потребите. Тој изгуби фокус на тоа кој е. Единствената цел што ја гледаше беше опстанокот, што бара постојан труд и пот. И денес е отприлика исто.

Денес, како пастор, мислам дека најголемото прашање што луѓето ми го поставуваат е: „Што треба да правам со мојот живот?“ Причината поради која се поставува тоа прашање е затоа што во земното царство уште од Адам, задоволувањето на потребите е целта со која се мери сè друго. Одлуките обично се носат врз основа на пари, а не на цел. Парите и потребата од нив може да ги принудат луѓето да прифатат работни места што ги мразат. Во реалноста, повеќето луѓе немаат поим кои се навистина. Обележете го ова: „Додека не го запознаете Бога, никогаш нема да ги знаете Неговите намери за вашиот живот. Тој е Оној Кој ве создаде“.

Луѓето се многу гладни да дознаат кои се. Во светот се чини дека тие се само бројка, но за Бога тие се многу посебна и единствена творба со вештини и потенцијал што никој друг ги нема. Но, бидејќи тие не Го познаваат Бога, а со тоа и не се познаваат себеси, својата вредност ја бараат на погрешни места. Тие дозволуваат културата да ја диктира нивната вредност прифаќајќи го на она што го вели културата. Но, сликата што ја прикажуваат медиумите и огледалото на културата е само

сенка што се менува. Само што ќе помислите дека чекорите во согласност со она што културата го нарекува прифатливо, ќе сфатите дека тоа се променило и дека веќе заостанувате.

Се сеќавам дека со Дренда бевме во Париз. Париз, се разбира, е познат по модата; и таа година модата беше сива и црна. Секој излог беше полн само со сиви и црни парчиња облека. Гледајќи по улицата, во двете насоки, можев да видам стотици луѓе како се движат. Бев шокиран кога не видов шаренило на бои. Секој човек, без исклучок, беше облечен во сиво-црно. Имаше стотици и стотици луѓе кои изгледаа исто. Кога последен пат некој ви кажал дека омилената боја му е сивата? Но, тој ден, масите беа сигурни дека омилени им се сивата или црната боја.

Бидејќи притисокот за снабдување на потребите е толку интензивен и го искривува нашиот идентитет до сè што мислиме дека ќе ни помогне да го пронајдеме и да бидеме прифатени. Дренда и јас развивме една изрека што ја проповедаме со години: „Ако не се погрижите за парите, никогаш нема да ја откриете вашата судбина!“ Кога сте роб на опстанокот имате многу малку време за истражување или создавање многу опции. Вистината е дека, како што споделив, најчесто луѓето ги носат своите одлуки околу целта или да го најдат или да го натрупаат она што им треба. Тие ја заменуваат својата страст за плата и својата визија за снабдување. Факт е дека бевме толку притиснати од нашиот менталитет за опстанок со болен труд и пот што престанавме да сонуваме. Стравот ги држи нашите соништа во заложништво, а сиромаштијата ги држи нашите соништа затворени за невозможното.

Можам да се сетам кога мојот сон беше да имам доволно пари за бензин за да се вратам дома, а камоли за нешто што ќе ми го промени животот. Во тие денови, никакви големи визии не беа ниту на повидок. Плаќањето на месечната кирија ми ја одземаше целата имагинација. Признавам, тешко е да гледате подалеку од опстанокот кога сте тешко притиснати од потребата за храна или се соочувате со непосредни финансиски грижи.

Кога Адам го предаде Царството, целиот негов живот стана подложен на сосема нов свет на смрт, страв, преживување и

паника. Сигурен сум дека сите знаеме какво е чувството на страв. Можам да се сетам на безброј приказни во сопствениот живот на паника, срам и страв во тие девет долги години на финансиски хаос, што резултираа со панични напади и живот на антидепресиви. Животот во проколнатиот систем на опстанок на земјата нѐ научи сите нас на негативен поглед на животот. Некои се справуваат со тоа подобро од другите, но без Христа, овој негативен менталитет постојано ни кажува дека не сме доволно добри.

Дали некогаш сте слушнале некој да каже: „Не се надевај многу“? Кога растев, кога некогаш се радував на нешто тоа татко ми го сметаше за глупаво, па ќе речеше: „Еден ден ќе пораснеш“. Поради тоа, обично не си дозволував да сонувам за ништо, освен за она што татко ми сметаше дека е потребно. Верувам дека татко ми беше повреден бидејќи растел во дом на алкохоличари, и затоа се однесуваше така додека растев јас.

Да бидам искрен, сите ние сме професионалци во грижење уште од нашето раѓање. Стравот е вообичаен народен јазик на жителите на земјата. Ако застанете и размислите, зборот *не* е врежан во нас уште од нашето раѓање. „Не, не можеш да го имаш тоа“. „Не, врати го тоа назад“. „Не, не можеш да одиш таму“. „Не, не можеш да си го дозволиш тоа“. На крајот, едноставно престануваме да кажуваме „Да“ на сѐ, освен периодично на некоја активност што ни го отапува умот од нашите реални околности, како што е прејадувањето со нашата омилена храна.

Една студија проценува дека едно просечно дете го слуша зборот не или немој повеќе од 148.000 пати додека расте, во споредба со само неколку илјади афирмации да.4

Неодамна ја одржав нашата годишна конференција Снабдување и на платформата ставив Ферари од 2017 година, автомобил за восхит, бездруго. Сопственикот на автомобилот оди во мојата црква и плати во готово за истиот, приближно 400.000 долари. Кога сите присутни влегоа внатре, тие се восхитуваа и зјапаа во автомобилот, сите сакаа да го видат и одблизу. Но, иако сите тие се восхитуваа на автомобилот, поентата што ја истакнав со тоа што го поставив автомобилот на платформата не беше да

инспирирам материјалистички начин на живот, туку, напротив, да им одржам лекција. Сите луѓе се собраа околу автомобилот, сите изјавија дека би сакале да го возат.

Знаев дека растењето во проколнатиот земен систем на мака, труд и пот потсвесно викаше: „НЕ, никогаш нема да имаш таков автомобил! Не, никогаш нема да бидеш во можност да купиш таков автомобил; не ни размислувај за тоа“. Поради воспитувањето во „НЕ“ култура што сите ние сме ја имале, повеќето од нив никогаш не размислувале да поседуваат Ферари затоа што менталитетот на „НЕ“ не може да го види или да го прими. Меѓутоа, ако јас ги менував автомобилите секој час, од скапи до најевтини, на крајот ќе имав автомобил на платформата за кој луѓето би рекле: „Ми се допаѓа тој автомобил; Јас треба да си купам еден таков“.

Која беше разликата? Се работеше за начинот на кој тие се гледаа себеси, нивниот потенцијал и цената на автомобилот. Да, таму можеби имаше неколкумина што си рекоа: „Еден ден јас ќе имам таков автомобил“, или можеби имаше луѓе што имаа пари и гледаа поинаку на автомобилот. Но, сигурен сум дека за повеќемина, поседувањето на таков автомобил не беше ни во нивната сфера на размислување. Милионерот што во готово плати за автомобилот всушност има шест автомобили Ферари. За него, тоа беше само добар автомобил. Кога го видел автомобилот, помислил како би било добро да го има, и потоа го почнал процесот на нарачување од Италија, и на крај автомобилот бил донесен на неговата домашна адреса во САД. За него не беше тешко да го реализира она што го помислил бидејќи има средства за тоа. Еве еден важен фактор за починката – кога луѓето се добро снабдени полесно им е да сонуваат.

**Главен фактор: Провизијата е про-визија.**

## <u>Кога луѓето се добро снабдени, полесно им е да сонуваат</u>

Без снабдување нема визија; има само преживување.

Проколнатиот земен систем на сиромаштија ги украде нашите соништа и нашата иднина. Знам дека илустрацијата со Фераритo беше екстремна, но само ја демонстрираше мојата поента. Луѓето таму не си дозволуваа да сонуваат да поседуваат таков автомобил затоа што го сметаа за недостапен. Ако барем за момент си дозволат да сонуваат за таков автомобил, она што го научиле во проколнатиот земен систем на сиромаштија ќе им одговори: „Какво губење пари!“ Но, што ако имате 25 милијарди долари готовина на вашата тековна сметка (само сакам да направам поента)? Тој автомобил ќе изгледа толку евтино што ќе си купите еден само за да го користите за време на викендите. Сето тоа е прашање на перспектива, и бидејќи Божјото Слово вели дека секое Божјо ветување е „Да“ и „Амин (да биде така)“, вашата перспектива треба да се промени за да размислувате како што мисли Бог.

> *„Бидејќи сите ветувања Божји во Него се „Да“, и во Него „Амин“, за слава Божја преку нас.“*
>
> — 2 Коринтјаните 1:20

Во речникот, зборот перспектива е дефиниран како: посебен став, или начин на гледање на нешто; гледна точка, став, референтна рамка или толкување. Во основа, перспектива е начин на кој размислувате за нешто.

Еве еден концепт за кој сакам да размислите. Адам беше принц пред да му се предаде на сатаната. Значи, ако го видите после тој пад, ќе видите осиромашен човек со хаотично семејство (Каин, неговиот син, го уби својот брат, Авел), и навистина не би му дале шанса да биде некој. Но, она што не се гледа е дека низ неговите вени течеше царска крв. Иако не го гледате во такво својство, тој всушност беше создаден да владее и царува во животот. Истата вистина важи и за вас. Не можете само да се гледате себеси врз основа на тоа каде живеете, што имате, и според вашите сегашни околности и да го судите вашиот потенцијал. Мора да го погледнете вашиот потенцијал уште од создавањето.

Се сеќавам кога еднаш поминував низ некои тешки околности

и се соочував со големи проблеми кои изгледаа поголеми од мене. Бев соочен со некои одлуки за кои ќе беа потребни многу повеќе пари отколку што имав при рака. Чувствував дека знам што ми вели Бог да направам, но сепак бев малку уплашен да скокнам во тоа. Господ ми даде сон во тоа време. Бев на коњ на врвот на еден рид. Имав меч во раката. Под мене, на дното на ридот беа стотици, ако не и илјадници непријателски војници на коњи со кренати мечеви против мене. Бев сосема сам на тој рид а непријателите беа убедливо повеќе на број. Во сонот чув глас кој ги кажа следните зборови: „Не се потценувај, Гери!“ Потоа го кренав мечот и почнав да трчам со коњот надолу по ридот кон непријателите, кои, гледајќи го мојот напад, исто така се нафрлија нагоре по ридот кон мене со кренати мечеви. Додека итав кон нив, викнав гласно: „ТОР!“

**ВАШАТА ПЕРСПЕКТИВА ТРЕБА ДА СЕ ПРОМЕНИ ЗА ДА РАЗМИСЛУВАТЕ КАКО ШТО МИСЛИ БОГ.**

Кога се разбудив, знаев дека Господ ми зборува и ме охрабрува, но не знаев што значи зборот Тор. Во мојата црква има еден човек кој бил пастор 30 години и тој има учено многу јазици. Го прашав дали знае што значи тоа и ми рече дека ќе провери. Ми се јави следниот ден и ми рече дека Тор значи синот на громот. Му се заблагодарив и се зачудив од она што ми го кажува Господ. На непријателот му звучам како гром! Освен ако не му кажувам на ѓаволот колку сум слаб, кога зборувам, му звучи како гром (моќ).

Проповедав на нашата прва конференција Снабдување во 2010 година и ја раскажав оваа приказна. Додека ја пренесував приказната, дадов заклучок со она што ми го кажа Господ во сонот: „Кога непријателот гледа како доаѓаш, Гери, звучиш како гром“. Во моментот кога реков: „Звучиш како гром“, силен звук од гром го исполни воздухот. Немаше дожд, ниту, пак, претходно имаше молњи, и во текот на целата ноќ тоа беше единствениот звук од гром што се слушна. Луѓето што беа таму таа ноќ беа шокирани. Но, никој не беше позадоволен од мене, бидејќи знаев дека

Господ го става Своето „АМИН“ на она што го кажував бидејќи тоа се однесуваше на сите Негови деца. Инаку, тој вечерен настан беше снимен, а доколку сакате да го видите, можете да отидете на овој линк: https://youtu.be/rtx1XYJGIAg

Еве еден концепт што треба да го разберете.

**Робовите немаат големи соништа!**

За што сонуваат робовите? За крај, ете за што. Тие сонуваат за 17:00 часот додека постојано гледаат во часовниците во текот на втората половина од денот, сакајќи да престанат со работа и да се одат дома. Тие сонуваат за одмор, сонуваат да се пензионираат, сонуваат да имаат пари за да можат да престанат со работа. Робовите сонуваат да престанат со работа, а не да создаваат повеќе работа! Ропскиот менталитет или перспектива не измислува или создава работа; тој бара излез од работата. Робот е веќе преокупиран, и тој едноставно не го гледа потенцијалот што секој ден го одминува.

За да бидете глава, а не опашка, вашиот начин на размислување треба да се промени од роб во сопственик и творец. Треба да почнете повторно да сонувате. Треба да гледате подалеку од она што мислите дека сте, зашто иако можеби изгледате слаби во своите очи, на ѓаволот му звучите како гром. Имате царска крв во вашите вени, и треба само да размислувате и да се однесувате така.

Имам еден пријател кој е мултимилионер. Тој е сопственик на многу прекрасни домови, сите покрај океанот или покрај езеро. Еден ден додека го посетував, одевме по пристаништето меѓу чамците. Како што поминувавме покрај јахтите, тој ми ги кажа сопствениците на сите нив. Ќе ви дадам пример како звучеше муабетот, но со измислени имиња, бидејќи не се сеќавам на нив. Така, разговорот на мојот пријател звучеше вака: „Оваа јахта му припаѓа на Били Смит, а тој е сопственик на бизнис со клиники во Охајо. Следната јахта е во сопственост на Џон Роџерс, кој е сопственик на Роџерс и Роџерс, адвокатска компанија. Следната јахта му припаѓа на Ралф Тајдвел, кој е сопственик на таа убава

продавница за чевли на Хај Стрит".

Додека поминувавме покрај јахтите, и откако поминавме дваесетина од нив, сфатив дека секоја јахта е во сопственост на некој што поседува бизнис. Ниту една јахта не беше во сопственост на некој обичен Петко кој работи од девет до пет како вработен во продавница за сладолед. Да не ме разберете погрешно, не сум против да продавате сладолед и не сум против да имате работа, барем не најчесто. Само ви давам пример какви луѓе имаат богатство.

Ве молам внимавајте на тоа што го велам. Не се работи за парите што ги имаат; се работи за начинот на размислување што го имаат. Не ја ставајте кочијата пред коњот. Повеќето луѓе би рекле: „Сакам да имам толку пари". Она што треба да го кажат е „Сакам да размислувам како нив!" Тие имаат различна перспектива за животот и за себе.

Најголем број семејства никогаш не постигнуваат приход што би се сметал за изобилен приход. Некои испитувања велат дека 51% од американските работници заработуваат помалку од 30.000 долари годишно.[1] Над половина од нашата нација заработува помалку од 30.000 долари годишно?! Ако имате дваесетина години и само што почнувате со професионална кариера, или сте во таква состојба затоа што навистина сакате да бидете таму, и парите не се на врвот на вашата листа, тогаш добро, но знам дека тоа не е случајот за повеќе од половина од нашите нација. Знам дека им требаат повеќе пари. Верувај ми, сум бил во илјадници и илјадници домови во текот на моите 36 години во индустријата за финансиски услуги и од прва рака го знам тоа.

Па зошто тие немаат повеќе приходи? Пред да почнете да викате колку е нефер животот или дека сте жртва, или да дадете некој друга глупа причина, ќе ви кажам дека тоа е така поради две причини. Прво, тие се заробени под проколнатиот земен систем

[1] Мајкл Снајдер, „Збогум средна класо: 51 процент од сите американски работници заработуваат помалку од 30.000 долари годишно", „Крај на американскиот сон", блог на Вашингтон, 21 октомври 2015 година, http://www.washingtonsblog.com/ 2015/10/збогум-средната-класо-51-процент-од-сите-американски-работници-заработуваат-помалку-од-30000-долари-годишно.html/.

на сиромаштија и не знаат за Божјото Царство и за Неговите начела за снабдување. Второ, тие имаат негативно размислување, и поради растењето под тој проколнат систем на земјата, не гледаат излез, иако излезот може да им биде пред нос. Во основа, робовите имаат ропски менталитет, како што веќе споменав. Тие не гледаат можност кога бараат одмор. Да бидеме искрени; без вистински одговори, луѓето се обесхрабруваат.

Дозволете ми да ви дадам пример што го користам на моите семинари. Да речеме дека сум ви кажал дека можам да ги решам сите ваши финансиски проблеми во една лесна реченица. Земете молив и хартија бидејќи ви гарантирам дека тоа ќе биде вашиот одговор. Подготвени? Во ред, еве го: направете нето приход од 5 милиони долари оваа година. Кога го кажувам тоа на семинарите сите почнуваат да се смеат. Но, зошто се смеат? Затоа што не можат да се видат себеси како прават толку пари, ниту, пак, мислат дека е можно да заработат нето приход од 5 милиони долари годишно.

Тогаш им велам дека никогаш нема да го поседуваат она што не можат да го видат. Потоа ја повторувам вежбата, но овој пат постојано го намалувам бројот: 200.000 долари, 100.000 долари, 70.000 долари или 40.000 долари годишно. На крајот, им велам: „Ќе дојдам до број каде што ќе речете: „Во ред, лесно. Можам да го направам тоа“.“

Потоа им кажувам друга приказна. Да речеме дека сум богат деловен човек со бизнис во секторот извоз. Сакам да продавам топки во Кина и ми треба помош за пакување и товарење на брод. Им велам дека ќе им платам по 500 долари за секоја топка што ќе ја спакуваат. Под претпоставка дека можат да пакуваат 200 топки дневно, тоа би им донело заработка од околу 100.000 долари дневно. Исто така, би сакал да им понудам едногодишен договор за пакување топки за истата плата. Сега, ако им кажам дека одговорот беше да се направат 5 милиони долари нето приход за 12 месеци, каков ќе биде нивниот одговор? „Лесно, нема проблем, лесно можете да заработите 5 милиони долари со таа стапка.“

Која е разликата? План, тоа е сѐ. Планот ја прави целата

разлика. Бог, Кој ве создал, го знае планот и вие треба само да го слушнете. Така е и со Царството Божјо. Кога Бог ми го даде тој сон за да го започнам мојот бизнис, а потоа ми покажа како да го направам тоа, мојот приход сѐ уште не беше променет – но одвнатре викав: „Ова е лесно! Моите финансиски проблеми се завршени; Јас го имам планот!"

> *„Зашто само Јас ги знам замислите, што сум ги смислил за вас, вели Господ, замислите за добро, а не за зло, за да ви дадам иднина и надеж."*
>
> — Еремија 29:11

Божјите замисли за вас се да напредувате! Откако ќе откриете дека Бог има план за вашиот напредок, битката е на половина! Слушајте, да се поправи финансиската ситуација не е толку тешко. Добрата финансиска состојба раѓа визија! Навистина е прилично едноставно. Одговорот за немање намирници е да имате намирници. Одговорот за потребата од поголема куќа е поголема куќа. Одговорот за сигурен автомобил е да имате сигурен автомобил.

Знам дека овде кажувам работи со двојно значење, но и јас сум возел расипан автомобил со години. Луѓето ме гледаа од еден километар дека доаѓам поради црниот чад што излегуваше од мојот автомобил. Знам колку стресни можат да бидат проблемите со автомобилот кога треба да стигнете некаде. Знам и какво е чувството да влезете во салон за автомобили и да платите во готово за нов автомобил. Знаете што? Нема повеќе стрес, нема повеќе грижи. Зошто? Затоа што мојата потреба е задоволена и имам мир.

**КАКО ГРАЃАНИН НА ЦАРСТВОТО, ВИЕ ИМАТЕ ЗАКОНСКИ ПРАВА И СИТЕ ЗАКОНИ И ПРИНЦИПИ СЕГА СЕ ДОСТАПНИ ЗА ВАС.**

Можам да се фокусирам на она што треба да го правам наместо да се справувам со автомобилска криза.

Факт е дека голем број на луѓе се справуваат со финансиски проблеми до тој степен што се под постојан стрес поголемиот дел од својот живот. Можеби тие работат многу часови за да преживеат така што немаат животи. Пријатели, ова не е Божјата волја за вашиот живот.

Како што реков претходно, луѓето се откажуваат од своите соништа и страсти за плата на работно место што го презираат. Робовите обично не се многу среќни луѓе! За жал, така живеат луѓето, незадоволни од тоа каде се во животот, згрозени и безнадежни. Но, во реалноста, тоа што ги дели од слободата и планот е промена на начинот на размислување, или, како што штотуку споделив.

Дозволете ми да ви дадам личен пример. Многумина од вас знаат дека сакам да ловам, да возам велосипед и да пешачам, активности што се одвиваат надвор. Пораснав во Охајо во мала земјоделска заедница во она што е познато како Плеин Тауншип. Се викаше Плеин Тауншип затоа што, како што можете да замислите, беше рамна. Се разбира, тоа беше добро за земјоделците, но тоа не беше многу привлечен пејзаж. Бев претплатен на секое списание за лов и риболов што го знаев, *Живот во природа, Спортско поле, Поле и вруток*, и други. Ги читав големите приказни за риболов и лов на дивите и прекрасни планини на запад и бујните зелени планини на Апалачката долина само еден час оддалечени од мојот исток. Сепак, никогаш не ги посетив тие области. Имав 40 години пред да ја видам првата планина.

Зошто? Имав пари за патување, имав сопствен автомобил, автопатот I-70 минува низ мојот роден град, а одејќи на запад поминува низ Карпестите (Роки) Планини. Но, вистината е дека никогаш ниту еднаш не помислив да одам таму, ниту си дозволив да мислам: „Ќе одам таму еден ден“. Се восхитував на тие места преку сјајните слики на списанијата, но никогаш не размислував да одам. Тие предели можеа да бидат на месечината што се однесува до мене; но тоа едноставно не беше можност во мојот ум. Кога имав 40 години и конечно појдов кон запад, не

можев да верувам што сум пропуштал цел живот. Сега, морам да одам на планина барем еднаш годишно. Пријатели, околу вас има повеќе отколку што можете да видите во моментов. Вие сте повеќе отколку што гледате во моментов! Во животот има друга перспектива што мора да ја видите и искусите.

**Кога ќе почнете да разбирате и учите како функционира Царството Божјо и што вели Царството Божјо дека веќе имате, вашата перспектива ќе се промени!**

*„И така, вие веќе не сте туѓи и придојдени, туку сте им сожители на светиите и членови на Божјото семејство.“*
— Ефесјаните 2:19

Како граѓанин на Царството, вие имате законски права и сите закони и принципи сега се достапни за вас. Тоа беше нашиот проблем, на мене и Дренда. Иако бевме христијани и Го сакавме Бог, бевме граѓани на Божјото Царство без познавање на законите и начелата на Царството. Поради нашите ограничени перспективи што ни ги даде проколнатиот систем на земјата, немавме соништа. Но знаењето е моќ.

На пример, во судницата, потпишан договор за закуп докажува дека имате законско право да живеете во вашата куќа. Знаењето дека постои потпишан документ и пристапот до правдата за да го добиете вашето законско право да живеете во таа куќа ви дава мир и сигурност. На ист начин, спознанието за тоа што вели Бог и што има Царството за вас, ви дава увереност да го земете сето она што е законски ваше. На пример, што е напредок за земјоделецот? Дали се тоа пари? Не. Дали е тоа семето што го сее? Не. Неговиот напредок е знаењето што го поседува за законите на сеење и жнеење. Колку и да е сиромашен, знае како да стане богат. Тој едноставно ги користи законите на земното царство што Бог ги воспоставил. Процесот на време на сеење и жетва постојано дава плод на земјоделецот.

Тој ги разбира законите на жетвата и има целосна доверба во нив. Тој сее семе вредно илјадници долари во земјата, но

сепак не се плаши. Нема да видите земјоделец да седи до својот трактор штом ќе го засади својот род и да плаче за сите пари што ги фрлил во земјата. Не, тој нема да плаче поради цената на семето. Тој ќе биде задоволен од законите што управуваат со природното земно царство. Може ли да ви каже како расте семето? Се сомневам во тоа, но тој може да ви каже дека бара повеќе земја за да ја обработува. Истото важи и за вас и за мене. Ако не ги знаеме законите на Царството и немаме доверба во нив, нема да живееме онака како што Бог сака да живееме.

Една од највозбудливите приказни на кои бевме сведоци во тие рани денови се случи кога добив телефонски повик од човек што ќе го наречам „Дон", кој се соочуваше со сериозни финансиски проблеми. Тој слушнал дека им помагам на луѓето со нивните финансии.

Кога првпат го сретнав Дон, тој дојде кај мене многу обесхрабрен и во големи долгови. Се чинеше дека ништо не оди како што треба во неговиот живот во тоа време. Кога седнав да разговарам со него, дознав дека доцни три до четири месеци со киријата и речиси со секоја друга сметка што ја има. Имаше проблеми во бракот – неговата сопруга беше исцрпена од нивната финансиска ситуација и почна да ја губи почитта кон Дон бидејќи тој не може да се грижи за неа и нивните пет деца. Факт е дека Дон губеше почит кон себе и беше полн со прашања.

Во тоа време тој работеше како агент за продажба на здравствено осигурување низ државата Охајо, но неговиот неуспех брзо го доведе на катастрофален финансиски пат.

И покрај сите работи против Дон, видов потенцијал во него. Тој беше подготвен да учи и да работи. Таа моќна комбинација доволно ме заинтригира за да го вработам и да се вложам во благосостојбата на неговата иднина. На крајот, тоа беше инвестиција која многу се исплатеше за нас двајцата.

Мојата фирма во подем штотуку доби патување за Хаваи од еден од нашите клиенти и почувствував дека ова ќе биде одлична шанса да споделам со Дон за Божјото Царство. Иако Дон беше христијанин, тој го немаше истото разбирање што го имав јас. И иако во неколку наврати се обидов да ги споделам Божјите

начела со него во оваа област, тој едноставно не веруваше во она што го зборувам.

Постојано барав начин да го привлечам вниманието на Дон што ќе му помогне да сфати дека и тој може да има успех со тоа што ќе научи како функционира Божјото Царство. Сепак, Дон беше толку обесхрабрен што му беше тешко да поверува во себе и да верува дека навистина може да се искуси промена. Знаев дека ова патување на Хаваите е мојата шанса.

Неколку недели пред да заминеме, јас и Дон разговаравме за тоа што ќе видиме и правиме таму. Имаше нешто што повеќе од сѐ друго му го привлече вниманието на Дон. Тој сакаше да фати син марлин во прекрасните води на Тихиот океан. „Хаваи е главното место за ловење син марлин во светот“, ми рече Дон возбудено. „Отсекогаш сум сакал да ловам син марлин; тоа е мој сон“. За прв пат по неколку недели, видов сјај во очите на Дон. Нешто всушност го возбуди и знаев дека неговата возбуда ќе ја отвори вратата за моќна лекција.

„Дон“, реков, „дали знаеш дека е можно да знаеш, а не само да се надеваш, туку да *знаеш* дека ќе уловиш син марлин на Хаваи доколку се поврзеш со Царството Божјо?“ Збунет, но заинтригиран, Дон сакаше да дознае повеќе, а јас продолжив да му објаснувам за Царството. Го цитирав Марко 11:24, каде што пишува: „*Затоа ви велам: сѐ што ќе побарате во молитва, верувајте дека ќе го добиете – и ќе ви биде*“. За Дон, ова беше речиси премногу добро за да биде вистина. Одвоив малку време за да му помогнам да го разбере Царството и како да ја ослободи својата вера. И така, пред да тргнеме на нашето патување, тој и неговата сопруга се помолија заедно и веруваа дека веќе добиле син марлин. Тие исто така посеаја парично семе во Царството Божјо пред нивната жетва. Тоа беше нешто што Светиот Дух ме научи да го правам кога верував за нешто што ми требаше.

Во меѓувреме, Дон направи сѐ што зависеше од него за да го одржи својот дел од жетвата. Тој направи истражувања за достапните бродови и цени и на крајот се договори со еден капетан за кој сметаше дека ќе биде најдобра опција. Сѐ беше подготвено и сите бевме толку возбудени што одиме во сините

води на Хаваи.

Дојде денот за риболов, и додека се качувавме на бродот, воодушевено му кажавме на капетанот дека денес е денот кога ќе фатиме син марлин. Иако тој очекуваше да имаме успешен ден за лов на други риби, тој нѐ увери дека тој ден шансите за да фатиме син марлин се многу мали. Тој ни каже дека секој ден во последните четири месеци заедно со неговиот екипаж оделе да ловат син марлин со два брода, но имале уловено само еден син марлин. Во голема мера тоа се должеше на фактот дека сѐ уште не беше сезона на марлин, бидејќи марлинот е миграциска риба. Одбивајќи да се обесхрабриме, со почит му кажавме дека ние ќе фатиме риба, и продолживме да ја подготвуваме опремата.

По шест часа пловење, немавме ниту еден улов, а јас бев малку загрижен дека недостатокот на акција може да ја ослаби вербата на Дон. Во мојата загриженост му поставив прашање. „Дон", викнав од местото каде што седев на мостот над него, „да те прашам нешто. Кога го доби тој син марлин? Кога ќе се појави или кога се молевме?" Во знак на уверување, Дон силно одговори: „Гери, тоа е едноставно. Го примив кога се молев". Бев возбуден и уверен кога го слушнав неговиот одговор. Тогаш знаев дека Дон сериозно ја сфатил мојата инструкција и дека е решен да ја улови таа голема риба.

Неколку минути подоцна, конецот на Дон почна да тоне во длабочините на морето додека другарите извикаа: „Риба!"

„Не се надевајте многу", предупреди капетанот. „Тоа е сигурно некоја голема риба, но не е син марлин. Марлините излегуваат веднаш на површината и прават огромни скокови надвор од водената површина, а оваа риба останува длабоко." Дон помина неколку минути во борба со таа риба што допрва требаше да се приближи доволно до површината за да можеме да ја видиме. Колку и да беше уморен Дон, рибата беше уште повеќе и набрзо се предаде. Дон и јас не бевме изненадени кога тој на површината извлече еден голем, прекрасен син марлин, но сите останати на бродот беа запрепастени.

Сликата на Дон и неговата голема риба до ден-денес стои

во мојата канцеларија како сведоштво за другите и постојан потсетник за мене за реалноста на Царството. Однадвор тоа беше само риба. Но, за Дон, таа риба значеше многу повеќе. Ако Царството функционира за риба, сигурно ќе функционира за сѐ друго што му треба во животот. За Дон, тоа беше само почеток на сфаќањето на влијанието што Божјото Царство може да го има врз неговиот живот.

Многу ми се допаѓа оваа приказна и навистина се радувам кога гледам како луѓето имаат вистински искуства со Царството Божјо. Токму тоа го сакам и за вас!

ЧЕТВРТО ПОГЛАВЈЕ

# ОТКРИВ ВАЖЕН КЛУЧ ВО ЦАРСТВОТО

Сите ние имаме разни клучеви од нашите домови, нашите автомобили и сѐ што сакаме да заштитиме. Клучот ни дава пристап до она што се чува на безбедно, или овластување да користиме некој предмет, како што е автомобилот. Како христијанин живеев девет долги години во финансиски хаос и безнадежност, и знаев дека нешто недостасува, нешто не е во ред. Никој не требаше да ми го каже тоа. Ми требаше само да знам што не е во ред и како да го сменам тоа.

Кога Господ ми прозборе, кога се молев да ми помогне лежејќи во мојот кревет во кревката куќа на фармата, Тој ми кажа дека мојот проблем е тоа што никогаш не сум научил како функционира Неговото Царство. Во таа една реченица го слушнав клучот, или би требало да го кажам изворот на потребниот клуч или клучеви — Царството. Бог сакаше да ми каже дека мојот одговор е во Неговото Царство. Никогаш не одвоив време да научам како функционира Неговото Царство, но ако го бев сторил тоа, сигурно ќе го најдев мојот одговор. Кога тој ден Бог ми кажа дека не доволно го разбирам Царството, навистина не знаев што мисли под Царство. Но, јас го слушнав гласно и јасно дека ако научам како функционира Неговото Царство, ќе ги најдам

одговорите што ги барам. Така, за мене, главниот клуч беше во таа општа изјава: „Никогаш не си одвоил време да научиш како функционира Моето Царство!“ Се разбира, таа изјава сама по себе кажува многу и, секако, беше мојот прв главен клуч кон трансформацијата на мојот живот.

> *„Зашто дете ни се роди – Син ни се даде; власта е на рамењата Негови, и ќе Го наречат: Чудесен Советник, Бог силен, Отец вечен, Кнез на мирот. Неговата власт и мирот бескраен ќе растат врз престолот на Давид и во Царството негово, за да го утврди Тој и да го зацврсти преку суд и правда отсега па довека. Тоа ќе го направи ревноста на Господ Саваот.“*
>
> — Исаија 9:5-6

Разбирањето дека Царството Божјо е всушност царство кое функционира врз основа на власт и закони, ми ги отвори очите кон разбирањето на Царството кое никогаш порано не сум го знаел. Знаењето дека Царството Божјо е воспоставено и се поддржува со правдата (управувањето на законот) и Божјата праведност (Неговите закони) ми покажа дека сѐ што се случува во Царството е резултат на законите или принципите на тоа Царство. Можеби не сум најостриот нож во фиоката, но бев доволно паметен за да разберам дека ако Царството функционира врз основа на закони, тогаш јас можам да ги научам тие закони и да ги применам во мојот живот. Кога Бог почна да ни ги открива и да нѐ учи мене и Дренда за Неговите закони, почнав да сфаќам дека секоја приказна во Библијата содржи клучеви што треба да ги знам во однос на тоа како функционира Царството. Почнав различно да ја читам секоја приказна во Библијата: „Зошто се случи тоа? Зошто тоа не се случи?” Секоја приказна ја читав со ставот: „Кои принципи се покажуваат во оваа приказна? Како се случи тоа?“

Почнав да се нарекувам духовен научник и бев воодушевен кога Светиот Дух ми откриваше закон по закон. Бев уште повеќе возбуден кога видов дека законите што ги откривав може да

функционираат во мојот живот исто како што функционираа во Библијата. Луѓето ме прашуваат: „Гери, што мислиш кога велиш законите на Царството?“ Обично ги потсетувам на сите закони што тие ги користат овде на земјата – гравитацијата, законите на физиката и сите закони што владеат со природата.

**КОГА БОГ ПОЧНА ДА НИ ГИ ОТКРИВА И ДА НÈ УЧИ МЕНЕ И ДРЕНДА ЗА НЕГОВИТЕ ЗАКОНИ, ПОЧНАВ ДА СФАЌАМ ДЕКА СЕКОЈА ПРИКАЗНА ВО БИБЛИЈАТА СОДРЖИ КЛУЧЕВИ ШТО ТРЕБА ДА ГИ ЗНАМ ВО ОДНОС НА ТОА КАКО ФУНКЦИОНИРА ЦАРСТВОТО.**

Земјоделецот ги користи овие закони кога сака; не мора да се моли тие да функционираат. Тие функционираат секој пат кога ќе избере да ги користи. Тие се достапни за секој што сака да ги користи. На ист начин, во Божјото Царство функционираат закони кои можат да се научат. Бидејќи тоа се закони, тие никогаш не се менуваат и затоа можат да се научат и да се применат во животот во Царството.

Патем, штом ќе дојдете кај Христа, вие сте граѓани на Неговото Царство, и целото Царството е ваше. Овие закони на Царството можете да ги научите и користите.

„Во ред“, ќе ми кажат луѓето, „го сфаќам тој дел, но дај ми пример за закон во Царството“. Има многу, многу закони. Всушност, веќе ви кажав за неколку, како што се законот за надлежноста, законот на верата и законот на договорот, иако не ги именував како такви во претходните поглавја. Повторно, има многу закони, и сите овие закони може да се поделат на функција и примена – деловите на кои секако сакаме да се фокусираме. Дозволете ми да ви кажам една приказна што ќе го илустрира

она што го велам.

Поседувам авион, Пајпер Мираж, кој го користам за состаноци, за среќавање со клиенти и за деловни патувања. Имав договорено патување во Колорадо за да присуствувам на една конференција и внимателно ја испланирав годишната инспекција за одржување на авионот што ја бара законот околу тоа патување. Ако не сте знаеле, секој авион што е во САД треба да помине преглед за одржување еднаш годишно. Мојот пилот требаше да го земе Миражот, а потоа да нè однесе на нашиот состанок. Но, ден пред да го земе, се јавиле од агенцијата за контрола и рекле дека случајно го скршиле предното ветробранско стакло од страната на копилотот. Тие ни рекоа дека ќе го заменат бесплатно, но процесот ќе додаде уште три дена пред авионот да може да лета. Тоа значи дека Дренда и јас моравме да одиме во Колорадо со комерцијален лет. Не сакам да се жалам, но ние секогаш претпочитаме да патуваме со нашиот авион, доколку тоа е можно. Бевме малку разочарани, но отидовме на конференцијата. Планот беше нашиот пилот да нè земе кога ќе заврши конференцијата и со него да се вратиме во Охајо.

На вториот ден од конференцијата, ненадеен град ја погоди областа. Градот беше толку голем што направи штета во целата област. Во некои делови, огромните парчиња мраз всушност направија дупки во покривите. Стотици автомобили беа оштетени без можност да бидат поправени. Оштетени беа многу згради и покриви. Кога мојот пилот дојде да нè земе, тој се паркираше на истиот аеродром каде што ќе го оставевме авионот доколку дојдевме со него на конференцијата. Неверојатна глетка ми наиде пред очи. Сите авиони, што беа паркирани точно на местото каде што мојот авион ќе беше паркиран ако беше таму, беа оштетени. Мојот авион, по Божја милост, не беше таму и затоа не беше оштетен. Неверојатна приказна сигурно, но како се случи? Мислам, дали тоа беше само случајност или тоа што авионот не беше таму беше последица на моето држење до духовните принципи?

Па, точно знам дека тоа беше резултат на духовен закон што

го воспоставив, што ќе го споделам со вас за кратко. Разбирањето на било кој закон ви овозможува да ги реплицирате резултатите секогаш кога имате потреба од тоа. Во овој случај, практикував закон на кој Бог ме научи уште на почетокот кога Бог најпрво почна да ме учи за законите и активностите на Неговото Царство.

Дозволете ми да ви го покажам законот што ми го покажа Бог, па ќе ви покажам како го применував. Запомнете, секоја приказна во Библијата ви покажува нешто за Царството и како тоа функционира. Себеси се нарекувам духовен научник. Додека ја читам Библијата, секогаш ги барам законите што предизвикале нешто или законите што не дозволувале нешто да се случи. Во Марко 6 опишана е една случка што добро ја илустрира лекцијата што сакам да ве научам.

> *И бидејќи веќе времето поизмина, учениците Негови пристапија кон Него и рекоа: „Овде е местово пусто, а и доцна е; распушти ги за да отидат по околните села и колиби и да си купат леб, зашто нема што да јадат.“*
>
> *Тој им одговори и рече: „Дајте им вие да јадат!“*
>
> *А тие Му рекоа: „Да појдеме и да купиме за двесте денарии леб, па да им дадеме да јадат?“*
>
> *Потоа Тој ги праша: „Колку лебови имате? Отидете и видете!“*
>
> *И кога видоа рекоа: „Пет леба и две риби.“*
>
> *Тогаш Исус им рече на сите да поседнат на купчиња по зелената трева. И поседнаа во групи по сто и по педесет. Тој ги зеде петте леба и двете риби, па, погледна кон небото, ги благослови лебовите и ги прекрши, и им ги даде на учениците Свои, за да им ги ставаат пред нив; исто така им ги раздели и двете риби на сите. И јадеа сите и се наситија. И собраа парчиња, од лебот и од рибите, полни дванаесет кошеви. А оние, што јадеа од лебовите, беа околу пет илјади мажи.“*
>
> — Марко 6:35-44

Ова е одлична приказна и илустрација за функционирањето на Царството Божјо. Пет леба и два риби, нахранија 20.000 луѓе!

Но, вие ќе речете: „Гери, Библијата вели дека таму имало само 5.000 мажи“. Да, така пишува, но можам да претпоставам дека и таму имало жени и деца. Така, претпоставувам дека имало околу 20.000 луѓе таму.

Кога учениците дошле кај Исус за проблемот со храната, Исус сакаше да ги научи нешто за Царството, па затоа им кажа: „Вие нахранете ги“. Па, тоа прилично ги шокира. Од каде да набават толку храна? Тие одговараат со разбирање за единствениот извор на снабдување што го знаат – трудот! Тие велат: „Па, за тоа би биле потребни осум плати на еден човек!“ Со нивната перспектива на заработка на болниот и проколнат земен систем на труд и пот, би било невозможно да се нахранат.

Но, во Царството, различните оперативни закони овозможуваат сѐ. Исус сака да им помогне да го видат проколнатиот систем на земјата и да научат нова можност од Царството Божјо. Потоа Исус ги замолува да видат што имаат на располагање за да го нахранат мноштвото. Тие отидоа и погледнаа, а потоа одговорија дека нашле пет лебови и две риби, но потенцирале дека тоа нема да биде доволно за да се прехранат луѓето. Исус потоа ги побара лебот и рибите. Држејќи ги во Свои раце, Тој се помоли за нив и ги благослови. Потоа веднаш им ги врати на Своите ученици за да ги подадат на мноштвото. Секако дека го знаете остатокот од приказната; сите 20.000 луѓе таму јадеа додека не се наситат, а на крај останаа уште 12 корпи.

Моите прашања се: „Зошто Исус побара да Му ги донесат лебот и рибите пред да им каже да ги поделат? Зошто Исус едноставно не отиде напред и не ги замоли учениците да ја разделат храната штом ќе ја најдат? Дали Исус требаше прво да ги благослови лебот и рибите?“ Точниот одговор е дека Исус мораше прво да ги благослови лебот и рибите. Знаете, лебот и рибите беа дел од земното царство и под власт и надлежност на луѓето кога Неговите ученици прво ги најдоа. Во таква состојба, Исус немаше јурисдикција над нив. Но, кога лебот и рибите доброволно Му беа донесени, Тој можеше да ги благослови. Зборот *благослов* значи да се освети или да се одвои. Сега, еве го законот на Царството.

**Кога Исус ги благослови лебот и рибите, лебот и рибите се префрлија од едно царство во друго.**

Во суштина, надлежноста над лебот и рибите се промени. Бог сега имаше законско право да ги умножи лебот и рибите на луѓето.

**Ако Исус не ги земеше лебот и рибите за да ги благослови, тие немаше да се умножат.**

Ние го користиме истиот закон кога ја благословуваме нашата храна, иако мислам дека повеќето луѓе не сфаќаат што всушност прават кога се молат за нивната храна. Но, едноставно кажано, кога се молиме за нашата храна, таа ги менува царствата, со што му дозволува на Бог да нѐ заштити од секое штетно нешто што можеби го има во таа храна. Овде треба да потенцирам нешто важно. Ако доброволно продолжиме да јадеме нездрава храна и работи за кои <u>знаеме</u> дека се лоши за нас, ќе жнееме што ќе посееме. Но, ако сме јаделе нешто опасно, нешто што не сме знаеле дека ќе ни наштети, Божјото Слово ќе нѐ заштити исто како што го заштити мојот авион. Не зборувам за ритуалистичкиот тип на молитва што повеќето луѓе ја молат кога ја благословуваат нивната храна. Но, молејќи се со вера, благодарејќи Му на Бога што Тој ја отстранува болеста од нашата средина, ни овозможува, како граѓани на Неговото големо Царство, да уживаме во Неговите ветувања.

*„Ако нешто смртоносно испијат, нема да им наштети.“*
— Марко 16:18

Во денешниот свет, потребна ни е увереноста во Божјата заштита за да имаме одмор. Има толку многу работи кои можат да ни го украдат мирот на секој план, вклучувајќи ја и храната што ја јадеме. Верувајте ми, можете да бидете сигурни дека преку храната сатаната прави заговор да го украде вашето здравје и

вашата способност да бидете делотворни против него во земното царство!

Можеме да видиме уште еден пример за носење на нашите проблеми, предизвици, мирот, и всушност сѐ во нашиот живот под надлежност на Царството во Филипјаните 4:6-7.

> *„За ништо не грижете се, туку во сѐ преку молитва и молба со благодарност изнесувајте ги пред Бога своите барања, и мирот Божји, што надвишува секој ум, ќе ги запази вашите срца и вашите мисли во Исус Христос.“*
>
> — Филипјаните 4:6-7

Кога се молиме за нешто, тоа го става тој проблем или прашање под надлежност на Царството Божјо. Ако не се молиме за тоа, Божјите раце се врзани. Библијата ни вели да се молиме непрекинато (1 Солунјаните 5:17), а дека немаме затоа што не Го молите Бога (Јаков 4:2).

Кога го купив мојот авион и кога купувам нешто, се молам над него, положувајќи ги рацете врз него и ставајќи го под јурисдикција на Божјото Царство за да го постигне она за што е наменето бидејќи му служи на Божјото Царство и на мојата задача. Поради ова, мојот авион е надвор од доменот на сатаната и неговите слуги. Никаква штета не може да се случи на мојот авион!

Пред околу еден месец, летав со Миражот од Хјустон до Охајо после една конференција. Беше доцна додека се движевме над мрачниот предел. Светна молња во далечините на небото од нашата десна страна и лева страна додека невремето се движеше низ земјата. Бурата влијаеше да мораме да направиме промени во нашиот курс за да останеме подалеку од невремето, и поради тоа истрошивме повеќе гориво отколку што планиравме. Затоа, за да се увериме дека безбедно ќе се вратиме дома и да ги задоволиме прописите на Федералната Админстративна Авијација (FAA) во однос на резервите на гориво во леталото, решивме да застанеме во Луисвил, Кентаки, за да наточиме малку гориво. Слетавме

со околу 30 литри гориво во леталото, но имавме уште еден час и не сакавме да брзаме. Дојдовме во фиксниот базен оператор (ФБО) на аеродромот  и побаравме од нив да ставаат по 80 литри во резервоарите во крилата. Со тоа ќе имаме околу 240 литри, повеќе од доволно за да го поминеме растојанието до Охајо бидејќи Мираж троши околу 85 литри на час.

Додека чекавме во ФБО, девојката на шалтерот ни рече дека можеме да ги налееме тие 160 литри гориво. Додека таа уште го кажуваше тоа, службеникот влезе со некои документи во врска со трансакцијата. Девојка ги зеде од неговите раце, се загледа во нив, а потоа рече: „Нешто не е во ред овде, броевите не се совпаѓаат“. Службеникот рече дека го наточил горивото и дека може да ги коригира бројките подоцна. Таа рече: „Добро“, но рече и додека не се откријат вистинските броеви, не може да ми даде потврда, и затоа ќе треба да ни ја испрати по е-пошта. Рековме „Добро“ и се упативме до авионот со службеникот. Мојот пилот побара од службеникот да потврди дали навистина ставил по 80 лири на секое крило, а тој рече: „Да, ставив по 80 литри во секое крило“.

Така, полетавме за Охајо, и околу 40 минути од полетувањето, одеднаш, левиот резервоар остана без гориво. Бевме шокирани; како може тоа да се случи? Една минута подоцна, и десниот резервоар остана без гориво. Беше полноќ во темната ноќ, а ние бевме на 15.000 стапки без гориво. Што се случи? Штотуку ставивме гориво. Луѓето ќе ми кажат: „Дали твојот авион нема мерач за гориво?“ Се разбира дека има, но мерачите на гориво на нашиот авион се зголемуваат многу бавно при полнење. Ако некогаш сте возеле некој постар Субурбан, веројатно ќе разберете за што зборувам. Мерачите на гориво реагираат бавно на додаденото гориво.

Така, во овој случај, мојот пилот го праша службеникот дали наточил гориво во авионот и колку литри ставил. Ние лично го видовме со камионот за гориво како точи во авионот и вербално двапати потврди дека во авионот биле ставени вкупно 160 литри. Откако ќе потврдиме дека има гориво, поставуваме дигитален мерач што го следи согорувањето на гориво до четиристотини

милилитри. Мислевме дека направивме сè што требаше да направиме од наша страна за да бидеме безбедни.

Прогласивме вонредна состојба и моравме да слетаме на аеродромот Големиот Синсинати, што навистина не беше проблем бидејќи бевме директно над него кога останавме без гориво, но сигурно беше малку возбудливо. Подоцна дознавме дека службеникот на претходниот аеродром прв пат точел гориво во резервоарите на било кој авион. Тој ставил само по 8 литри во двата резервоара, а не 80. Не знаел да го чита мерачот. Навистина? А токму единствената дејност на неговата национална компанија е да точи авионско гориво – неверојатно!

**ПОСТОЈАТ ЗАКОНИ ВО ЦАРСТВОТО ШТО ТРЕБА ДА ГИ НАУЧИТЕ ЗА ДА БИДЕТЕ ДЕЛОТВОРНИ, БЕЗБЕДНИ И ДА БИДЕТЕ СНАБДЕНИ НА ЗЕМЈАТА.**

Она што непријателот сакаше да го направи за штета не беше навистина проблем, но можеше да биде голем проблем ако останевме без гориво на друго место, а не на 5000 метри над земјата. Но, повторно, непријателот не може да ми наштети ниту мене, ниту на тој авион. За да се заштитиме од други такви напади од страна на нашиот противник ние направивме некои измени во процедурата при полнење гориво. Повеќе не го оставаме авионот на аеродромските службеници кога точат гориво без ние да бидеме таму за да ја следиме процедурата за точење гориво. Инцидентот можеше да биде катастрофален доколку летавме ниско и бавно или во лоши временски услови; но, се разбира, такво нешто не се случи бидејќи имам завет за заштита.

И двата инциденти со мојот авион во врска со безбедноста на авионот, како и мојата лична безбедност, беа резултат на мојот завет, моите законски права во Царството. Се разбира, можам да ви раскажам како воопшто го добив тој авион, но нема да го

направам тоа сега. Мислам дека ја разбирате поентата – Бог е одличен!

Постојат закони во Царството што треба да ги научите за да бидете делотворни, безбедни и да бидете снабдени овде на земјата. Сатаната нѐ мрази, но не може да нѐ спречи, слава на Бога. Заштитата е и одмор, без грижа и страв! Тоа е ваше законско право.

Патем, законот што штотуку го опишав и користев е она што јас го нарекувам закон за надлежност, во случај да се прашувате.

Вториот стих што Бог ми го даде на почетокот во врска со Неговото Царство е Лука 6:20.

> *„Блажени сте вие, сиромашните, зашто ваше е Царството Божјо!“*
>
> — Лука 6:20

Дренда и јас почнавме да проучуваме што мисли Бог под „Божјото Царство“ во овој стих кога Господ прв пат ни го покажа. Повторно, Тој ни покажа дека Тој е Цар на едно Царство, кое е управувано и функционира со закони. На пример, да погледнеме кон нашата јужна граница. Секоја година, илјадници луѓе се обидуваат да пребегнат во САД. Зошто? Дали е тоа затоа што немаат убав поглед таму каде што живеат? Не, се разбира дека не. Тие се обидуваат да влезат во Соединетите Американски Државите поради начинот на кој функционира нашата држава. Нашата влада има закони што ги штитат правата на луѓето и овозможуваат многу слободи кои не се достапни во другите држави: сопственост на имот, право да поседувате сопствен бизнис, слобода на вероисповед, и слободен говор. Сите не се достапни во многу други држави.

Веќе зборувавме доста за Царството Божјо, основата на сите клучеви, принципи и закони што Бог ни ги дал како граѓани. Вашето знаење или недостаток на познавање на овие закони може да биде разликата помеѓу животот или смртта, победата или поразот. Откако претрпев многу низ тие девет години на тероризирачки финансиски страв и сега откако сум слободен, не можам доволно да нагласам колку е важно да знаете што значи да се биде граѓанин на Божјото Царство и важноста да се знаат сите

закони и принципи што се составен дел од тоа Царство.

Земјата постои илјадници години, но многу од работите во кои уживаме денес не беа разбрани. На пример, сакам да замислите како беше на Бадник во 1906 година во Оушн Блу – Брант Рок, Масачусетс. Се случи нешто што го промени светот тој ден. Реџиналд Фесенден ја свиреше О, Света Ноќ на бродовите кои пловеа по морето преку радио бранови и го читаше второто поглавје од Лука. Тоа беше првиот радио пренос во светот. Сега, преку мобилен телефон можеме да разговараме со кој било на планетата без да размислуваме за тоа.

Друг пример наоѓаме во 1879 година. Томас Едисон успешно ја измисли сијалицата и сега секоја држава на земјата ги користи законите на електричната енергија и законите што владеат со физиката за да гледаме навечер.

Или на пример 17 декември 1903 година. Браќата Рајт успешно летаа со првиот авион и сега можеме да се качиме во модерен авион и да го прелетаме целиот свет за неколку часа. А380, најголемиот комерцијален авион, тежок повеќе од 600 тони, може да прими над 800 луѓе и да лета повеќе од 9 часа без полнење гориво со приближно 1000 километри на час низ земјата. Кога луѓето би виделе вакво нешто во 1800-тите би се онесвестиле. Но, сега, за нас е исто толку вообичаено како да вклучите сијалица.

Поентата што ја кажувам е дека сите овие закони веќе постоеле, биле секогаш тука, во земното царство уште кога бил создаден човекот. Тие секогаш биле достапни за човекот да ги користи; но тој едноставно не ги гледал. Ги гледал птиците како летаат, ги гледал молњите, но сепак не разбрал.

Истото важи и за Светото Писмо. Религијата има поставено граници во однос на тоа што значи Божјото Слово. Со години сме слушале дека сите тие работи поминале, Бог веќе не прави чуда. Даровите на Духот биле само за апостолите или дека Павловиот трн бил болест. Во реалноста, Словото е прилично едноставно. Го пишува тоа што го мисли. Но, основата во Царството е првиот главен клуч што мора да го имате за да ги отклучите сите други врати.

## Еве уште еден главен клуч:

**Законите не се менуваат!**

Фрлете камен и ќе падне. Колку пати ќе падне? Секој пат! Законот за гравитација гарантира дека секој пат ќе го добивате истиот одговор. Истото важи и за Царството Божјо.

ПЕТТО ПОГЛАВЈЕ

# ЛЕТАЊЕТО Е ПОДОБРО ОД ОДЕЊЕТО

Летањето е подобро од одењето! Кога го пишував ова поглавје, се враќав дома од нашата викендица во Канада со мојот авион, движејќи се со 400 километри на час на околу 7000 метри над земјата. Со години со автомобил одевме во Канада од нашиот дом во Охајо. Потребни ни беа долги и напорни 31 час за да стигнеме таму. Морав да возам цела ноќ за да стигнеме таму следниот ден. Да, понекогаш патувавме два дена, но кога имате двонеделен одмор, а четири дена се возите, губите премногу од вашето време. Но, леле, бев уморен кога ќе стигневме таму, а потоа ме чекаше 31 час возење назад во Охајо.

Отсекогаш сум сакал авиони, а мојата пилотска дозвола ја добив на 19 години, но едноставно никогаш не помислував дека ќе поседувам авион. Мислам, дали ја знаете цената на авионите? Но, колку повеќе учев за Царството, сфаќав дека јас сум тој што стои помеѓу мене и тој авион со моето „Не“ и сиромашен менталитет. Јас всушност имам два авиони сега, еден што го користам за забава, мојот прв авион, а потоа и оној што го користам за патување. Како што споменав во претходното поглавје, начинот на кој сме израснати не ни дозволува да

сонуваме или да очекуваме големи работи. Ги исклучуваме пред да се развијат.

Никогаш порано не сум помислувал дека ќе поседувам авион. Едноставно не гледав како тоа е можно. Со години изнајмував авиони за да летам. Но, додека ги проучував законите на Царството и гледав голем број на сведоштва од мојот живот како го демонстрираат Царството, решив да Му верувам на Бог за мој авион. Немав пари за да купам во тоа време, но извадив чек и во делот за белешки напишав „за мојот авион". Го наведов точниот тип на авион што ќе го добијам. Мојата сопруга и јас го посеавме тој чек во Царството според Марко 11:24, верувајќи дека го добив авионот уште кога се молев. Уште на самиот почеток Господ ми покажа да го правам тоа во врска со Царството. Сведок сум на функционалноста на овој пристап.

Неколку недели подоцна, правев рутински физички преглед и докторот ненадејно ми рече: „Случајно, дали знаеш некој што би можел да биде заинтересиран да купи авион?" Бев изненаден, бидејќи никој досега не ме прашал тоа. „Каков авион е тоа?", прашав. Тој продолжи да ми објаснува за авионот и ми рече дека се наоѓа на локалниот аеродром ако сакам да го погледнам. Неверојатно, тоа беше токму таков авион за кој јас посеав семе! Поминав покрај аеродромот и го погледнав авионот, беше во одлична состојба. Знаев дека тоа е мојот авион. Но, имаше еден проблем; Немав пари да го купам. Му кажав на докторот дека сум многу заинтересиран за авионот и дека ќе се вратам кај него.

Поминаа неколку недели и добив телефонски повик од брат ми кој работеше во ресторанот на татко ми веднаш до зградата што ја поседував. Само што ја купив зградата неколку месеци порано, кон крајот на есента. Планирав да ја претворам зградата во служебен комплекс за мојата фирма за финансиски услуги. Зградата не ги исполнуваше условите за комерцијална градба за намената за која ја планирав, па знаев дека ќе треба одново да ја изградам. Контактирав со една градежна фирма и тие ги подготвија плановите и потпишавме договор. Сепак, решивме да почекаме до пролет пред да започнеме со проектот поради нестабилните временски услови. Реновацијата на зградата

требаше да вклучи целосна обнова на истата.

Претходниот сопственик на зградата ми кажа дека водата е исклучена за зимата, па јас никогаш не ја ни проверив. Телефонскиот повик од брат ми се случи кон крајот на февруари, откако еден топол временски период почна да го топи зимскиот снег. Ми кажа дека зградата ми е руинирана бидејќи од неа тече вода на улицата. Тој и јас знаевме што значи тоа – водата не беше исклучена како што ми кажа претходниот сопственик. Секако, додека ја испитував штетата, забележав дека цевките од бањата на горниот кат, како и цевките од бањата и кујната од долниот кат, пукнале и вода имаше низ целата зграда. Сите гипс картони, таваните и ѕидовите беа паднати од столбовите.

На прв поглед, ова може да изгледа како огромна катастрофа, но моите планови за реновирање на зградата бараа да се отстранат сите гипс картони и да се направат нови простории. Требаше да се замени и надворешната фасада. Така што во реалноста водата воопшто не ја оштети зградата. Целата штета што се случи беше во области кои сепак требаше целосно да се обноват. Меѓутоа, кога ја купив зградата, купив осигурување за неа. Штетата беше покриена, а осигурителната компанија ми ја исплати сумата – и погодувате – со таа сума го платив мојот авион. Тој авион, пајпер вориор, е лесен за управување, а јас често го летам за задоволство. Секој пат кога го правам тоа, се восхитувам на тоа колку е прекрасно да летам со авион што е целосно исплатен. Сега сѐ уште го поседувам тој авион, а веќе се ближат дваесет години откако го купив.

Иако во оваа приказна настаните што се случија беа прилично неверојатни, не сакам да ве оставам со погрешна претстава за тоа како функционираат работите. Нештата не секогаш се појавуваат одеднаш како во оваа приказна. Бог може да ве доведе до можност да заработите пари за да го платите вашиот авион, или може да добиете навистина добра цена за да купите некој авион. Начинот на размислување што треба да го имате кога сеете во Царството е дека Бог ќе ви ја покаже жетвата и план како да ја соберете. Втората работа е да останете во рамките на вашата развиена вера и способност. Познавам луѓе кои мислат

дека, бидејќи Бог им покажал како да го платат својот автомобил, тие мислат дека можат да продолжат да сеат за еден трилион долари. Немате вера за трилион долари! Започнете таму каде што сте и почнете да го применувате законот на Царството и да ја изградите вашата доверба во законите на Царството и вашата способност да го добиете она што ви го покажува Бог.

Но, еве една вистина што сакам да ја разберете. Бев пилот повеќе од 20 години пред да го купам тој авион. Дали мислите дека законите на Царството функционираа 20 години порано? Секако дека функционираа. Моето разбирање, или да кажам неразбирање, не ми дозволи да замислам дека поседувам авион.

Луѓето гледале птици илјадници години, законот за издигнување функционирал пред очите на сите, но никој не го видел. Што е тоа што не го гледате? Размислете за тоа.

Еден стих на кој Бог ме научи во раните денови во врска со одморот во снабдувањето на Царството беше Изреки 10:22.

> *„Благословот Господов – збогатува, и не донесува со себеси тага.“*
>
> — Изреки 10:22

Овој стих алудира на еден стих и принцип од Создавање 3:17 кој го спомнавме претходно.

> *„Затоа земјата нека биде проклета за тебе; со мака ќе се храниш од неа сè до крајот на својот живот; трње и бодлики ќе ти раѓа; и ти ќе јадеш трева полска. Со пот на лицето свое ќе јадеш леб.“*
>
> — Создавање 3:17

Кога Адам го изгуби Царството, тој го изгуби снабдувањето на Царството и остана да се грижи сам за своите потреби. Но, како што јас и ти веќе дознавме, едноставно не можеме да трчаме доволно брзо со мака и пот за да ја достигнеме слободата по која толку желно копнееме. Но сега има добри вести! Исус дојде да им проповеда добра вест на сиромашните!

*„Духот на Господ Бог е врз Мене, заштo Господ Ме помаза за да им благовествувам на бедните.“*

— Исаија 61:1

Исус беше испратен да им проповеда добра вест на сиромашните. Која би била добра вест за сиромашните? Едноставно, тие не мора да бидат врзани за недостатокот и сиромаштијата во проколнатиот земен систем. Верувајте ми, откако живеев - или би рекол преживував - девет години без ништо друго освен долгови и стрес, овој стих беше добра вест, но сепак беше збунувачки. Дали навистина значи тоа што го пишува? Зарем не би било одлично ако навистина значи она што го кажува, дека благословот на Господ навистина некако носи богатство во нашите животи? Навистина морав да знам дали ова е вистина, и потоа како да го применам. Едно нешто што разбрав, сепак, беше дека проклетството на трудот и потта снабдува само за преживување - а преживувањето едноставно не беше доволно добро. Никој не сакаше да се ослободи од ова проклетство повеќе од мене, но сепак немав поим како тоа да се реализира во мојот живот. Мислам дека вака живеат многу христијани - читајќи ги Божјите ветувања, но не знаејќи како да имаат полза од нив и потоа да ги покажат овде во нивните животи.

Кога почнав да учам и додека Господ ме водеше во моето разбирање на начелата на Царството, прочитав како Авраам беше многу богат. Чекајте! Што е со проколнатиот земен систем; како тој го надмина тоа?

*„А Аврам беше многу богат со добиток, со сребро и со злато.“*

— Создавање 13:2

Тој стана богат - не, Библијата вели многу богат - но како? „Па“, може да речете, „тоа беше така затоа што тој беше Авраам“. Не, не е точно, и тука треба да го присвоите вашето разбирање на законот на Царството. Законите не гледаат на тоа кој сте. Тие не гледаат кој е кој. Ако некој, кој било, скокне од емпајер

стејт билдинг без падобран, без разлика колку е голема или мала личност, секој знае каков ќе биде исходот. Законот за гравитација функционира секогаш без исклучок. Па, како тогаш Авраам просперираше и покрај проклетството на земјата? Дали има некои знаци во неговата приказна што можеби ни го откриваат одговорот? Дел од одговорот го наоѓаме во Создавање 12. Пред тоа, Бог му даде на Аврам, кој подоцна стана Авраам, ветување за неговиот живот и неговите потомци.

> *И му рече Господ на Аврам: „Излези од својата земја, и од родот свој, и од домот на татко си, па појди во земјата што ќе ти ја покажам Јас! А од тебе ќе направам голем народ, и ќе те благословам, и името твое ќе го прославам и ти ќе бидеш благословен. Ќе ги благословам оние, што тебе ќе те благословуваат, и ќе ги проколнам оние, што тебе ќе те проколнуваат и преку тебе ќе бидат благословени сите народи на земјата.“*
>
> — Создавање 12:1-3

Ветувањето зависеше од верата и послушноста на Авраам, а навистина беше потребна голема вера да го напушти познатото без да знае каде оди.

> *„Со вера Авраам, кога беше повикан, послуша да појде во местото што требаше да го добие во наследство, и тргна, не знаејќи каде оди.“*
>
> — Евреите 11:8

Така, сфативме дека Бог најде легален пристап до земното царство преку човек кој му веруваше дури и кога немаше смисла. Верата на Авраам му овозможи Бог лично да го благослови. Но подоцна, поради верата на Авраам, Бог ќе склучи завет со него во врска со неговото потомство. Немојте да мислите дека ова е чудно. Не заборавајте, така самиот сатана доби пристап до земното царство на почетокот. Адам, кој имаше правна јурисдикција над земјата, како што е запишано во Евреите 2:7-8, избра да му верува

на сатаната наместо на Бог.

Авраамовата вера, која отвори легална врата на Небото во неговиот живот, му овозможи многу да напредува. Таквиот просперитетот се пренесе на сите потомци на Авраам. Додека го проучував ова подлабоко, продолжив да читам за Јосиф, правнукот на Авраам. Најдов одлична илустрација и разбирање за Царството и како тоа функционира, и конкретно, што всушност значи Изреки 10:22.

За да имате мала позадина, браќата на Јосиф го мразеа и го продадоа како роб преку трговци со робови кои често патуваа низ нивната област. Тие го доведоа Јосиф во Египет, каде што потоа го продадоа на Потифар, генерал во египетската војска. Токму во следниов текст најдов големо парче од сложувалката во врска со способноста на Авраам да напредува до тоа ниво.

> *А Јосиф го одведоа во Египет. И Потифар, дворјанинот фараонов, заповедник на стражата, Египќанец, го купи од Јишмаелците, кои го доведоа таму. И Господ беше со Јосиф, та затоа беше среќен, и живееше во куќата од господарот свој, Египќанецот. И господарот негов виде дека е Господ со него и дека сѐ што работеше тој, Господ правеше да успева во рацете негови. И Јосиф се здоби со милост кај него, и му служеше. Тој го постави над целиот свој дом, и сѐ што имаше, го предаде во рацете негови. А кога го постави над домот свој и над сѐ што имаше, оттогаш Господ го благослови домот на Египќанецот заради Јосиф; И БЛАГОСЛОВОТ ГОСПОДОВ БЕШЕ НАД СЀ, ШТО ИМАШЕ ВО ДОМОТ СВОЈ И ВО ПОЛЕТО. И остави во Јосифовите раце сѐ што имаше, и не се грижеше веќе за друго, освен за лебот што го јадеше. А Јосиф беше со стројна става и со убаво лице.*
>
> — Создавање 39:1-6

Во текстот јасно се вели дека Господовиот благослов го предизвика просперитетот на Јосиф. Но, што беше или е Господовиот благослов? Забележав дека пишува „Благословот“ Господов, а не „Благослов“ Господов. За нешто големо сите ние

би рекле дека „тоа беше благослов“. Но, овој текст не говори за нешто добро што се случува. Зборува за „Благословот“.

Сфатив дека Господовиот благослов е, всушност, заветот склучен помеѓу Бога и Авраам и неговите потомци. Уште поконкретно, *Благословот* беа ветувањата дадени на Авраам во тој завет. Секој правен договор ги содржи должностите и обврските на двете инволвирани страни, но ги наведува и придобивките за секоја од нив. Во овој случај, ветувањата дадени на Авраам беа добрата страна на договорот. Обврската, да се уживаат овие благодати, беше да се следат Господовите декрети и закони. Јас, исто така, јасно видов дека и сѐ што Јосиф зеде под своја правна јурисдикција, исто така ги уживаше истите благодати и ветувања.

Имајќи го на ум сето ова, пишаното во Пословици 10:22 ми беше логично. Божјите ветувања дадени на Авраам како правен договор го надминаа проколнатиот земен систем на сиромаштија. Благословот даден на Авраам створи легална можност Бог да го благослови Авраам и неговата лоза со просперитет и сила што Бог првично сакаше да ги има човекот. Ајде да го прочитаме Изреки 10:22 со нашето разбирање напишано во заградите.

## Главен клуч:

**Благословот Господов [Ветувањата дадени на Авраам] - збогатува и не донесува со себе тага.**

Фразата „*не донесува тага*“ се однесува на проколнатиот земен систем од Создавање 3:17 - преку мака и пот. Еврејскиот збор за *тага* значи и тешка работа! Дали сега разбирате? Човекот може да ги избегне проколнатите земни ограничувањата на макотрпната работа и пот преку ветувањата дадени на Авраам. О, знам што мислите - „Тие ветувања му беа дадени само на Авраам и на неговото потомство“. Да, но треба да ви покажам уште еден стих, Галатјаните 3:13-14.

*„Христос нѐ откупи од проклетството на Законот, откако*

> *поради нас стана проклетство, бидејќи е напишано: „Секој да е проклет што виси на дрво!“, така што благословот даден на Авраам да дојде преку Исус Христос врз незнабошците, за да Го добиеме ветениот Дух преку верата.“*
>
> — Галатјаните 3:13–14

Сега преку вера, ние како верници во Исус Христос учествуваме во благословот што му беше даден на Авраам. Како благослов доби Авраам? Список од ветувањата наоѓаме во Повторени закони 28.

> *„Ако го слушаш гласот на Господ, твојот Бог, ги пазиш и ги извршуваш сите Негови заповеди, што денес ти ги заповедам, тогаш Господ, твојот Бог, ќе те постави погоре од сите народи на земјава; и ќе се пренесат на тебе сите овие благослови и ќе се исполнат, ако го слушаш гласот на Господ, твојот Бог.*
>
> *Благословен ќе бидеш во градот и благословен во полето.*
>
> *Благословен ќе биде плодот на твојата утроба, и плодот на земјата твоја, и плодот на добитокот твој, и плодот на воловите твои, и плодот на овците твои.*
>
> *Благословени ќе бидат кошниците твои и ноќвите твои.*
>
> *Благословен ќе бидеш, кога влегуваш, и благословен – кога излегуваш.*
>
> *Господ ќе ги порази пред тебе непријателите твои, кои се креваат против тебе; по еден пат ќе навлезат тие против тебе, а по седум патишта ќе избегаат од пред тебе.*
>
> *Господ ќе ти испрати благослови на твоите житници и на секоја работа на твоите раце; и на земјата, која Господ, твојот Бог, ти ја дава.*
>
> *Господ, ќе те постави за Свој свет народ, како што ти се беше заколнал на тебе, ако ги извршуваш заповедите на Господ, твојот Бог, и одиш по патиштата Негови. И тогаш ќе видат сите народи на земјата дека името на Господ, ти е дадено на тебе, и ќе се уплашат од тебе. И Господ, ќе ти даде изобилство во сите блага, во плодот на твојата утроба, во*

> *плодот на добитокот твој и во плодот на нивите твои на земјата, за која Господ им се беше заколнал на твоите предци дека ќе ти ја даде.*
>
> *И Господ ќе ти го отвори доброто Свое сокровиште – небото, за да дава тоа на време дожд на земјата твоја и да ги благословува сите работи на рацете твои: и ќе им даваш на заем на многу народи, а ти самиот нема да земаш на заем.*
>
> *Господ, ќе те направи глава, а не опашка, и да бидеш само на високо, а не на ниско, ако ги пазиш заповедите на Господ, твојот Бог, што ти ги заповедам денес да ги почитуваш и исполнуваш, и ако не отстапуваш од сите зборови, што ти ги заповедам денес, ни надесно, ни налево, и ако не тргнеш по други богови за да им служиш.“*
>
> — Повторени закони 28:1-14

Сите овие ветувања, иако во Стариот Завет, сега важат и за вас. Разликата е во тоа што во Стариот Завет луѓето им пристапуваа преку она што го правеа, но ние им пристапуваме преку нашата вера во Исус Христос според Новиот Завет. Јас и вие, како незнабошци, сме накалемени; и сега, преку Исус Христос учествуваме во благословот на Авраам. Но, ние имаме повеќе од само физичкиот благослов на Авраам, го имаме духовниот благослов на новото раѓање. Сега го имаме физичкиот, земен благослов на Авраам, но го имаме и вечниот благослов на Небото и Светиот Дух кој всушност живее во нас како синови и ќерки Божји. Запомнете, само синовите и ќерките го добиваат наследството; робовите не можат. Без новото раѓање, иако Авраам Го љубеше Бога, Светиот Дух не пребиваше во него, ниту, пак, тој можеше да влезе во Небото. Се разбира, тој го доби Небото откако Исус го плати долгот на гревот.

Конечно разбрав што всушност значи Изреки 10:22 кога вели дека Бог носи богатство и не додава никаква тага. *Тага* на еврејски јазик значи тешка работа, за која сфатив дека се однесува на проколнатиот земен систем на труд и пот. Разбрав дека овој завет, овој благослов на ветувањето за Божјата помош и Неговите добрини, го издигнаа Авраам над земното проклетство

и направија тој да напредува. Сфатив дека придобивките од тој благослов како што се дефинирани во Повторени закони 28, јасно укажуваат дека треба да напредувам. Ефектот од овие ветувања е дека јас сум предодреден да бидам главата, а не опашката, давателот, а не заемопримачот. Тоа е законско право на секое Божјо дете. Како Јосиф, јас го имам Божјиот благослов и треба да напредувам. Јас го имам и наследството на целото Царство Божјо. Како син, сето тоа е веќе легално мое.

Кога повторно ја погледнав приказната за Јосиф во Создавање 39, јасно видов дека токму успехот на Јосиф го привлече вниманието на Потифар, а исто така Божјата волја беше тој видлив успех да го привлече вниманието на народите во светот со цел да видат разлика во Божјиот народ.

> *„И тогаш ќе видат сите народи на земјата дека името на Господ, ти е дадено на тебе, и ќе се уплашат од тебе. И Господ, ќе ти даде изобилство во сите блага, во плодот на твојата утроба, во плодот на добитокот твој и во плодот на нивите твои на земјата, за која Господ им се беше заколнал на твоите предци дека ќе ти ја даде.“*
>
> — Повторени закони 28:10-11

Забележав уште нешто важно во Создавање 39:6 што исто така сакам и вие да го видите. Зборувајќи за Потифар, се вели: „*Така му остави на Јосиф сѐ што имаше; со Јосиф на чело, тој не се грижеше за ништо освен за храната што ја јадеше*“. Го видов тоа! Еве пример за починката за која зборуваме. Потифар не мораше да се грижи за ништо освен за храната што ја јадеше. Тоа значи дека успехот што го донесе Јосиф во неговиот дом, благословот Господов, даде резултати што му овозможија на Потифар да се фокусира на своите обврски, а не на преживувањето!

Дренда и јас имаме една изрека што ја користевме со години: „Додека не се стабилизираш финансиски, никогаш нема да ја откриеш својата судбина“, и никогаш нема да откриеш кој си навистина. Никогаш нема да го најдете вашето право место, вашата страст, никогаш нема да имате вистинско исполнување.

Сите ваши одлуки ќе гравитираат околу вашето преживување, како да заработите или најдете пари, и да бидете некој што не сте само за да заработите средства. Овде го гледаме ефектот на Господовиот благослов врз Потифар, кој не знаеше ништо за Царството Божјо. Ставајќи го својот персонал под грижа на Јосиф, неговиот имот и неговите работи беа пренесени под заветот што го носеше Јосиф. Можете јасно да го видите моментот кога се случи овој трансфер во стих 5 од 39 поглавје.

> *„А кога го постави над домот свој и над сѐ што имаше, оттогаш Господ го благослови домот на Египќанецот заради Јосиф; и благословот Господов беше над сѐ, што имаше во домот свој и во полето."*
>
> — Создавање 39:5

Овде повторно гледаме како се случува таа промена на надлежност од земното царство, кое е подложно на проколнатиот земен систем, во Царството Божјо, и притоа гледаме драстични промени. Ајде да биде искрени: ако Бог ви помага со својата мудрост, ве води до правилни одлуки и ве предупредува за можните стапици, секој може да напредува! Ме разбирате? Благословот Господов е ваш!

Додека го проучував ова кога Господ ме учеше за Царството, бев збунет зошто Јосиф имаше огромен успех поради овој благослов, но сепак повеќето христијани што ги познавам денес се мачат да ги платат своите сметки. Да се биде целосно слободен финансиски е нешто што повеќето не ни мислат дека е можно. Сепак, имаме подобар завет заснован на подобри ветувања од оние од Стариот Завет. Иако јасно го разбрав Господовиот благослов, сѐ уште не знаев точно како тој благослов всушност ги дава одговорите што ми беа потребни – но учев и уживав во сѐ повеќе и повеќе слобода кога почнав да го применувам и да експериментирам со она што ме учеше Бог .

Потоа го свртев моето внимание на Новиот Завет гледајќи на Исус и Неговата служба за да дознаам повеќе за тоа како Божјото Царство ги менува ситуациите и околностите таму.

*„Еднаш, кога народот се притискаше кон Него за да го чуе словото Божјо, Тој стоеше покрај Генисаретското езеро. Тогаш виде два кораба што стоеја покрај езерото; а рибарите беа излегле од нив и си ги плавеа мрежите. Тој влезе во еден од корабите, кој беше на Симон, па го замоли да отплови малку од брегот, па седна и почна да го поучува народот од коработ.*

*А штом престана да говори, му рече на Симон: „Заплови кон длабочините и фрлете ги мрежите свои за лов!“ Но Симон Му одговори и рече: „Учителе, цела ноќ се трудевме и ништо не уловивме; но по Твоја волја ќе ја фрлам мрежата.“*

*И штом го направи тоа, тие уловија толку големо количество риба, што дури и мрежата им се скина. Им дадоа знак на другарите што беа во другиот кораб да дојдат и да им помогнат; и тие дојдоа и ги наполнија и двата кораба, така што за малку ќе потонеа.*

*А кога го виде тоа, Симон Петар падна пред нозете Исусови и Му рече: „Оди си од мене, Господи, зашто сум грешен човек!“ Зашто него, и сите што беа со него, ги беше обзел страв од многуте риби, што ги уловија, а исто така и Јаков и Јован, синовите Заведееви, кои му беа другари на Симон.*

*И му рече Исус на Симон: „Не плаши се! Отсега ќе ловиш луѓе!“ Кога ги извлекоа двата кораба на суво, оставија сѐ и тргнаа по Него.“*

— Лука 5:1–11

Еве приказна за тоа како Божјото Царство едно утро го менува проколнатиот земен систем во животите на тројца рибари. Ако го прочитате текстот, ќе сфатите дека Петар, Јаков и Јован ја поминаа цела ноќ без да фатат ништо. Типично за проколнатиот земен систем на труд и пот, тие не уловија ништо цела ноќ и покрај нивниот труд. Но, кога Исус ќе допре до Божјото Царство и неговата функција, истите рибари уловија толку многу риби што нивните чамци речиси потонаа!

Чекајте малку!!! Ајде да размислиме за она што штотуку го прочитавме. Ништо, без риби, банкрот, се претвора во жетва што за малку потона два чамци? Сепак, луѓето ја читаат оваа

приказна и ја читале стотици години наназад без да видат или дури да помислат дека тоа може да се случи и во нивниот живот. Зошто?

Вообичаениот одговор е дека Исус беше таму и Тој го направи тоа. Се сеќавате на приказната што ја разгледувавме од Марко 6, каде што Исус не можеше да ги лекува луѓето затоа што луѓето немаа вера, и затоа, Царството немаше надлежност? Некој мораше да му даде надлежност на Небото, пред Небото да дејствува во таа ситуација.

**Но Симон Му одговори и рече: „Учителе, цела ноќ се трудевме и ништо не уловивме; но по Твоја волја ќе ја фрлам мрежата.“**

Петар се согласи со Небото и Небото имаше правен пристап во оваа приказна. Повторно, го гледаме земното царство трансформирано од Царството Божјо. Нели е лудо, исто како што луѓето илјадници години гледаа како птиците летаат, без да сфатат дека тоа е возможно и за нив и затоа никогаш не се ни обидуваат да го постигнат тоа. Такви се и христијаните денес, не сфаќајќи дека не мора да ги трпат празните мрежи, туку дека имаат пристап до Небесната моќ за да им помогне да напредуваат во животот. Она што сакам да го видите е дека истите луѓе што не можеа да уловат ништо се истите што завршија со два брода толку полни што почнаа да тонат!

Пријатели, разликата е во Царството, а не во луѓето. Можеби да мислите дека немате иднина, и дека постојано ви недостасува нешто, со проблеми што не престануваат. Но, во реалноста, сѐ што ви треба е Царството да го претвори вашиот живот во успешна приказна. Да, вие имате своја улога. Тие мораа да одат да ловат риби - мораа да се грижат за своите мрежи и да се подготвуваат за улов - но секој може да фати риби ако Бог ви покаже каде.

Слушајте, проколнатиот земен систем на мака и пот не може да ви помогне. Не можете да трчате доволно брзо или доволно долго за да ги исполните вашите соништа. Божјата волја никогаш не била да стискате заби и да се трудите со свои сили

за да успеете.

Со помош на законите и ветувањата на Божјото Царство, можеме да летаме наместо да одиме. Дозволете ми да го кажам ова на поинаков начин. Иако законот за гравитација е сѐ уште во сила, ние можеме да летаме доколку се прикачиме за еден друг закон, законот на кревање, и да уживаме во сосема нов начин на живеење.

Запомнете, кога ќе доаѓате кај Христос, вие сте член на Божјото Царство. Како граѓанин, имате законски права; и како син или ќерка вие имате право на наследство. Вашите законски права и придобивки ве поставија високо над проколнатиот земен систем на сиромаштија, болести и неуспех.

Замислете како овој стих звучел во ушите на еден Израелец кој бил роб цел живот. Всушност, сѐ што знаеле е ропство. Ова се зборовите што Мојсеј ги кажува на народот Израелски додека тие се подготвувале да влезат во ветената земја.

> *„Кога, пак, ќе те воведе Господ, твојот Бог, во онаа земја, за која Тој им се заколна на предците твои – Авраам, Исак и Јаков, да ти ја даде со големи и убави градови, што ТИ НЕ СИ ГИ ГРАДЕЛ, и со куќи, полни со секое добро, со кое ти не си ги наполнил, и со кладенци ископани, што ти не си ги копал, со лозја и маслини, кои ти не си ги садел, па ќе јадеш и ќе се заситуваш! Тогаш пази да не Го заборавиш Господа, Кој те изведе од египетската земја, од домот на РОПСТВОТО.“*
>
> — Повторени закони 6:10-12

Како поранешни робови, единствениот начин на кој знаеја да направат нешто беше макотрпната работа и потта. Но, овде Бог им вели дека нивниот сопствен труд нема да им го обезбеди она што им е потребно. Тој не им велеше дека повеќе нема да се трудат за ништо, туку дека нема да бидат врзани за систем кој бара труд за да преживеат. Бог вели дека тие ќе напредуваат во земјата во која Тој ги води.

Дозволете ми да го завршам ова поглавје со уште една приказна што дополнително го илустрира она што го кажувам.

Дренда и јас навистина не сме љубители на автомобили. Некои луѓе се, и тие би можеле да ви ги кажат сите автомобили на кои им се восхитуваат. Од некоја причина, едноставно никогаш не сакавме автомобили. Сега, не ме сфаќајте погрешно. Ние сакаме убави работи, но никогаш не сме кажале дека навистина мора да имаме одреден автомобил. Обично купуваме автомобил и го возиме 10 или повеќе години. Се разбира, ние добро се грижиме за нашите автомобили и тие никогаш не изгледаат како стари автомобили, но се додека изгледаат добро и работат одлично, ние сме среќни.

**СÈ ШТО ВИ ТРЕБА Е ЦАРСТВОТО ДА ГО ПРЕТВОРИ ВАШИОТ ЖИВОТ ВО УСПЕШНА ПРИКАЗНА. ДА, ВИЕ ИМАТЕ СВОЈА УЛОГА.**

Но, пред неколку години, нашата црква изнајми неколку кадилаци за конференцијата на која бевме домаќини. Ги изнајмивме за да ги возиме нашите гости и сакавме да обезбедиме убаво возило за таа цел. Сега, ова не беше прв пат да го направиме тоа. Тоа секогаш сме го правеле. Но, тогаш за прв пат ние возевме еден од нив додека беа на имотот за тој настан. Не сум сигурен зошто се возевме на овој конкретен настан, но отидовме дома за една ноќ со автомобилот. А знаете ли што? Многу ни се допадна. Мене и на Дренда ни се допадна како изгледаше автомобилот и удобноста на возењето.

Во тоа време, возевме убав хонда пилот, но ескаладата беше сигурно чекор над пилотот. Тоа беше платинесто бисер бела боја и беше пократката верзија. Ако знаете многу за овие автомобили, тие доаѓаат во две големини, долга и пократка. Повеќе ни се допадна пократката бидејќи изгледаше дека се управува подобро, со малку поагилни маневрирање. Додека ја возев ескаладата со Дренда, таа рече: „Знаеш, ми се допаѓа овој автомобил; Мислам дека треба си да купиме еден“. Се согласив. „Треба да купиме еден ист како овој, кратката верзија во бисерно

бело боја". Двајцата се согласивме.

Иако никому не кажавме за нашиот разговор, околу еден месец подоцна, додека одев надвор да го земам весникот, ми заѕвони мобилниот телефон. Го препознав гласот од другата страна на линијата бидејќи стануваше збор за човек што беше дел од мојата црква. Тој рече: „Здраво", а потоа рече дека сака да ми купи ескалада. Бев изненаден за миг, но реков: „Одлично!" Потоа ме праша каква боја би сакал да биде автомобилот, а јас му реков дека ја сакаме белата бисерна боја. Тој рече: „Ќе ти се јавам кога ќе набавам таков". Меѓутоа, не ме праша дали го сакам краткиот или долгиот модел. Помина еден месец и помислив дека можеби заборавил на автомобилот, но сепак, се јави и ни рече да дојдеме, бидејќи ескаладата беше подготвена за да ја земеме.

Кога се сретнавме, видовме убава бисерна бела, кратка верзија на ескалад како стои таму. Беше совршена во секој поглед, без гребнатинка, буквално совршен автомобил. Му кажавме дека го сакаме. Потоа се извини, велејќи дека му е жал што помина толку време, но иако сакал да најде долг модел, успеал да најде само краток модел. Се насмеавме и рековме: „Ние баш сакавме краток модел". Го возевме тој автомобил дома и мислевме дека сме најбогатите луѓе на планетата што го возат тој автомобил. Но, знаете што? Тие ескалади постојат долго време. Едноставно никогаш не помислив дека ќе имам таков автомобил! За да ја разберете оваа приказна целосно, треба да знаете дека во минатото имав подарено осум автомобили, па затоа имав посеано во земјата во однос на автомобилите. Едноставно никогаш не реков дека сакам.

П.С. Знам што мислите, дека вакви работи им се случуваат само на проповедниците. Па, јас работам во финансии веќе 36 години и сум разговарал со многу проповедници. Да ви кажам искрено, мнозинството од нив живеат од ден за ден. Не, овие работи не ни се случуваат затоа што проповедаме за Царството, туку затоа што живееме во Царството и ги применуваме законите на Царството во нашите животи. Всушност, бев без долгови пред да ја започнам мојата црква. Само да ви кажам дека немав потреба да основам црква за да можам да имам работа да си ги

плаќам сметките. Ја започнав мојата црква за да им го кажам на луѓето она што јас и Дренда го откривме — добрата вест за Царството!

ШЕСТО ПОГЛАВЈЕ

# ЖИВОТОТ Е ПОВЕЌЕ ОД ПЛАЌАЊЕ СМЕТКИ

Изгледаше како кратка животна оаза во животната бура со која се соочував. Поканивме околу 50 луѓе во нашата стара куќа на фармата на едно попладне за да уживаат во логоров оган, виршли и дружење. Тоа беше во годините на екстремен стрес без пари, борејќи се само да преживееме уште една недела. Со нетрпение го очекував настанот бидејќи бев емотивно уморен и ми требаше нешто позитивно на кое малку ќе се фокусирам. Вечерта беше голем успех: храната беше одлична, многу наши пријатели дојдоа со своите деца и сите добро се забавуваа. Куќата беше преполна кога некој затропа на вратата. Мислев дека можеби тоа е некој што доцни на нашиот собир, но кога ја отворив вратата, ме пречека вработен од електродистрибуција. Тој учтиво ми кажа дека е дојден за да ми ја исклучи струјата поради неплатената сметка. Бев запрепастен. Мојата куќа беше полна со гости и ми требаше струја, а да не зборувам за срамот од сето тоа.

Брзо го замолив вработениот да појдеме во дворот на една минута. Го прашав што треба да направам за да не ја исклучи

струјата и тој ми ја кажа сумата што треба да ја платам. „Премногу голема сума“, си помислив. „Можете ли да ја намалите малку?“ Се замисли за миг и ми даде помала сума. „Можете ли да го задржите чекот до вторник пред да го кеширате?“ Прашав. Тој рече: „Нема проблем“, и јас го напишав чекот. Тој петок немав пари на сметката, а не знаев како ќе има пред вторник, но барем струјата остана вклучена цел викенд. Не се сеќавам што направив во вторникот, но веројатно најдов нешто за заложување.

Тоа беше само еден ден од нашиот финансиски дисфункционален живот. Сега замислете да живеете на овој начин девет години! Животот под таков стрес ја гаси секоја визија и ја цеди секоја мала радост што денот може да ја донесе. Секоја мисла е насочена кон преживување, каде да се најдат парите за следната сметка. Дали потрошив премногу минатата недела? Дали треба да го земам мојот дигитрон кога одам да купувам намирници за да се осигурам дека нема да потрошам повеќе одошто треба? Секогаш размислувате како да направите нешто на најевтиниот можен начин. Пријатели, тоа не е живеење! Погледнете што вели Матеј 6:25.

> *„Затоа ви велам: немојте да се грижите за вашата душа – што ќе јадете или што ќе пиете; ниту за телото, во што ќе се облечете. Зар не чини вашата душа повеќе од храната, и телото – од облеката?“*
>
> — Матеј 6:25

Исус вели дека работите на животот не се живот! Сè овде во животот треба да го поддржува животот и нашата цел. Но, бидејќи Адам го изгуби снабдувањето на Царството, животот се преврте наопаку и сега сè што го поддржува животот е поважно од самиот живот. Луѓето немаат поим што е всушност вистинскиот живот и сигурно не знаат кои се тие навистина. Прашајте кој било кој е и ќе ви каже што прави. „Јас сум доктор, јас сум комерцијалист...“ Не, тоа не сте вие; тоа е она што го правите. Човекот ги изгуби своите соништа. Мислам дека човекот сега сонува како да заработи повеќе пари, но го изгуби сонот за

целта. Со други зборови, што и да носи најмногу пари станува негов сон. Меѓутоа, бидејќи секој човек е уникатно создаден со различни таленти и способности, тој почнува да се занимава или работи нешта што не се негова страст. Животот станува долги, развлечени недели чекајќи слобода за време на викендот или долги, развлечени животи кои чекаат да се пензионираат.

Па да ви поставам прашање. Ако немате потреба од пари, ако имате повеќе пари отколку што би можеле да ги потрошите во вашиот живот, што би направиле? Веројатно ќе смислите нешто поинакво од она што го правите во моментов. Како што споменав претходно, од статистиката знам дека најмалку 70% од Американците, на прашањето дали им се допаѓа нивната работа, рекле дека не го работат тоа што го сакаат. Сакам да разберете дека ова трчање по богатството, овој притисок да постигнете нешто и постојаната грижа за утре никогаш не биле Божји план за човекот.

> *И Бог го создаде човекот според образот Свој, според образот Божји го создаде; машко и женско ги создаде. И ги благослови Бог, и им рече: „Плодете се, и множете се, и наполнете ја земјата, и господарете над неа, и овладајте ги морските риби, и небеските птици, и сите животни што лазат по земјата!“*
>
> *И Бог рече: „Еве, ви дадов секакви билки што даваат семе по целата земја, и секакви дрвја што во себе имаат семе според својот род и вид; тоа да ви биде за храна! А на сите земни ѕверови, и на сите небески птици, и на сѐ што се движи по земјата, во кое има жива душа, им ги дадов сите тревни растенија за храна.“ Така и стана.*
>
> *И Бог виде дека сето она што го создаде е многу добро. И настапи вечер, и настапи утро – шести ден.“*
>
> — Создавање 1:27-31

Човекот е создаден на шестиот ден од создавањето - поточно на крајот на шестиот ден. Тој е создаден на крајот на шестиот ден, бидејќи е создаден да живее со Бога на седмиот ден, денот

што го знаеме како ден за одмор.

> *„Така се довршија небото и земјата и сето нивно воинство. Седмиот ден Бог ги заврши делата Свои, што ги направи; и си отпочина во седмиот ден од сите дела Свои, што ги создаде. И Бог го благослови седмиот ден, и го освети, зашто во тој ден си отпочина од сите дела Свои, што ги направи и создаде.“*
>
> — Создавање 2:1-3

Библијата вели дека Бог се одмори на седмиот ден. Бог не беше уморен! Тој беше завршен. Сѐ беше завршено. Сѐ што на човекот некогаш би му требало на земјата веќе беше на земјата кога се појави човекот. Мир! Човекот имаше сѐ што некогаш ќе му треба. Немаше грижа за плаќање сметки, ниту, пак, имаше грижа дека може да го нaваса болест. Имаше совршено тело и совршена сопруга. Требаше само да се фокусираат еден на друг, на Бог, и на нивната задача или цел. Адам беше задолжен за земјата; тој целосно владееше со неа со авторитетот и моќта на Царството Божјо. Но, веќе знаеме како заврши таа приказна. Адам и Ева извршија предавство против Божјото Царство и ја изгубија својата положба, ја изгубија својата храна и ја изгубија својата цел. Нивната цел сега стана опстанокот. Нивните мисли беа исполнети со страв и

**БОГАТСТВОТО Нѐ МАМИ СО МОЖНОТО БЕГСТВО ДО МЕСТО ЗА ОДМОР - МЕСТО КАДЕ ШТО МОЖЕМЕ ДА СЕ ФОКУСИРАМЕ НА ОНА ШТО НАВИСТИНА САКАМЕ ДА ГО ПРАВИМЕ, ДА ЖИВЕЕМЕ ЖИВОТИ ПОЛНИ СО ЦЕЛ НАМЕСТО ДА ПРЕЖИВУВАМЕ.**

грижа за нивниот опстанок. Како што пишува во Создавање 3:17, за тоа беше потребно мака и пот.

**Адам го изгуби седмиот ден!**

Сега немаше одмор, немаше мир. Темна некомплетност го обви неговиот живот и Адам мораше да трча за да остане пред празнината. Човекот оттогаш живее во оваа состојба на нецелосност. Но, имаше надеж. Кога човекот падна, Бог му подарил сеќавање, слика ако сакате, на она што Тој еден ден ќе го обнови. Тоа се викаше шабат. Зборот *сабота* буквално значи починка. Седмиот ден од седмицата му беше даден на човекот како ден за починка. Барањето за сабота, како што можете да замислите, беше да не се работи; не беше дозволено потење и мака. Тоа беше ден кога човекот требаше да застане, да ужива во своето семејство и да Го обожава Бог. Сите одредби за саботата мораа да бидат завршени пред да започне денот. Дури и оброкот за тој ден луѓето го подготвуваа претходната вечер. Тоа беше ден за одмор и буквално сѐ што потенцијално би било потребно за тој ден народот претходно веќе го имаше завршено. Човекот требаше само да одмара и да размислува за нешто друго, а не за својот опстанок.

Шабатот беше токму тоа, ден. Но, човекот оттогаш сонува за живот на починка. Човековата потрага по богатство е симптом на неговата желба да се ослободи од маката и потта што го држи заробен целиот негов живот. Богатството нѐ мами со можното бегство до место за одмор - место каде што можеме да се фокусираме на она што навистина сакаме да го правиме, да живееме животи полни со цел наместо да преживуваме.

Денес, шабатот, седмиот ден, без разлика дали го славите во сабота или недела, не се почитува многу во оваа култура. Да, повеќето луѓе кои одат во црква одат во недела наутро. Сепак, гледајќи ја културата како целина, саботата како ден речиси не се разликува од другите денови во седмицата. Кога бев дете, сѐ беше затворено во недела. Не можевте да одите на шопинг во недела; не можеше ни бензин да се купи во недела. Татко

ми точеше гориво во сабота навечер за да има за потребите во недела. Ако ме познавате, знаете дека уживам да ловам, но како ловец не можев ниту да ловам во недела. Ловот беше забранет во недела. Луѓето порано ја носеа својата најубава облека и имаа големи семејни вечери во недела. Но, се разбира, денес сето тоа е променето. Но, вистинската слика за шабатот не е променета.

Но, колку и добро луѓето да беа подготвени за шабат, колку и да беше одлична семејната трпеза на самиот ден, доаѓаше понеделник. Фразата „Понеделнички утрински блуз" е синоним за зборот *страв* од кога се сеќавам. „Морам да одам на работа" и „назад на стариот камен за мелење" беа фрази што се користеа за да се опише понеделничкото наутро. И ако застанете и размислите за тоа, речиси звучи како ропство. Но, фала Му на Бога, петок е! Дури и денес, викендот и саботата се кратко место за одмор за повеќето луѓе. Но, тоа е краткотрајно бидејќи понеделничкиот метежот ќе биде таму уште од самото утро.

Но, што ако навистина постои начин да се живее животот во вечен шабат. Колку би било прекрасно ако навистина постои начин да се живее живот ослободен од страв, полн со благослови, полн со смисла, и живеење во место за починка! Дренда и јас живеевме живот во маки, страв, болести и несигурност девет долги години додека не откривме дека одморот во сабота е всушност можност за нашите животи. Јас сум сериозен!

> *„Но, за народот Божји сѐ уште останува саботна починка. Зашто, кој ќе влезе во спокојот Негов, тој ќе се одмора од делата свои, како и Бог од Своите. И така, да се погрижиме да влеземе во оној спокој, та да не би некој да падне во слична непослушност."*
>
> — Евреите 4:9-11

Пријатели, ова е Новиот Завет. За Божјиот народ денес е обезбедено починка. Светото Писмо ни кажува дека можеме да влеземе во Божјиот одмор и да се одмориме од нашите дела. Запомнете го она што штотуку го проучувавме: Божјата починка вели дека сѐ е завршено, целосно и снабдувањето е лесно

достапно. Постои слобода од менталитетот на преживување, слобода од ропството на сиромаштијата и слобода од болести и слабости. Постојат нови опции! Шабатот не е само старозаветна информација, тој принцип важи и за нас денес. Но, пред да мислите дека повторно зборувам за живот под сиот старозаветен легализам и ритуали, не го велам тоа. Наместо тоа, сакам да го испитам овој саботен одмор за кој зборува посланието до Евреите. Бидејќи, како што дознавме јас и Дренда, тука лежи многу важен клуч за да може Божјото Царство да функционира и да снабдува за нас онака како што наумил Бог.

**КОЛКУ БИ БИЛО ПРЕКРАСНО АКО НАВИСТИНА ПОСТОИ НАЧИН ДА СЕ ЖИВЕЕ ЖИВОТ ОСЛОБОДЕН ОД СТРАВ, ПОЛН СО БЛАГОСЛОВ, ПОЛН СО СМИСЛА И ЖИВЕЕЊЕ**

## ШОКАНТНО: ШАБАТОТ НЕ Е ПОВЕЌЕ ДЕН!

Се надевам дека оваа изјава го привлече вашето внимание. Во Христовото тело постои голема дискусија за тоа како треба да се слави шабатот: сабота, недела или почнувајќи од зајдисонце во петок навечер до зајдисонце во сабота навечер. Цели деноминации се изградени околу нивното толкување на саботата. Пред да ја фрлите оваа книга на подот згрозени мислејќи дека сум еретик, ве молам останете со мене само за момент и ајде заедно да погледнеме во Колосјаните 2:16–17.

> *„Па така, никој нека не ве осудува за јадење или пиење, или за некој празник, или за млад месец или саботи; тоа е само сенка на она што доаѓа, а телото е Христос.“*
>
> — Колосјаните 2:16–17

Обрнете големо внимание на она што го вели Павле. Саботниот ден беше сенка на работите што требаше да дојдат; реалноста, сепак, се наоѓа во Христа. Саботниот ден беше сенка, не беше вистинската работа. Ако Христос е вистинската работа, тогаш саботата беше сенка на тоа Кој е Тој и што направи. Дозволете ми да го кажам ова на друг начин: нема сила што може во сабота да го одземе или да го промени проколнатиот земен систем на труд и пот што Адам го донесе на земјата. Ако религиозно го почитувате, сам по себе, саботата нема моќ да ве ослободи. Но, тоа е сенка, слика на она што можете да го најдете во Христа.

Кога бев во прво одделение, мојот наставник нѐ натера сите да нацртаме силуети од нашите глави од страна. Тој постави проектор и нѐ стави да седнеме пред него, на бела хартија пред нас се гледаше сенка од нашите глави. Потоа ги цртавме контурите на нашите сенки и ги создадовме нашите силуети, кои ги исековме и ги однесовме дома кај нашите мајки за Денот на мајката. Сенката навистина наликуваше малку на мене, но не ја доловува целата моја суштина, мојот карактер или личност. Но, даде некои информации за мене.

Саботата го направи истото. Нејзината сенка ни кажа да не работиме, нема болна мака и пот. Тоа беше само сенка, но не и вистинската работа. Но, тоа укажуваше на Исус Христос, Кој, всушност, нѐ ослободи од проклетството на законот и проколнатиот земен систем и повторно нѐ воспостави како синови и ќерки Божји и граѓани на Божјото големо Царство! Повторно, тоа беше слика на она што Исус подоцна го врати. Тоа е завршено дело каде ни е вратено сѐ што ни треба за живот. Меѓутоа, како што пишува во Евреите, ние влегуваме во тој одмор преку вера. Запомнете, потребна е вера за Небото да има легално право и надлежност овде на земјата. На крстот Исус извика: „Завршено е!“ исто како што Бог рече дека е завршено на крајот на шестиот ден.

Саботата за повеќето луѓе денес е религиозен ден. Луѓето ја гледаат саботата како Божји ден, ден кога Му должиме на Бога да одиме во црква, да правиме дела за Бога и да вршиме други религиозни работи. Исус мораше да ги исправи Своите ученици,

кои имаа ист начин на размислување.

> *„Саботата е создадена за човекот, а не човекот за саботата.“*
>
> — Марко 2:27

Саботата е создадена за човекот, а не човекот за саботата. Дали знаете дека многу луѓе се чувствуваат виновни ако не отидат во црква? Зошто се чувствуваат виновни што не биле во црква, а всушност тие се црквата? Не велам дека воопшто не треба да се собираме заедно на богослужба, но менталниот склоп покажува дека тие имаат погрешно гледиште за саботата.

Знам дека можеби сѐ уште сте збунети, па дозволете ми да одам малку подлабоко гледајќи ги зборовите што ги кажува Исус во Јован 11.

> *„Кога дојде Исус, откри дека тој веќе четири дена е во гроб. А Витанија беше близу до Ерусалим, околу петнаесет стадии; и мнозина Јудејци беа дошле кај Марта и Марија да ги утешат за нивниот брат. Кога чу Марта дека доаѓа Исус, излезе пред Него; а Марија седеше дома.*
>
> *Тогаш Марта Му рече на Исус: „Господи, ако беше Ти овде, брат ми немаше да умре. Но и сега знам што и да посакаш од Бога, Бог ќе ти даде.“*
>
> *Исус ѝ рече: „Твојот брат ќе воскресне!“*
>
> *Марта Му рече: „Знам дека ќе воскресне при воскресението, во последниот ден.“*
>
> *А Исус ѝ рече: „Јас сум воскресението и животот; кој верува во Мене, и да умре, ќе живее. И секој што живее и верува во Мене, нема да умре довека. Го веруваш ли тоа?“*
>
> *Таа Му одговори: „Да, Господи, јас поверував дека си Ти Христос, Синот Божји, што треба да дојде во светот.“*
>
> — Јован 11:17-27

Исус рече дека Тој е воскресението; тоа не беше само ден. Саботниот ден беше и е сенка на она што Исус го направи

на крстот за нас. Исус е вистинската сабота и во Него имаме пристап до Царството Божјо и сѐ што има во него. Токму затоа, можеме да се одмориме!

Значи, да се вратиме сега на нашиот стих од Новиот Завет во Евреите.

> *„Но, за народот Божји сѐ уште останува саботна починка. Зашто, кој ќе влезе во спокојот Негов, тој ќе се одмора од делата свои, како и Бог од Своите. И така, да се погрижиме да влеземе во оној спокој, та да не би некој да падне во слична непослушност.“*
>
> — Евреите 4:9-11

Сенката на саботниот ден вели дека ви е забрането да се трудите и да се потите за она што ви треба во сабота, но тоа само ни даваше увид во она што го направи Исус, што нѐ ослободи од проколнатиот систем на земјата во кој за да преживееме треба да се потиме и мачиме. Со други зборови, она што го претставуваше стана реалност во Христа. Всушност, првата порака што Исус ја проповедаше беше околу саботата. Во Исаија 61, ги наоѓаме зборовите од Неговата прва проповед, што Тој ја проповедаше во Лука 4.

> *„Духот на Господ Бог е врз Мене, зашто Господ Ме помаза за да им благовествувам на бедните.“*
>
> — Исаија 61:1

Со тоа што тврдеше дека има излез од сиромаштијата, Тој велеше дека има излез од проколнатиот земен систем на мака и пот. Токму ова ропство на грижата за основните потреби ги држеше луѓето во ропство немајќи способност да се одморат. Но, саботниот ден не беше единствената слика што Бог ја даде на Својот народ за она што еден ден ќе биде обновено. Исто така имаше и шаботна година!

> *„Во седмата година проштевај! И оваа е заповед за*

*простувањето: секој кој дал на заем на ближниот свој, нека му го прости; целиот долг да не го бара од ближниот свој, или од братот свој, бидејќи тоа е простување заради Господ; од туѓинецот барај го она што го имаш кај него; а на братот твој прости му го долгот, за да нема кај тебе сиромав; зашто Господ ќе те благослови во онаа земја, која Господ, твојот Бог, ти ја дава како дел, за да ја добиеш во наследство.*

*Доволно е само да го слушаш гласот на Господ, твојот Бог, и да ги пазиш и да ги исполнуваш сите овие заповеди, кои денес ти ги заповедам; зашто Господ, твојот Бог, ќе те благослови, како што ти говорел, и ти ќе даваш заем на многу народи, а самиот нема да земаш заем; и ќе владееш со многу народи, а над тебе никој нема да владее.“*

— Повторени закони 15:1-6

Забележете дека тие требаше да ги поништат сите долгови на секои седум години. Повторно гледаме дека Бог го користи бројот седум за да покаже дека сѐ е целосно. Нема недостаток; Тој обезбеди сѐ што е потребно за човекот. Сепак, ако некои ја доведуваат во прашање Неговата мудрост кога им рече да ги простат долговите, Тој додаде: **„За да нема кај тебе сиромав; зашто Господ ќе те благослови во онаа земја, која Господ, твојот Бог, ти ја дава како дел, за да ја добиеш во наследство.“** Тој потоа кажа дека тие треба да бидат толку благословени што ќе бидат заемодавачи, а не заемопримачи. Повторно овде гледаме дека проколнатиот земен систем на мака и пот беше поништен со новиот закон на животот кој нѐ издигна од проклетството на законот на гревот и смртта.

Како на денот на саботата, тие не требаше со мака да се трудат и да се потат цела година; на тој начин не им беше дозволено да го посеат својот род. Но, тогаш работите станаа монотони. Не само што требаше да простат долг што некој им го должи, туку и не им беше дозволено да го посеат својот род. Во овој момент, некој може да рече: „Еј, можам да преживеам еден ден со она што е во фрижидерот, но да преживеам цела година без работа е малку потешко“.

Значи, овде повторно сенката ни вели да си ги простиме долговите. Тој им рече дека нема да имаат потреба да позајмуваат бидејќи ќе имаат толку многу што тие ќе бидат заемодавачи, а не заемопримачи. Долгот е систем заснован на неусогласеност, но Бог целосно ќе се погрижи за нивните потреби, така што нема да имаат потреба да позјамуваат. Сенката вели: „Не треба да ги засадувате своите култури", мислејќи на новиот начин на живеење надвор од проколнатиот земен систем. Сега, сето ова се наоѓа во Исус Христос.

Но, чекајте, има уште - најголемата слика која требаше да му покаже на Божјиот народ што требаше да дојде. Таа беше наречена Јубилејна година.

СЕДМО ПОГЛАВЈЕ

# ОВА Е НЕВОЗМОЖНО

Она што ќе го прочитате сега е неверојатно. Не, дозволете ми да го преформулирам тоа. Ќе мислите дека тоа е сосема невозможно. Зборувам за годината на јубилејот, најголемата слика во Стариот Завет за тоа што сака Исус да го направи во вашите финансии, но малкумина дури знаат или разбираат што зборува. Веќе зборувавме за саботниот ден и за саботната година, кои се сенки на она што го имаме во Христа, но сега доаѓаме до големиот настан, јубилејната година.

Самото име звучи како прослава, нели? Меѓутоа, во областа на финансиите, повеќето луѓе - и кога велам повеќето луѓе, за жал, тоа значи дека и повеќето христијани - немаат многу за славење. Како што споделив, веќе 36 години сум активен во областа на финансии. Во тоа време имав повеќе фирми и работев со десетици, ако не и стотици илјади луѓе на нивните лични финансии. Значи запознаен сум со тематиката. И знам обично што стои зад сјајниот нов автомобил или убавиот голем дом. Обично тоа е многу долгови и стрес. Еј, не сум против тоа да имате убав автомобил или голем дом. Едноставно, денес животот е многу скап.

И проколнатиот земен систем е систем на преживување кој обично нема да ги ослободи луѓето. Верувајте ми, од сите

илјадници и илјадници луѓе што ги запознав, повеќето не беа лоши луѓе. Тие го даваа најдоброто од себе, а не знаеја ниту за Божјото Царство ниту за она што јас го споделувам во оваа книга. Се разбира, знаете дека Дренда и јас живеевме во голем стрес поради нашите финансии долги и напорни девет години додека не дознавме за саботниот одмор. Кога живеете така долго време, не сфаќате колку дисфункција поднесувате и мислите дека е нормална.

Пред неколку години, Бог се справуваше со мене за моето мало размислување и ми даде до знаење дека треба да уживам во јубилејот, забавата, но јас не го правев тоа. Да, бев без долгови; да, бев сведок на некои неверојатни работи; и да, бев среќен и задоволен. Но, престанав да сонувам и Бог го знаеше тоа, и затоа сакаше повторно да се растегнам, да продолжам да создавам и сонувам. Бев малку заситен, среќен, но заситен.

Како што реков, поседувам фирма за финансиски услуги и секоја година бев канет од еден од моите клиенти на настан за да го прославам успехот од претходната година. Присуствуваа обично околу 250 највисоки соработници и директори. Тоа беа целосно платени патувања до некои навистина одлични места, и за соработниците со највисоки достигнувања се доделуваше специјално признание и бонуси. Бидејќи бев зафатен како пастор на голема црква, водител на тв емисија, и управување со мојата фирма, секогаш чувствував дека едноставно немам време да се стремам кон достигнување на највисокото ниво на секое од тие полиња.

Но, една година, додека седев на состанокот и ги гледав првите 10 соработници како добиваат признание и бонус чекови од 100.000 долари, ме погоди една мисла. Си помислив: „Чекај малку! Треба да бидам таму горе на сцената и да добијам признание. Јас сум Божјо дете и Светиот Дух е мојот Советник. Треба да бидам таму горе, споделувајќи и покажувајќи ја Божјата добрина!“ Така, јас и Дренда решивме токму тогаш и таму да бидеме на таа сцена следната година. Како? Немавме поим.

Во претходните 10 години, соработката со таа фирма носеше околу 3 до 4 милиони долари годишно, но за да се стигне до топ

10 беше потребно продуктивност од околу 11 милиони долари. Немав идеја како ќе го достигнам тоа ниво и не бев ни сигурен дека тоа е можно со мојот распоред. Едно нешто што го научив е дека не можам да го постигнам тоа со свои сили. Затоа, јас и Дренда се молевме и си ја поставивме целта, посеавме парично семе, ја ослободивме верата и исповедавме дека е завршено.

Да ја скратам приказната, во јануари следната година, кога новата година само што почнуваше, Бог во сон ми покажа како да ја постигнам мојата цел. Тој ми покажа што точно треба да направам; и доколку го правам тоа што ми го покажа, ќе ја достигнам целта. Дали знаете дека таа година ја постигнавме таа цел од 11 милиони долари со една продажба! Каква возбуда беше да се биде на таа сцена на следната конвенција со првите 10 во компанијата и да се добие тој бонус од 100.000 долари. Дали сакате да знаете колку прекрасно беше чувството? Тоа беше само огромна забава. Не само што ја постигнавме нашата цел со бонусот, но и нашите приходи пораснаа стотици илјади долари таа година. Мене тоа ми звучи како забава!

**НЕ СФАЌАТЕ КОЛКУ ДИЗФУНКЦИЈА ПОДНЕСУВАТЕ И МИСЛИТЕ ДЕКА Е НОРМАЛНА.**

Затоа, кога ќе почнам да зборувам за некој настан од Стариот Завет, како што е јубилејната година, не кимнувајте со главата мислејќи дека ова е досадно бидејќи не е така. Запомнете, животот е подобар кога има забава, па ајде да го погледнеме најголемиот настан/забава што Израел ја прослави и да научиме како да направите ваша забава.

## Јубилејна година

*„И изброј седум саботни години, седумпати по седум, за да ти излезат во седумте саботни години четириесет и девет години; и затрубете го со трубен глас по целата земја ваша*

*седмиот месец, во десеттиот ден од месецот; во Денот на очистувањето затрубете со труба по целата ваша земја; и осветете ја педесеттата година и објавете слобода по земјата за сите жители; тоа да ви биде јубилеј; и секој да се врати на својот имот, и секој да се врати при родот свој. Педесеттата година да ви биде јубилеј; во таа година не сејте и не жнејте го она што ќе израсне само од земјата, ниту да го собирате грозјето од нережаните лози, зашто тоа е јубилеј: свет да биде тој за вас – од нивите јадете го она што само ќе израсне. Во таа јубилејна година секој нека се врати на имотот свој.“*

— Левитска 25:8-13

На почетокот на моето излагање за јубилејната година, дозволете ми да поставам основа што веќе требаше да ја забележите. Година на јубилејот се случуваше на секои 50 години, а се случуваше веднаш по саботната година, четириесет и деветтата година. Мислам дека веќе можете да видите како се појавува огромен проблем, нели? Во текот на саботната година, на Израелците не им беше дозволено да ги садат своите култури. Годината на јубилејот што следуваше таа година го бараше истото – да не се садат култури. Значи, во суштина, Израел немаше жетва две години по ред, а потоа мораше да чека во текот на третата година за тие култури да созреат и да се соберат пред да можат да ги надополнат резервите со храна. Тоа може да биде сериозен проблем за некој кој ужива во јадењето добар оброк или заработува за живот продавајќи жито. Кога Мојсеј ги пренесе упатствата во врска со јубилејната година, можете да замислите каква конфузија настанала меѓу народот. Се разбира, помислата да се има три години одмор беше убава идеја, но некој мораше да плати за тоа. Првото нешто што го прашаа Мојсеј кога слушнаа за тоа беше: „Како е тоа можно?“

*„Ако кажете: што ќе јадеме во седмата година, кога не сме посеале ништо, не сме собрале производи наши, Јас ќе испратам благослов Мој во шестата година, и таа ќе даде плод за три години; а во осмата година ќе сеете, но ќе јадете од старите производи до деветтата година; и додека не узреат плодовите*

*нејзини, ќе јадете од старото.“*

— Левитска 25:20–22

Бог им одговори со неверојатен одговор за кој ќе поминеме многу време на истражување во преостанатиот дел од оваа книга. Тој рече дека ќе испрати таков благослов во шестата година што ќе роди плод доволно за да трае трите години додека не дојде новата жетва по јубилејната година. Овде има паралела во врска со деновите на создавањето. Библијата вели дека Бог заврши на шестиот ден од создавањето и се одмори. Иако одмараше, не беше уморен. Напротив, Тој беше завршен. Сѐ што му требаше на човекот беше создадено и достапно за него.

Бог сакаше да му покаже на Израел слика дека ќе му даде повеќе од доволно, што е во целосна спротивност со проколнатиот земен систем на мака и пот. Тој сакаше тие да Го видат како нивен снабдител и да разберат дека Тој обезбедува повеќе од тоа што ни е потребно. Повторно, иако ова беше слика за Божјото снабдување во нивното време, дури кога дојде Исус, видовме што покажуваше таа слика. Природно, едноставно немаше начин да се преживеат тие три години без да се сее семе. Слично на тоа, во проколнатиот земен природен систем, не постои начин да се победи во областа на финансиите без да ги поминете деновите и ноќите со пот. Едноставно, не можете ништо да направите со свои сили за да го постигнете тоа. Обидете се да направите тригодишна пауза од вашата моментална работа додека сѐ уште ги плаќате тековните сметки, тоа е рецепт за сигурен банкрот. Но, Бог се обидува да им покаже слика за еден нов начин, начин на кој Тој се грижи за Својот народ, исто како што Адам беше снабден со сѐ што Бог подготви при создавањето.

Постојат уште две работи што јубилејната година ни ги покажува и што треба да ги видиме. Повторно ја гледаме земјата како мирува, без мака и потење во текот на оваа педесетта година. Ќе забележите и дека целата земја требаше да му биде вратена на нејзиниот првичен сопственик. Кога Израел ја премина реката Јордан, на секое племе и на секое семејство им беше дадена земја на која ќе поседуваат и ќе произведуваат храна и благодети

што им се потребни за да преживеат. Во суштина, земјата беше нивното богатство. На неа одгледуваа култури и го чуваа својот добиток. И така, да се врати целата земја на нејзиниот првичен сопственик, значи да се врати способноста за просперитет.

Да повторам, ова е само една предслика на тоа што Исус го направи за нас. Сликата говори дека просперитетот треба да се врати на жителите на Израел. Истата порака важи и за нас, нашиот просперитет ни е вратен, и наследството од Божјото Царство е повторно наше.

**КОГА ЌЕ НАУЧИТЕ ШТО ВСУШНОСТ НИ ПОКАЖУВА САБОТАТА, МОЖЕ ДА СЕ СЛУЧАТ ОГРОМНИ ПРОМЕНИ ВО ВАШИОТ ФИНАНСИСКИ ЖИВОТ.**

Постои и трета работа што ни ја покажува јубилејната година, а тоа е дека сите робови треба да бидат ослободени и вратени кај своите семејства. Ова е многу важно. Повторно, сликата вели дека веќе не си роб туку син или ќерка. Реалноста во Христа вели дека повеќе не си роб, туку син или ќерка во Божјиот дом со целосни права на наследството и благосостојбата на куќата.

Затоа размислете за она што штотуку го дознавте. Исус ни го врати она што Адам го изгуби. Исус нè ослободи од ропството, правејќи нè синови и ќерки Божји. Тој нè ослободи од проколнатиот земен систем на мака и пот, дозволувајќи Му на Бог да го благослови делото на нашите раце на силен начин. Иако Исус плати за сите овие нешта, ние сепак мора да знаеме како да ги присвоиме овие придобивки во нашите животи овде на земјата. Тука многу, многу христијани потфрлаат. Не знаејќи дека Царството функционира со закони, не знаејќи ги нивните законски права како синови и ќерки и граѓани, тие веруваат дека Бог произволно избира кого сака да благослови. Затоа, тие не ги проучуваат законите на Царството, кои ги држат клучевите за вистинско уживање и применување на она што Библијата

вели дека е нивно. Ви велам, кога ќе научите што всушност ни покажува саботата, може да се случат огромни промени во вашиот финансиски живот.

Еден господин во мојата црква почна да ме слуша како поучувам за верата и за тоа како функционира Царството Божјо. Неговото семејство и неговите деца ги проучуваа овие закони заедно. Како што се наближуваше новата година, тие одлучија дека ќе ги остварат своите законски права и веруваа дека ќе ги исплатат двата имота што почнаа да ги изнајмуваат таа година. Ако добро се сеќавам, мислам дека вкупната сума што требаше да се плати за двете куќи беше околу 400.000 долари. Така, тие се молеа и посеаја значајно финансиско семе кон нивната цел да ги исплатат и двете куќи во таа година. Тоа беше огромен залак за нив, но овој господин работеше во област каде што постоеше можност да најде доволно клиенти и/или да склучи големи договори со клиенти што би можеле да финансираат таква можност. Тие заедно како семејство се молеа и се согласија дека тоа ќе се оствари. Секоја седмица, тие ја преиспитуваа својата цел и ги разгледуваа стиховите што им даваа законска основа да очекуваат таква жетва. Се разбира, овој господин знаеше дека мора да го направи својот дел.

Како што одминуваше годината, на повидок се јавија неколку големи договори, но како и со сите големи корпорации, мултимилионските зделки не се реализираат брзо. Отприлика на половина година, овој господин пронајде и склучи голема зделка за својата компанија, толку голема што истата изнесуваше околу 40% од целото производство на неговата компанија за годината. Со таа провизија, тој можеше да плати еден од имотите што ги изнајмуваше. Кон крајот на годината, друга корпорација покажа подготвеност да потпише мултимилионскиот договор со фирмата на мојот пријател. Но, датумот за затворање на договорот продолжи да се одложува. Само што ќе ја подготвеа документација, тие го поместуваа датумот и истата документација мораше да биде подготвена од почеток, за датумот повторно да биде поместен. Беше доцна есен кога на мојот пријател му беше кажано дека менаџерскиот тим со кој преговараше е сменет и

дека се подготвува нов тим кој ќе го замени.

Мојот пријател беше разочаран; знаеше што значи тоа. Новиот менаџерски тим не беше свесен за преговорите и потенцијалниот договор, кој се разбира, сега беше ништовен. Тој требаше да го започне целиот процес од почеток со новиот тим. Кога се сретна со новиот менаџерски тим, тие изгледаа отворени да ги разгледаат предлозите на неговата компанија. Откако ги разгледаа кон крајот на ноември, тие рекоа дека се подготвени да го комплетираат договорот. Но, повторно, документацијата беше одложена и одново подготвена два дена пред новата година. Мојот пријател беше повикан на состанок за потпишување на документацијата, а тие беа подготвени да платат со готовина ако тој може да ги сретне и да го потпише договорот тој ден. Мојот пријател заработи доволно провизија со тој договор за да ја постигне својата цел да ги плати двете куќи во годината во која тој и неговото семејство одлучија да веруваат.

Само кога почнаа да ги проучуваат начелата на Царството тој почна да се осмелува да размислува за таква голема цел, бидејќи никогаш претходно не заработил толку голема сума во една година, за таквата цел да изгледа барем малку возможна. Тој ми кажа дека имале голема забава за да ја прослават таа победа!

Уште една „тоа навистина се случи“ приказна се случи со едно од моите деца. Се разбира, сите мои деца цел живот гледаа како функционира Царството. Сите тие ги применуваат принципите за кои дискутирам и самите искусиле дека Бог прави неверојатни работи. Иако се во своите дваесетти години, сите возат целосно исплатени автомобили; а на повеќето од нив им се платени или речиси платени куќите. Мојот најстар син, Тим, сакаше да купи куќа со готовина. Така, тој посеа семе, верувајќи дека Бог ќе му даде наклонетост да најде дом што е во негов финансиски домен. Тој, исто така, е многу вешт во градежништво, па затоа не се плашеше да купи куќа што треба да се доградува.

Тој помина време разгледувајќи многу куќи, но не најде нешто што му се допаѓа. Но, еден ден, возејќи се низ град, забележал куќа што е на продажба, што дотогаш ја немал видено. Тоа беше куќа под хипотека, и иако знаеше дека ќе треба да изврши

одредени поправки и доградби на неа, сметаше дека е совршена за него. Тој се јави кај агентот за недвижнини и побара да ја провери цената на домот. Не можел да поверува кога ја слушнал цената - 37.000 долари. „Но, како е тоа можно?“, си мислеше тој.

Агентот ја испитал позадината, и му ја кажа неверојатната приказна. Куќата навистина била запленета и пред шест месеци била ставена на продажба за 110.000 долари. Станува збор за цена после запленувањето, но домот всушност првично бил продаден за 160.000 долари неколку години претходно. Очигледно, никој не покажал интерес за запленетата куќа во последните шест месеци откако била ставена на продажба. Поради тоа банката постојано ја намалувала цената, не знаејќи зошто никој не покажува интерес. Но, кога Тим и неговиот агент за недвижности копаа малку подлабоко, открија зошто нема интерес за куќата. Куќата била наведена во сосема различен град со различна адреса, па дури и телефонскиот број за контакт исто така бил погрешен. Така, никој не знаел дека куќата е таму! Куќата се наоѓа на мал пат во рурална средина на слепа улица, и затоа била скриена од очите на повеќето луѓе. Цената постојано паѓала сè до денот кога Тим ја забележал. Неверојатно. Му кажав на Тим дека куќата била скриена само за него! Тој ја префарба и направи неколку корекции во неа и ја продаде за 160.000 долари.

Мојата ќерка Ејми води славење во црквата Вера и Живот. Таа и нејзиниот сопруг Џејсон имаа потреба од поголем дом бидејќи нивното семејство порасна од четири на пет членови. Цените беа надвор од нивниот домен во летото 2017 година овде во Охајо, а куќите што беа на продажба обично се продаваа во рок од една недела. Едноставно немаше надеж за наоѓање дом што е доволно голем во опсегот на нивните можности од 250.000 долари до 300.000 долари, со 5 до 10 хектари земја, и со можност да има вода на имотот. Ранчевите од околу пола хектар се продаваа за повеќе од 200.000 долари тоа лето. Откако навистина видоа многу домови, тие престанаа да бараат и само се молеа. Сеејќи семе за насока, тие Му рекоа на Господа: „Ние сме премногу зафатени за да продолжиме да бараме вака. Ти знаеш каде е нашата куќа и те молиме да ни ја покажеш во вистинско време.

Нема повеќе да бараме онлајн или да разговараме со нашиот агент за недвижности!“

Но, една вечер се случило интересна работа. Нивната ќерка, која во тоа време имаше четири години, додека се враќале дома им рекла: „Мамо, време е да се преселиме“. „Што значи тоа?“, прашала Ејми. „Време е да се преселиме во куќата со големи скалила што водат до мојата соба“, одговорило нејзиното четиригодишно дете. „Каква куќа? Дали сонуваше нешто?“, прашала Ејми. Нејзината ќерка одговорила дека имала сон. Па, таа вечер откако легнале децата, Ејми не можејќи да престане да мисли на разговорот со својата ќерка, му рекла на Џејсон дека можеби треба да побараат на интернет.

Да, всушност нашле запленета куќа што била штотуку објавена, двокатна, 10 декари, со езеро во предниот дел на дворот. Меѓутоа, цената била 26.000 долари над 300.000 долари ценовниот опсег што го посеаја. Тие разговарале за тоа дека можат да дадат пониска понуда, па се јавиле на својот агент за недвижности. Агентот морал да патува за Флорида следниот ден, но се согласил да се види со нив рано наутро околу 9:00 часот. Џејсон и Ејми се согласиле да се сретнат следното утро.

Агентот доцнел, но за нив куќата изгледала совршено. Заедно со целата квадратура во домот, десетте хектари земја и езерото во предниот дел на дворот, сѐ било совршено. За нив бонус било тоа што околу целиот имот има шума; навистина воодушевувачки. Влегувајќи внатре во куќата, нивната ќерка восликнувала од радост трчајќи по огромните спирални скали директно кон својата соба. Да ја скратам целата приказна, Џејсон и Ејми биле спремни да дадат понуда. Додека агентот ги проверувал деталите за домот, таа дознала дека сите понуди мора да бидат внесени до пладне тој ден. Тие имале помалку од еден час! Ако нивното четиригодишно дете не им го кажеше сонот и ако не проверија на интернет таа вечер, куќата ќе ја немаше.

Ја понудиле бараната цена од 326.000 долари и победиле во наддавањето. Тие биле навистина возбудени. За време на проверката, иако покривот бил во пристојна состојба, инспекторот им рекол дека ќе треба да го заменат за околу 5

години. Џејсон имал една идеја. Решил да побара од банката пониска цена поради тоа што покривот ќе треба да се реновира. Агентот им рекол да не се ни обидуваат, дека куќата е огласена „како што е“ и дека таа никогаш не видела некоја банка да ја намали цената поради дефекти во куќата. Но, Џејсон и Ејми чувствувале во духот дека треба да напишат писмо и да побараат од банката намалување. Погодувате, банката им ја даде куќата за 296.000 долари, а тоа е помалку од 300.000 долари за кои тие веруваа дека Бог ќе им даде дом. Бог им даде дом токму како што тие побараа од Него. Кога го прашале проценителот колку вреди домот, тој им кажал: „500.000 долари“. Пријатели, тоа е дуплата порција!

Како што можете да видите, сите мои деца живеат на начин на живеење во Царството и уживаат во тоа. Всушност, мојата најмлада ќерка, Кирстен, штотуку плати во готово за својата прва куќа на дваесетгодишна возраст. Како? Сите тие знаат како да живеат според принципите на Царството!

ОСМО ПОГЛАВЈЕ

# ДВОЈНА ПОРЦИЈА

Сега, сакам малку подлабоко да разгледаме како всушност функционира саботниот одмор и како е можно да го искористите во вашиот живот. Сакам да се вратам на нашата приказна за јубилејната година и уште еднаш да го погледнеме нашиот текст. Таму го наоѓаме Божјиот одговор на луѓето кога тие прашаа како да живеат без жетва три години. Добро прашање!

*„Ако кажете: што ќе јадеме во седмата година, кога не сме посеале ништо, не сме собрале производи наши, Јас ќе испратам благослов Мој во шестата година, и таа ќе даде плод за три години; а во осмата година ќе сеете, но ќе јадете од старите производи до деветтата година; и додека не узреат плодовите нејзини, ќе јадете од старото.“*

— Левитска 25:20-22

Во овој текст гледаме дека јубилејната година, како и саботната година што ѝ претходи, беа можни поради огромната жетва што се случи во шестата година, во овој случај четириесет и осмата година (од последниот јубилеј). Без таа огромна жетва, саботниот одмор не би бил можен. Ајде да погледнеме еден друг пасус што верувам дека ќе го разјасни ова уште повеќе.

*И така тие го собираа секое утро рано, секој колку што може да изеде; а кога сонцето ќе изгрееше, тоа се топеше. А во*

*шестиот ден собраа од тој леб двојно повеќе – по два омера за секого. И дојдоа старешините народни, па му јавија на Мојсеј. А тој им рече: „Еве што кажа Господ – утре е сабота, ден за одмор посветен на Господ; што ќе печете – печете, и што треба да варите – варете денес; а што ќе преостане, соберете го и чувајте го за утре!“*

*И оставија од него за утре, како што заповеда Мојсеј, и тоа не се усмрде, ниту имаше црвје во него. И Мојсеј рече: „Јадете го тоа денес, бидејќи денес е сабота Господова; денес нема да најдете од него во полето. Шест дена ќе собирате, а седмиот ден е сабота, тогаш ќе го нема.“*

*И на седмиот ден излегоа некои од народот да собираат, но не најдоа. А Господ му рече на Мојсеј: „До кога ќе се противите на заповедите Мои и на законот Мој? <u>Ете, Господ ви дал денес сабота, затоа во шестиот ден и ви дава леб за два дена.</u>*

*Останете секој во својот дом, и во седмиот ден никој да не го напушта местото свое.“ И се одмараше народот седмиот ден.*

— Излез 16:21-30

Овој пасус, се разбира, зборува за маната што паѓаше од небото секој ден за да ги нахрани луѓето и опишува дека таа нема да се појави на седмиот ден, во сабота. Не можеа да ја чуваат за наредниот ден, бидејќи многу брзо се расипуваше. Само шестиот ден можеа да соберат и да ја чуваат маната преку ноќ без да се расипе. Интересна забелешка во врска со тоа зошто маната многу брзо се расипува секој ден се наоѓа во **Повторени закони 8:16**.

*„Те хранеше во пустината со мана, која татковците твои не ја знаеја, за да те смири и да те искуша, па да ти направи потоа добро.“*

.

Бог го учеше народот секој ден од Него да ја очекува својата храна, се разбира, и сѐ друго во нивниот живот. Бог знаеше дека тие се движат кон околности кои претставуваат повеќе од само

потреба од храна; тие наскоро ќе се соочат со утврдени градови и џинови. Нивното цврсто потпирање на Него во таква ситуација би била разликата меѓу животот и смртта.

Да се вратиме на **Излез 16:29**. Овде, можете јасно да видите дека починката во саботата беше возможна само од двојниот дел што им беше даден на шестиот ден.

> *„Имајте на ум дека Господ ви ја дал саботата; затоа на шестиот ден ти дава леб два дена. Секој треба да остане таму каде што е на седмиот ден; никој да не излегува.“*

Дали разбирате сега? Саботниот одмор беше овозможен само преку двојната порција. Ова е многу важно што ќе ве замолам да го запишете некаде.

## САБОТНИОТ ОДМОР Е НЕВОЗМОЖЕН БЕЗ ДВОЈНАТА ПОРЦИЈА!

Дозволете ми да го кажам ова на друг начин. Освен ако немате повеќе од доволно, никогаш нема да имате одмор од трчањето и потењето на проколнатиот земен систем. Како што Дренда и јас им кажуваме на луѓето каде и да одиме: „Доколку не ги средите вашите финансии, никогаш нема да ја откриете својата судбина!“ Зошто? Затоа што без повеќе од доволно, нема да имате опции и ќе бидете роб на опстанокот целиот ваш живот.

Се сеќавате кога ги читавме придобивките од благословот на Авраам од Повторени закони 28:11-13 во едно претходно поглавје? Таму јасно видовме дека тој живот на преживување не е ваша судбина! Само во случај да сте заборавиле, ајде да го погледнеме текстот уште еднаш.

Сиромаштијата, опстанокот и банкротот не се ваша судбина. Вие треба да бидете заемодавач, а не заемопримач, глава, а не опашка! Изобилството е карактеристика на Царството. Така изгледа саботната починка, повеќе од доволно, двојна порција!

Знам што мислите: „Е, е, тоа сигурно би било убаво, Гери, но мојот живот воопшто не изгледа така во моментов“. Добро, ние

не гледаме351 наназад, туку гледаме што вели Бог и го очекуваме тоа што го вели Царството за нас. Без соодветна слика за тоа како би требало да изгледа нашиот живот, ќе паднеме на триковите, стапиците, и на изопаченото размислување на проколнатиот земен систем. Да се верува значи да се биде во согласност со она што го вели Бог, а не со нашите околности.

Пред да споделам со вас како Бог нѐ научи со Дренда за двојната порција, сакам да ви кажам за една приказна за која верувам дека е најголемата приказна за двојната порција во Новиот Завет.

Приказната што сакам да ја споделам со вас е приказна што досега сте ја слушнале многу пати, но веројатно никогаш во контекст на двојна порција или со разбирање за Царството што го имате сега. Приказната се наоѓа во Лука 15, приказната за блудниот син. Останете со мене. Знам дека сте го прочитале претходно овој дел, но ајде да го разгледаме заедно низ нова призма.

**ДА СЕ ВЕРУВА ЗНАЧИ ДА СЕ БИДЕ ВО СОГЛАСНОСТ СО ОНА ШТО ГО ВЕЛИ БОГ, А НЕ СО НАШИТЕ ОКОЛНОСТИ.**

*И рече: „Еден човек имаше два сина. Помладиот од нив му рече на татка си: ‚Татко, дај ми го делот што ми припаѓа од имотот!‘ И таткото им го раздели имотот. По неколку дена, помладиот син, кога собра сѐ, отиде во далечна земја и таму го потроши својот дел, живеејќи блудно. И откако потроши сѐ, настана голем глад во таа земја и тој се најде во мака; па отиде кај еден човек во таа земја и се погоди, и тој го прати во своите полја да пасе свињи. И страден беше да го наполни својот стомак макар и со рокчиња што ги јадеа свињите, но никој не му ги даваше.*

*А кога дојде на себеси, рече: „Колку наемници кај татко ми имаат леб во изобилие, а јас, пак, тука умирам од глад.*

*Ќе станам и ќе отидам кај татко ми и ќе му речам: ‚Татко, згрешив против небото и пред тебе, и не сум веќе достоен да се наречам твој син; но прими ме како еден од своите наемници.'" Па стана и отиде кај татка си.*

*И кога беше уште далеку, го виде неговиот татко и се сожали на него, па потрча, го прегрна и го целива. И синот му рече: ‚Татко, згрешив против небото и пред тебе, и не сум веќе достоен да се наречам твој син!' А таткото им рече на слугите свои: ‚Изнесете најубава промена и облечете го, и дајте му прстен на раката негова и обувки на нозете; па доведете едно згоено теле и заколете го; да јадеме и да се веселиме, зашто овој мој син мртов беше и оживе, изгубен беше и се најде.' И почнаа да се веселат.*

*А постариот негов син беше в поле; и на враќање, кога се приближи до куќата, слушна песни и извици. И тогаш повика еден од слугите и го праша: ‚Што е ова?' А тој му рече: ‚Брат ти си дојде и татко ти закла згоено теле, затоа што повторно здрав го доби.'*

*Тој се налути и не сакаше да влезе. Тогаш излезе татко му и го молеше. А тој му одговори на татка си и му рече: ‚Еве, ти служам толку години и никогаш не ја прекршив твојата заповед; и мене не си ми дал ни едно јаре за да се провеселам со моите пријатели; а кога дојде овој твој син, што го упропасти својот имот со блудници, за него ти закла згоено теле.'*

*А тој му рече: ‚Синко, ти си секогаш со мене и сѐ мое е твое; но требаше да се зарадуваме и развеселиме, зашто овој твој брат беше мртов и оживе, изгубен беше и се најде.'"*

— Лука 15:11-32

Во оваа приказна гледаме дека помалиот син си заминува од дома со својот дел од имотот. Ова е важен детал од приказната затоа што се однесува на неговиот дел од наследството. Затоа забележете дека овој помлад син веќе го доби својот дел од наследството; тој не може дополнително да бара дел од имотот.

*Помладиот од нив му рече на татка си: ‚Татко, дај ми го*

> *делот што ми припаѓа од имотот!' И таткото им го раздели имотот.*

Следно, приказната ни кажува каде отиде овој млад син: во далечна земја. Важно е да разберете дека помалиот син ја напушти куќата на својот татко, што значи дека се откажал од снабдувањето на домот, од заштитата на домот, и законите на народот од кој беше дел неговиот татко. Тој замина во далечна земја, земја со различни закони и различен начин на живот. Сигурен сум дека овој млад син навистина немаше поим што прави. Тој уживаше во благословот да биде син додека живееше во куќата на неговиот татко. Сѐ што имаше татко му беше достапно нему додека живееше таму. Но, поради некоја причина, тој чувствуваше дека му недостасува нешто, дека губи некоја можност што се наоѓа на друго место.

Ако сѐ уште не разбирате, во реалноста, Исус ни ја раскажува приказната за човештвото, приказната за Адам. Адам е помладиот син во приказната што го напушта домот на својот Татко. Адам беше тој што чувствуваше дека има подобра иднина на друго место отколку да продолжи да Му служи на Бог, својот Татко. Знам што мислите: „Па тогаш, ако Адам е помалиот син, кој е постариот син што остана во приказната?" Ќе се осврнам на тоа прашање на крајот од оваа дискусија, но засега, само запомнете дека Адам е помладиот син што замина.

Иако имаа сѐ, Адам и Ева беа измамени да веруваат дека има повеќе на друго место отколку да останат во куќата на нивниот Татко. Кога Адам се побуни против домот на неговиот татко и избра да замине, тој премина под еден нов систем на владеење, ново царство со нови закони. Тоа царство Библијата го нарекува царство на темнината, и со него владее сатаната. Сигурен сум дека Адам беше шокиран од сиромаштијата и безнадежноста на ова ново царство. На почетокот, сѐ изгледаше одлично. Сѐ додека имаше пари на сметката, тоа беше една одлична голема забава! Но, кога сфати дека направи грешка, веќе беше доцна. Потоа, кога напразно го потроши своето наследство, тој сфати дека е изгубен. Неговиот ум, кој некогаш беше толку полн со визија,

сега се фокусираше на секојдневната задача да остане жив. Нема повеќе иднина. Секогаш ќе живее во сегашноста, а сегашноста само по себе нема ветувања.

*„По неколку дена, помладиот син, кога собра сѐ, отиде во далечна земја и таму го потроши својот дел, живеејќи блудно.“*

Помладиот син сега беше во царство што е целосно и апсолутно банкротирано, царство кое е во постојана состојба на тежок глад. Синот се обидува да се справи со она што го гледа – луѓето умираат од глад. Доаѓајќи од дом со такво изобилство, на неговиот ум му е тешко да размислува за она што го гледа. Но, болките од гладот во стомакот го потсетуваат дека тоа што го гледа е реално. За да преживее, беше принуден да проси на улица. Во ова царство на темнината, земјата дава само трње и чичка, а за таа воопшто да произведе, треба да се вложи болен труд и пот. Бидејќи има голема потреба, синот моли некој да му помогне. Но, сите се во истиот брод. Никој нема да му даде доволно затоа што сите го доживуваат истиот тежок глад како и тој.

Овде се случува момент на пресврт кај малиот син, промена што влијаеше и врз тебе и мене и целото човештво. Помладиот син првпат во својот живот моли за работа како слуга, наемник, кој врши физичка работа. Тоа е целосно извртување на неговиот вистински идентитетот и кој навистина е тој. Тој веќе не е син на многу престижен човек со чест и богатство, тој е чувар, или месар, или агент за недвижности или поштар, а списокот може да продолжи и натаму. Сега е познат по тоа што го работи, а не по тоа што е! Го изгуби идентитетот! За уште повеќе да го нагласи губењето на својот идентитет, Исус вели дека станал толку очаен што се вработил во свињарник. За Евреите свињите биле нечисти животни, а Исус им кажува на мноштвото дека овој млад син сега станал толку очаен што изгубил од вид секаква смисла и цел што можеби ја имал неговиот живот. Сега живее живот на срам и понижување. Царското семејство во кое некогаш уживаше сега е далечно сеќавање.

*„И откако потроши сè, настана голем глад во таа земја и тој се најде во мака; па отиде кај еден човек во таа земја и се погоди, и тој го прати во своите полја да пасе свињи. И страден беше да го наполни својот стомак макар и со рокчиња што ги јадеа свињите, но никој не му ги даваше.“*

Се надевам дека ја гледате паралелата помеѓу приказната и човештвото денес. Кога двајца ќе се сретнат, што велат? „Од што живееш?“ или „Каде работиш?“ или „Што правиш?“ Кога ќе прашате некого кој е, тој обично ќе ви каже што прави. Зошто? Затоа што во проколнатиот земен систем, сите ние го загубивме нашиот идентитет, и сега очајно се обидуваме да го пронајдеме. Ги копираме оние што го привлекуваат нашето внимание и делуваат како важни луѓе. Сето тоа е резултат на одлуката на Адам да го напушти домот на својот Татко. Во нашиот начин на размислување за преживување, ја изгубивме перспективата за тоа кои сме навистина. Но, бидете охрабрени, овој млад син во нашата приказна не остана во свињарникот; и читајќи ја приказната, се надевам дека ќе сфатите дека и вие не треба да останете таму.

Библијата вели дека еден ден овој млад син се освести и се сети на куќата на неговиот татко каде што дури и слугите имаат повеќе отколку што им треба. Можам да замислам како во неговата состојба на екстремен глад се присетува на сите одлични оброци во кои некогаш уживал. Вујко ми Харолд беше радио навигатор на Б-17 за време на Втората светска војна. Потекнуваше од земјоделски заедница и семејство. Секоја недела, мајка му послужуваше голем оброк со пржено пилешко, пире, домашен леб, боранија и многу други вкусни зеленчуци. Секако, секогаш имаше домашна пита или торта за десерт. Од лично искуство знам колку прекрасни беа тие оброци бидејќи неговата мајка ми беше баба.

Авионот на вујко ми беше соборен над Германија за време на војната и тој помина многу месеци во затворски логор. Храна речиси и да не добивал. Еден ден, го прашав вујко ми како ги преживеа тие денови, а тој ми рече дека мислел само како да

се врати дома кај прженото пилешко и пире од неговата мајка. Сигурен сум дека овој помал син имаше слично искуство и сфати што му недостасува. Но, нему повеќе не му следуваше ништо од имотот, бидејќи веќе го доби тоа што му следуваше од неговиот татко. Така тој смисли еден план. Одлучи да оди дома и да го замоли својот татко да го вработи како слуга. За него, работата како наемник, надничар, беше неговата единствена опција.

> *А кога дојде на себеси, рече: ,Колку наемници кај татко ми имаат леб во изобилие, а јас, пак, тука умирам од глад. Ќе станам и ќе отидам кај татко ми и ќе му речам: „Татко, згрешив против небото и пред тебе, и не сум веќе достоен да се наречам твој син; но прими ме како еден од своите наемници."' Па стана и отиде кај татка си.*

Така, тој се врати дома со својот план да го замоли татко си за шанса барем да работи во замена за место за спиење и храна за јадење. Но, според Библијата, оваа приказна имаше неверојатен исход. Кога се доближи до својот дом, татко му го виде оддалеку и истрча да го пречека со голема прегратка. Од овој момент, приказната треба да се нарече приказна за љубовта на Таткото, бидејќи тој татко го прегрна својот син иако тој беше покриен со ѓубриво од свињи. Меѓутоа, Евреите кои го слушаа Исус како ја раскажува оваа приказна знаеја дека прегратката ќе го направи таткото духовно нечист. Но, овој татко доброволно стана нечист за доброто на својот син. Потоа побара да биде донесена најдобрата наметка и ја стави на синот за да ја покрие неговата нечистотија. Тој зеде и прстен што ја претставува неговата власт и го стави на прстот на својот син. Му даде и сандали, што значи дека повторно му даде пристап до целиот имот. Но, последното нешто што таткото му го даде на синот предизвика бес кај постариот син. Таткото побара да се убие угоеното теле и да се послужи на прославата за враќањето на неговиот син. Помладиот син, иако незаслужен, му беше вратена положбата и придобивките како син, отворено и слободно му се даде почит како син и неговата поранешната положба како син во куќата

целосно беше обновена.

Добро, каква врска има сето ова со двојната порција? Има голема врска. Исус ја кажа приказната за помладиот син што замина и се врати затоа што Неговите слушатели, луѓе со еврејската култура, ќе разберат што значи приказната, што е всушност она што сакам да ви го кажам сега. Во еврејската култура, помалиот син автоматски добиваше двојна порција. Ако се сеќавате, постариот син не замина, туку помалиот син замина и се врати. Ќе се сетите и дека кога си замина, со себе го зеде својот законски дел од имотот, неговиот законски дел. Тој сега немаше понатамошно следување од имотот. Но, кога помладиот син се врати и таткото го обнови како син и, поточно, го даде згоеното теле за да го прослави неговото враќање, постариот син беше бесен. Според сфаќањата на постариот син, тоа теле му припаѓаше нему бидејќи беше дел од неговиот дел од имотот.

Значи, тука е поентата. Иако помладиот брат веќе го доби својот дел од имотот, тој беше вратен како син и сега доби втор дел. Тоа значи дека тој всушност доби двоен дел од имотот. Од гледна точка на постариот брат, ова не беше фер, и во лутина, тој го кажа тоа на својот татко. Тој тврдеше дека сите години бил верен трудејќи се за таткото и за имотот, а помалиот брат нема направено ништо за семејството освен нанесувајќи им срам. Зошто тогаш тој доби двојна порција?

Дали тоа беше фер? Од перспектива на проколнатиот земен систем на труд и пот, сите би рекле дека не беше. Веројатно би застанале на страната на постариот син кој верно се трудел и би можел да се пожали на неправда врз основа на она што го направил за својот татко.

Но, на која основа судиме што е праведно? Зар не суди и одлучува Таткото на кого сака да му ја покаже својата наклоност? Менталитетот на проколнатиот земен систем што сите сме го имале би резонирал дека доколку таткото му даде на помалиот син уште еден дел од имотот, тоа ќе значи дека постариот син ќе остане со помалку. Но, тоа не е така. Таткото е толку богат што дури и слугите имаат повеќе од доволно. Колку повеќе за синовите.

Сатаната не сака да знаете колку е голем нашиот Бог или кој сте вие. Тој од самиот почеток пласира лаги за нашиот Татко. Осигурителните компании тврдат дека кога ќе настане катастрофи тоа е Божјо дело. Верските организации тврдат дека Бог е задоволен со заветот на сиромаштија. Луѓето тврдат дека Бог им прави лоши работи на добрите луѓе. Сатаната сака да бидете слепи за тоа кои сте и колку е голем вашиот Татко, за да не се вразумите и да се вратите кај Него со целото свое срце. Можам да ве уверам дека кога ќе се обратите кон Него, ќе го добиете истиот прием што го доби тој овој млад син во приказната.

„Кој е постариот син?", ќе прашате. Ајде да видиме дали можете да откриете.

> *А постариот негов син беше в поле; и на враќање, кога се приближи до куќата, слушна песни и извици. И тогаш повика еден од слугите и го праша: ,Што е ова?' А тој му рече: ,Брат ти си дојде и татко ти закла згоено теле, затоа што повторно здрав го доби.'*
>
> *Тој се налути и не сакаше да влезе. Тогаш излезе татко му и го молеше. А тој му одговори на татка си и му рече: ,Еве, ти служам толку години и никогаш не ја прекршив твојата заповед; и мене не си ми дал ни едно јаре за да се провеселам со моите пријатели; а кога дојде овој твој син, што го упропасти својот имот со блудници, за него ти закла згоено теле.'*
>
> *А тој му рече: ,Синко, ти си секогаш со мене и сѐ мое е твое; но требаше да се зарадуваме и развеселиме, зашто овој твој брат беше мртов и оживе, изгубен беше и се најде.'*

Постариот син вели дека во текот на сите години му робуваше на својот татко, но за сето тоа време таткото ниту еднаш не му даде ниту едно младо добиче да се провесели со своите пријатели. Да го

**САТАНАТА НЕ САКА ДА ЗНАЕТЕ КОЛКУ Е ГОЛЕМ НАШИОТ БОГ ИЛИ КОЈ СТЕ ВИЕ.**

протолкувам кажаното. „Татко, ти си неправеден!“ Но, забележите што вели таткото на тоа. „Ти си секогаш со мене, и СЀ ШТО ИМАМ е твое“.

Застанете!!!

Сега, можете ли сега да кажете кој е постариот син? Постариот син беше премногу зафатен да му робува на својот татко со погрешна слика за самоправедноста за да може вистински да ужива во добрината на неговиот татко. Сѐ што поседуваше таткото беше негово.

Во право сте, постариот син го претставува законот на првиот завет. Првиот син никогаш не можеше да ужива во придобивките од куќата на неговиот татко затоа што беше премногу зафатен да го заработи одобрувањето на неговиот татко. Иако постариот син имаше право на двојна порција, само помалиот син всушност ја доби.

Вие сте помладиот син!

Го имате двојниот дел. Вие сте синот што сте прифатени не врз основа на она што го правите, туку врз основа на тоа кои сте во Христа – син или ќерка Божји, уживајќи во наследството за кое не требаше да работите, туку само слободно да го примите од вашиот Татко.

ДЕВЕТТО ПОГЛАВЈЕ

# ПОВЕЌЕ ОД ДОВОЛНО

Разбирам дека можеби сте скептични за насловот на ова поглавје, но кон тоа се движите, повеќе од доволно. Не затоа што ви ја прикажувам најновата, најсвежата шема за правење пари, туку затоа што како Божјо дете, вашето законско право е да уживате во добрината и просперитетот на домот на вашиот Татко. Можеби во вашата моментална ситуација во животот ви е тешко да го замислите концептот за двојната порција, да имате повеќе од доволно. Меѓутоа, токму таму започнува вашето патешествие кон слободата – во вашите мисли. Ако вашите мисли не се во согласност со Божјото Слово, никогаш

**МОЖЕБИ ВО ВАШАТА МОМЕНТАЛНА СИТУАЦИЈА ВО ЖИВОТОТ ВИ Е ТЕШКО ДА ГО ЗАМИСЛИТЕ КОНЦЕПТОТ ЗА ДВОЈНАТА ПОРЦИЈА, ДА ИМАТЕ ПОВЕЌЕ ОД ДОВОЛНО. МЕЃУТОА, ТОКМУ ТАМУ ЗАПОЧНУВА ВАШЕТО ПАТЕШЕСТВИЕ КОН СЛОБОДАТА - ВО ВАШИТЕ МИСЛИ.**

нема да уживате во Неговите благослови. Затоа, тргнете го погледот од она што го гледате околу себе и погледнете кон она што Бог вели дека е ваше во Неговото Царство. Престанете да се спротивставувате на она што Бог го вели само затоа што не го гледате тоа во вашиот живот сега. Наместо тоа, почнете да се спротивставувате на вашите околности со Словото Божјо, верувајќи дека тие мора да се усогласат со сето она што Бог вели дека е ваше. Јас сум само човек како вас кој просто го применува она што ви кажувам дека треба и вие да го применувате. Верувајте на Божјите зборови! Божјото Слово не може да пропадне и ќе донесе промена во сите околности. На пример, еве една е-пошта што ја добив од една слушателка која беше скептична, бидејќи таа веќе слушнала сѐ, или можеби не?

„Ќе се обидам да ви ја претставам нашата дваесет и две годишна борба во што е можно помалку реченици. Мојот сопруг и јас пораснавме во христијански семејства и редовно одевме во црква. Бевме дури и вклучени во младинската службата и службата со деца итн. Кога се венчавме, нашата прва година поминавме добро финансиски... тоа беше пред повеќе од 22 години. Оттогаш, постојано се соочуваме со финансиски проблеми што се извор на болка и борба, а мојата вера секогаш беше кревка затоа што не можев да разберам зошто не ни се случува она што го кажува Светото Писмо. Ако Божјото Слово е вечно и непропадливо и Тој е ист вчера, денес и засекогаш, тогаш што е проблемот? Исус или беше маченик, или беше лажго, или лудак!

Да прескокнеме до 28 јануари 2013 година... Му реков на мојот сопруг: „Или Бог ќе се појави или ќе си заминам“. Ми беше доста од црква и од Бог. Кога излегов од дома за да завршам неколку работи, мојот сопруг конечно го послушал поттикот на Светиот Дух и се јавил на една наша драга пријателка за да разговара со неа. Откако тој завршил, таа му рекла дека треба да слушнеме нешто - Гери Киси. Таа го споделила своето сведоштво за тоа што ѝ се случило. Така, кога се вратив дома, мојот сопруг ми кажа што му рекла таа и дека ќе оди следниот ден кај неа да ги земе ЦД-ата.

Не знам што се случи (бидејќи имав слушнато доволно од

пастори и учители за сите „духовни нешта"), но ја ѝ се јавив и ја прашав дали е слободна таа вечер. Иако таа ноќ паѓаше многу снег, успеав да стигнам до нејзината куќа. Додека возев, му реков на Бога: „Само ако ова излезе дека е празен муабет!"

Следниот ден почнавме да слушаме и двајцата бевме многу допрени. Работите почнаа да ни прават смисла. Сите тие стихови: вера, цврсто држејќи се до својата исповед... Сите делови од сложувалката дојдоа на своето место. Слушавме за Царството пред неколку години, НО никој всушност не поучуваше за ПРОЦЕСОТ... како да стигнете до „ТАМУ Е!" Вие го направивте тоа.

**ЗАТОА ВИ ВЕЛАМ: СÈ ШТО ЌЕ ПОБАРАТЕ ВО МОЛИТВА, ВЕРУВАЈТЕ ДЕКА ЌЕ ГО ДОБИЕТЕ - И ЌЕ ВИ БИДЕ.**

**-Марко 11:24**

Затоа, веднаш го применивме она што го научивме... ни требаа пари за исплата на хипотеката. Беше четврток, а мојот сопруг поправи неколку работи во домот на моите родители, а тие постојано ме прашуваа колку треба да му платат за тоа (тие знаеја дека поправките беа тешки). Им реков: „Колку сакате". Тоа не беше доволно да ја платиме ратата за хипотеката, НО уште беше четврток.

Во петок закажавме термин за да се сретнеме со пријателката што ни ги позајми ЦД-ата. Имаше голема снежна бура, но и мојот сопруг и јас сакавме да се видиме со неа за да разговараме за Царството и како тоа функционира.

Пред да заминеме, таа сакаше да се помоли за нас и ни даде чек... Господ ја поттикнал во срцето да посее семе во нашите животи. Бевме шокирани. Потоа  го отворивме чекот, беше ПОВЕЌЕ ОД ДОВОЛНО да се плати хипотеката и другите помали сметки!

Му реков на мојот сопруг дека токму тоа ми треба! Го фотографирав чекот за да ме потсетува на Неговата верност. Но, на непријателот не му се допадна тоа што го виде и веднаш

(и човеку, мислам веднаш!) се обиде да ни го украде семето. Решивме дека тоа е вистината и дека нема да зборуваме ништо што ќе ја уништи нашата иднина. Тој беше немилосрден, но ние стоевме цврсто на нозе со дигнати глави.

(Сега, пред да продолжам, треба да разберете дека јас бев тврдоглава Италијанка на која ѝ беа преку глава „учењата за просперитет“ што ги слушнав и мојот сопруг го знаеше тоа. Беше вистинско чудо што целосно го сфатив и се држев за тоа слово. Понекогаш мојот сопруг ме гледа и се прашува што ми се случило!)

Ја ослободивме нашата вера и посеавме за да добиеме договор за нашата градежна компанија на 13.03 за непосреден договор од 150.000 американски долари за да можеме да ги платиме заостанати сметки, даноци итн. На 13.05 ние добивме две понуди во вкупна вредност од 450.000 долари во ЕДЕН ДЕН! Само два месеци откако почнавме да ги применуваме начелата на Царството.

Ги вклучивме нашите деца и тие на дело видоа како тоа функционира. Тие сега имаат свои списоци и самите сеат семе од своите финансии за она што сакаат да го добијат. Имаме стихови во секоја соба, а нашето петгодишно дете оди кај нив и изјавува: „Верувам дека го добив тоа“.

Толку сме благодарни што сега можеме повеќе да даваме и што сме сè поблиску до конечното ослободување од долговите за да можеме да ги извршуваме нашите задачи!

Фала ти пастор Гери, што одвоивте време да одговорите на моите пораки. Знаеме дека вашето време е ограничено, а фактот што одвоивте време да го направите тоа покажува колку сакате да ја споделите оваа неверојатна порака за Божјото големо Царство.“

Секој ден добивам вакви пораки. Луѓе како вас и мене ја откриваат вистината за тоа кои се во Христа, учат како функционира Царството Божјо и уживаат во придобивките. Па, како јас и Дренда го откривме принципот на двојната порција? Ќе ви откријам во ова поглавје, и знам дека нашите приказни ќе ве охрабрат.

Кога Дренда и јас почнавме да ги учиме законите и принципите на Царството Божјо, нашите животи беа драстично променети, како што ви кажав во првиот дел од оваа книга, од луѓе кои живееја од ден за ден, се соочуваа со панични напади, беа постојано на антидепресиви и се бореа со голема безнадежност станавме луѓе со цел и бевме целосно обезбедени. Постојано гледавме чуда, а тоа нѐ натера да застанеме и да кажеме: „Го виде ли тоа? Леле!“ Постојано гледавме како функционира Царството исто како што функционираше во Библијата, и се прашувавме: „Како или зошто се случи тоа?“ или „Кој принцип беше тоа?“ Иако имавме повеќе од доволно, навистина сѐ уште не ја искусуваме двојната порција толку јасно како во приказните што ќе ви ги кажам. Сепак, на некој начин живеевме во двојниот благослов, меѓутоа, едноставно не знаевме како да го наречеме тоа што го гледаме сѐ додека Бог не продолжи да го зголемува нашето разбирање. Пред да објаснам како Бог ни помогна подобро да ја разбереме двојната порција, сакам повторно да го погледнеме нашиот клучен стих. (Зборовите во загради се мои белешки, и не се дел од самиот стих.)

> *„Но, за народот Божји сѐ уште останува саботна починка. Зашто, кој ќе влезе во спокојот (верата) Негов, тој ќе се одмора од делата свои (проколнатиот земен систем на мака и пот, и преживување), како и Бог од Своите (бидејќи беше завршен).“*
>
> — Евреите 4:9-10

Досега знаете дека оваа саботна починка е ветување за секој новозаветен верник во Христа и дека не е само старозаветна работа. Исто така, сега знаете дека саботата не е можна без да имате повеќе од доволно, или како што видовме во Излез 16, двојна порција. Ве молам, немојте да мислите дека двојната порција значи дека во секој случај ќе имате огромен паричен вишок при рака кога Бог ќе ве води да склучите некоја зделка.

Во неколку наврати Исус ми кажа да продолжам со некоја зделка иако немавме пари на сметка. Подоцна сфатив дека

Бог никогаш не е под стрес за пари бидејќи Тој секогаш знае од каде ќе дојдат. Но, Тој не ги дава пред време, за да не се обиде непријателот да ги украде пред да бидат навистина потребни. Дозволете ми да ве предупредам, донесете одлука да продолжите напред во таква ситуација само ако сте сигурни дека сте слушнале од Светиот Дух да го сторите тоа. Повторно, освен ако Исус не ви каже да продолжите напред со некој проект иако сте без средства, немојте да го правите тоа. Чекајте на Божјото снабдување.

Општо земено, ние како верници сме повикани да имаме стабилни финансии. Ние не сме сиромашни, но можеме да бидеме дарежливи во секоја прилика исто како што е нашиот Татко. Го кажувам ова само затоа што сум добил толку многу пораки каде што луѓето предвреме се откажале бидејќи не чекале на Божјото време. Слушнете ме, само затоа што Бог ви покажува нешто не значи дека времето да го остварите тоа е сега. Многу пати, Тој ви покажува нешто за да ви даде насока и време за подготовка. Според моето искуство, правото време е исто толку важно како и самото слушање на Божјото водство.

Кога Исус ја започна Својата служба во Својот роден град, откако беше крстен во реката Јордан од Јован Крстителот и откако помина 40 дена и ноќи во пустината, отиде во Својата локална синагога и го зеде свитокот на Исаија и отвори во шеесет и првата глава и почна да чита. За овој настан читаме во Лука 4:18–21.

> *„Духот Господов е врз Мене; зашто Господ Ме помаза. Ме прати да им соопштам радосна вест на бедните. Ме прати да им проповедам на заробените ослободување и на слепите прогледување, да ги пуштам на слобода напатените; да ја проповедам благопријатната година Господова!“*
>
> *Потоа ја затвори книгата, му ја даде на прислужникот, и седна; а очите на сите во синагогата беа вперени во Него. И почна да им говори: „Денес се исполни ова Писмо што го чувте.“*

Се разбира, тие се налутија затоа што Тој всушност сугерираше дека Тој е Тој за кого пишува Словото. Меѓутоа, внимавајте каде Исус престана со читање. Еве што пишува во првиот и вториот стих од Исаија:

> *„Духот на Господ Бог е врз Мене, зашто Господ Ме помаза за да им благовествувам на бедните, Ме испрати да лекувам скрушени по срце, да им проповедам на заробените и на затворениците – отворање на темницата, да ја проповедам благопријатната Господова година и денот за одмазда на нашиот Бог; да ги утешам сите оние што тагуваат.“*

Забележете дека Исус застана среде реченица. Тој не го прочита делот, „и денот за одмазда на нашиот Бог“. Зошто? Затоа што сакаше да застане со првиот дел од таа реченица, „благопријатната Господова година“. Која е благопријатната Господова година? Тоа е Годината на јубилејот! Исус во основа овде вели дека сѐ што ни покажаа претсликите на денот на саботата, на саботната година и на јубилејната година, сега е исполнето и е тука затоа што Тој дојде. Целото поглавје од Исаија 61 говори за тоа што направи Исус за нас. Во однос на двојната порција, погледнете ги стиховите од седум до девет.

> *„Заради тоа што бевте двојно посрамени, подбивот и срамот им беа наследство, затоа во земјата ќе добијат двојно; вечна веселба ќе има кај нив. Зашто Јас, Господ, ја сакам правдата, го мразам грабежот со насилството, и ќе им дадам награда според вистината и ќе направам со нив вечен завет; и семето нивно ќе биде познато меѓу народите, и потомството нивно – меѓу племињата; сите, што ќе ги видат, ќе познаат дека се тие семе благословено од Господ.“*
>
> — Исаија 61:7-9

Јас секако го разбирам срамот поради исцрпувачките финансиски предизвици. Многу пати сум бил понижен и засрамен поради нашата финансиска ситуација. Се сеќавам

**САМО ЗАТОА ШТО БОГ ВИ ПОКАЖУВА НЕШТО НЕ ЗНАЧИ ДЕКА ВРЕМЕТО ДА ГО ОСТВАРИТЕ ТОА Е СЕГА. МНОГУ ПАТИ, ТОЈ ВИ ПОКАЖУВА НЕШТО ЗА ДА ВИ ДАДЕ НАСОКА И ВРЕМЕ ЗА ПОДГОТОВКА.**

дека еднаш собрав околу 20 наши пријатели на вечера во еден локален ресторан. Не се сеќавам на посебната пригода што ја славевме, но се согласив да платам за настанот. Се сеќавам дека бев толку збунет за време на оброкот затоа што навистина немав пари да организирам таков настан. Парите што очекував да дојдат од една бизнис зделка на која работев доцнеа. Единствената кредитна картичка што ја имав, а што не беше блокирана, веќе го имаше достигнато лимитот, и не бев сигурен дали ќе помине уште еднаш или не. Секако, кога на крајот требаше да платам картичката беше одбиена. Морав понизно да побарам, со големо понижување, еден од моите гости да плати за настанот.

О, имам многу такви приказни, но не сум сигурен дека имате доволно марамчиња во близина за да слушате такви сведоштва. Но, слава на Бога, преку Исус, сите што нѐ гледаат мора да признаат дека сме луѓе што Господ ги благословил!

Двојниот дел е ваш, Исус е вашиот саботен одмор и Тој е вашата двојна порција! Ако сте прочитале некоја од моите претходни книги, знаете дека Господ ме научи многу за Царството преку ловот на елени. Всушност, ловот на елени првично беше методот што Бог го користеше за да ми го привлече вниманието кон Царството. Јас ловев елени повеќе години без успех. Иако вложував време и пари во мојот труд, завршував без успех и без лов. Да бидам искрен, никогаш немав прилика ниту да пукам. Таа година додека размислував за претстојната сезона на лов на елени, Бог ми зборуваше и ми рече: „Зошто не ми дозволиш да

ти помогнам со твојот лов на елени оваа година?!“ Се разбира, немав поим што значи тоа, но тој ми кажа да земам чек и да напишам: „За мојот елен во 1987 година“ во делот за белешки, заедно со одредена сума пари, а потоа да го испратам на една мисиска организација. Тој, исто така, ми рече заедно со Дренда да ги положивме рацете на тој чек и да го прокламираме Марко 11:24.

Во **Марко 11:24** пишува:

> *„Затоа ви велам: сѐ што ќе побарате во молитва, верувајте дека ќе го добиете – и ќе ви биде.“*

Да ја скратам приказната, таа година појдов да ловам на целосно непознат терен и уловив елен за околу 40 минути. Дренда и јас ги следиме овие чекори во последните 30 години и оттогаш секогаш убивам елен за 30 до 40 минути од ловот. Низ годините, видов како Бог прави некои прилично неверојатни работи додека бев на лов, а научив и неколку лекции за законите на Царството преку ловот. (Сите тие рани приказни се запишани во мојата книга *Лов во вера*.)

Јас обично претпочитам да ловам со лакови во топлите есенски бои, а потоа да ловам во ладната сезоната со пушка овде во Охајо. Ограничувањето на бројот на елени што можете да ги уловите во Охајо е прилично дарежливо, и во која било дадена година, границата е шест елени годишно. Никогаш не сум морал да уловам толку елени за да го нахранам моето семејство. Мојот замрзнувач е обично прилично полн со два или три елени годишно. За да го цените тоа што ќе ви го кажам, треба да знаете дека додека ловев сите тие години, никогаш не сум застрелал два елени од истата платформа во истиот утрински или вечерен лов. Патем, ако не ловите, да, ловиме со лак и стрела од изградена дрвена платформа. Вообичаено, кога убивам елен, ја напуштам шумата и доаѓам друг ден и ловам уште еден. Но, Господ сакаше да ме научи нешто на овој конкретен вечерен лов.

Тоа беше еден од оние совршени есенски денови за лов, малку облачно со слаб дожд што ја навлажнуваше земјата од време на

време. Беше недела вечер, бев малку уморен од служењето на неколку црковни богослужби тоа утро и со нетрпение чекав да бидам во шумата. Дренда замина да пазари, а јас и таа се договоривме дека ова ќе биде добра вечер да ставиме месо во замрзнувачот. Ја наметнав камуфлажата и ги собирав моите работи додека таа одеше кон автомобилот. Излегов надвор токму кога таа се спремаше да замине. Додека го стартуваше автомобилот, го спушти прозорецот и ми рече: „Двојна порција". Не знаев зошто го кажа тоа, иако подоцна рече дека го слушнала Господ како ѝ го кажува тоа во тој момент и се почувствувала водена да ми го каже и мене.

Таа година имавме посеано за три елени, и ова беше првиот ден на лов за таа сезона. Ја бакнав брзо и ѝ реков дека се согласувам, и тргнав кон нашата шума. Ловам на мојот сопствен имот, и затоа многу добра знам каде се движам. Додека се качував на дрвената платформа, зададов неколку удари на симулаторот на еленски звук. Во рок од 15 минути, се појави еден голем елен, испукав куршум од околу четириесет метри, и еленот беше совладан. Тоа беше прекрасно! Се спуштив надолу и се упатив кон еленот, но потоа се сетив на она што ми го рече Дренда, за двојната порција, па го оставив телото на мртвиот елен таму каде што падна и се вратив на мојата платформа.

Мислев дека поради звукот што го направив кога се симнував, што одев наоколу, а потоа враќајќи се до платформата, а и поради целиот мирис што веројатно го оставив додека се движев, значеше дека природно има многу мали шанси за нов улов додека сѐ уште се гледаше. Но, само 15 минути откако се качив на платформата, друг елен одеше директно под моето дрво и јас го совладав со еден совршен удар. Леле, два истрели и два елени од истото дрво. Никогаш претходно го немам постигнато тоа. Тоа ми го привлече вниманието и знаев дека тоа е двојната порција за кој ми зборуваше Дренда.

Следните пет години го имав истото искуство. Секој пат кога излегував на лов со лак и стрела, добивав два елени од истата платформа за само неколку минути. Знаев дека тоа не е нормално и почнав да размислувам за двојната порција, сфаќајќи дека уште

еднаш Бог ме учи нова лекција за Неговото Царство.

Отсекогаш сум сакал пушки и, се разбира, сакам да ловам. Имам своја колекција на пушки што ги користам во лов и бев прилично задоволен со пушките што ги поседував. Дренда и јас имаме 60 хектар земја со околу 25 хектари шума и уште 15 хектари мочуриште. Секоја есен, мочуриштето може да биде суво или полно со вода, во зависност од тоа колку е влажно летото.

Таа година, имавме доста влажно лето, така што мочуриштето беше полно со вода пред почетокот на есенската сезона на патки. Како и да е, секоја година кога има вода имаше патки во мочуриштето, но јас навистина не обрнував многу внимание на нив. Но, таа година имаше големи јата што доаѓаа во мочуриштето бидејќи водостојот беше висок, а јас не можев да одолеам на тоа. Иако никогаш не сум бил во таков лов во минатото, сакав да слезам до мочуриштето и да пробам да ловам патки. Па, ловот беше одличен. Имаше патки насекаде, а таа година неколку пати вечеравме патки.

Додека ловев патки таа година, открив дека многу пати патките летаат надвор од опсегот на пушка. Ја користев мојата секојдневна, сеопфатна пушка што обично ја користам за зајаци и фазани, но бидејќи патките беа надвор од опсегот на сачмарката, се сетив дека сум слушнал за понов тип пушка што е дизајнирана само за лов на патки. Тие беа маскирани и имаа поголем резервоар за муниција, што овозможуваше многу повеќе испукани куршуми од еднаш. Се сеќавам дека тогаш помислив дека треба подетално да ги разгледам.

Околу еден месец откако заврши сезоната на патки бев во една локална продавница за спортска опрема, и таму имаше полица со пушки означени како пушки за водни птици. Ги разгледав малку, но бидејќи чинеа 2.000 долари и фактот дека пушката нема да ми треба уште 10 месеци, или до следната сезона на патки, решив да не брзам со купување. Но, без размислување, гласно реков: „Господи, би сакал една таква". Не размислував многу за тоа додека ја напуштав продавницата, но неколку недели подоцна зборував на состанок за корпоративна продажба, а не на состанок во црква, на состанок за корпоративна продажба. На крајот од

мојата презентација, извршниот директор ми се заблагодари што зборував и рече: „Сакаме да ви се заблагодариме за вашиот говор со подарок“. Бев во шок кога тој ја извади истата пушка што јас ја гледав во продавницата за спортска опрема само неколку недели претходно. Моите зборови: „Господи, би сакал една таква“, и фактот дека во минатото поклонував пушки ја донесоа таа жетва.

Во првата книга од оваа серија, *Вашата Финансиска Револуција: Моќта на верноста*, зборувам за принципот што направи таа пушка да се појави. Јас го нарекувам принцип на срп, и се наоѓа во Марко 4:26–29. Јас би предложил да си ја набавите книгата ако веќе не сте ја прочитале. Појавувањето на пушката беше сигурно неверојатно, но тоа не е вистинската приказна на која сакам да се фокусирам. Но, тоа сигурно ја поттикна приказната што сакам да ви ја кажам.

Откако ја добив таа пушка, и сфатив дека тоа беше како последица на семето што го посеав претходно, за миг помислив дали има друга пушка што сакам да ја имам. На крајот на краиштата, имав посеано десетици пушки, па мислев дека ќе експериментирам со законите на Царството. Единствената пушка што ја немав во мојата колекција беше пушка наречена *над и под*. Станува збор за убави пушки, и истите обично не се ни евтини. Затоа реков: „Господи, би сакал да имам една од тие убави пушки *над и под*!“

Околу еден месец подоцна, ми се јави еден партнер во службата и ми рече дека сака да ми купи пушка, *над и под.* Бев воодушевен и тој ми рече дека ќе ја испрати по пошта. Па, неколку дена подоцна, по пошта добив две прекрасни пушки н*ад и под*, навистина прекрасни! Забележете дека добив две пушки. „Леле“, си помислив. Го повикав партнерот и му се заблагодарив за прекрасните пушки што ги испрати. За неколку дена испрати уште две. Кога му се јавив повторно да му се заблагодарам, тој рече: „Бев толку импресиониран што всушност ми се јави лично да ми се заблагодариш, сакав да ти испратам уште две“. Бев воодушевен со подароците, но во нив забележав една шема. Две пушки секој пат? Звучи како двојна порција.

Пред околу два месеци, наутро поучував во една црква, а потоа таа вечер требаше да поучувам во истиот град во друга црква. По утринската служба, еден човек дојде до мене и ми рече: „Ќе ти испратам убава полуавтоматска пушка Браунинг". Повторно бев воодушевен. Чудно, на вечерната богослужба во другата црква, еден човек дојде и ми рече: „Носам сосема нова пушка што сѐ уште е неотпакувана што сакам да ви ја дадам". Тоа беше убав, пресечен Марлин 30/30, пушка на која често ѝ се восхитував, но никогаш не сум ја имал. Повторно, бев изненаден, но знаев дека тоа е двојната порција.

Повторно, не поминаа неколку недели, се случи истото - ми дадоа две пушки во ист ден. Па, сѐ што можам да кажам е дека сигурно сум човек благословен со одлични пушки. Но, како и секоја приказна што ја раскажувам, секогаш прашувам: „Како се случи тоа?" Се разбира, веќе ви кажав дека посеав многу пушки во минатото, но никогаш дотогаш не велев: „Господи, би сакал една таква". Повторно, ова е принципот срп што треба да го знаете. Но, повеќе од принципот срп, јас ја допирав двојната порција на многу различен и очигледен начин и сакав да знам како точно го правам тоа. Верувам дека Господ ми покажа дека многумина од нас го пропуштаат овој многу важен аспект на жнеењето од Царството, и затоа ќе посветам извесно време во следното поглавје за да разговараме на таа тема. Но, пред да го направам тоа, сакам да ви кажам што друго се случи таа година.

Откако ги добив пушките по пошта, се случи оваа приказна - и тоа е една од најневеројатните приказни што ги имам искусено каде што јасно и без никаков сомнеж станува збор за двојната порција. Приказната е поврзана со моите возила, поточно со мојот бисерно бел кадилак ескалада што го добив, сведоштво што го споделив со вас пред неколку поглавја.

Како што реков претходно во книгата, јас и Дренда навистина не сме големи љубители на автомобили. Обично ги возиме додека не престанат да работат или едноставно повеќе не изгледаат добро.

И повторно во оваа приказна треба да напоменам дека Дренда и јас претходно имавме подарено неколку автомобили без да

поставивме јасно барање на нашата вера за тоа што веруваме дека ќе жнееме од тоа давање. Но, ако се сеќавате на таа приказна, кога го возевме изнајмениот кадилак ескалада за време на нашата конференција и рековме: „Ни се допаѓа овој автомобил; треба да си купиме ист таков“, навистина не очекувавме некој да ни се јави и да ни каже дека сака да ни купи токму таков автомобил. Но, се разбира, токму тоа и се случи. И, се разбира, никому не кажавме дека сакаме кадилак. Така, како што ви кажав претходно, се појави бисерно белата, кратка верзија ескалада што беше и сè уште е прекрасна. Многу ми се допаѓа.

Но, има уште поневеројатен аспект поврзан со таа приказна што се случи минатото лето. Го возевме кадилакот околу година и пол, до минатото лето, кога еден ден забележав дека светна сијаличката за проверка на моторот. „Сигурно не е нешто сериозно“, си помислив, но сепак сакав да проверам што не е во ред, и затоа ја однесов на механичар. Ми кажаа дека проблемот не е сериозен. Сензорот собираше малку масло во издувот, но немаше опасност од поголем проблем. Ми рекоа дека моторот ќе трае онолку колку што сакам да го возам. Ги прашав зошто собира сензорот масло? На мојата ескалада беше ставен прилагоден систем за издувни гасови, а тие мислеа дека тоа може да биде причината зошто се таложи маслото на сензорот. Повторно, тие рекоа дека самиот мотор нема никаков проблем и затоа треба да очекувам моторот да трае долго време.

**СЕ СТРЕМАМ КОН ЦАРОТ И НЕГОВОТО ЦАРСТВО, НО ВО ЦАРСТВОТО ИМАМ ПОВЕЌЕ ОД ДОВОЛНО, ДВОЈНА ПОРЦИЈА!**

Еден ден, во неврзан разговор со човекот што ми го даде возилото, го спомнав проблемот со сензорот што го имав. Тој рече: „Да, видов дека тоа се случува со некои други возила на GMC“. „Всушност“, рече тој, „тоа е доста честа појава кај постарите модели“. Тој потоа ми кажа дека тоа воопшто нема да

влијае на автомобилот и дека ќе можам да го возам во следните 10 години или подолго без проблем.

Тој знаеше дека Дренда и јас имаме куќа на Флорида што неодамна ја купивме. Седев запрепастен кога тој потоа рече: „Слушни ме. Возете го овој автомобил до Флорида и користете го кога сте таму, а јас ќе ви купам уште еден за да се вратите во Охајо". Да, сега имам две бисерно бели, кратки верзии на ескалада кои се совршени во секој поглед, освен сијаличката што повремено се вклучува на првиот автомобил. И двете се совршени во секој поглед! Тоа беше уште еден од тие: „Дали го виде тоа?" моменти. Дренда и јас мораме да се штипнеме кога ги возиме тие прекрасни возила. Не платиме ниту за едно од нив. Но, во овој случај, знаевме дека тоа е двојната порција.

Не ви ги кажувам овие приказни за да се фалам, но пријатели, благословен сум! Уживам во двојната порција, која како што знаете, значи да се има повеќе од доволно. Имам сеф полн со пушки, повеќе од доволно. Имам две идентични ескалади за кои не сум платил. Мислам дека ќе се согласите дека тоа е повеќе од доволно! Не сакам да мислите дека ве охрабрувам да барате материјални работи, не го правам тоа. Не сум цврсто поврзан за материјалните работи, и не ги обожувам ниту, пак, се стремам кон нив. Се стремам кон Царот и Неговото Царство, но во Царството имам повеќе од доволно, двојна порција!

Чекајте, сè уште не завршив со сведоштвата за Господовата добрина и двојната порција.

Мојата сопруга сакаше да имаме куќа на плажа во последните 20 години. Не, дозволете ми да го преформулирам тоа. Таа отсекогаш сакала да има куќа на плажа! Таа едноставно го сака океанот! Како и да е, таа со години разгледуваше куќи покрај океанот. Во минатото, секогаш кога на оглас имаше добри куќи по добри цени, нашите пари веќе беа врзани за проекти поврзани со службата, и затоа моравме да чекаме. Но, оваа година се молев во подрумот додека го возев мојот стационарен велосипед. Одеднаш, Господ многу силно ми прозборе: „Кажи ѝ на Дренда да оди во Флорида, во градот во кој долго време сака да има дом, и кажи ѝ уште оваа недела да купи куќа покрај плажа". Леле, оваа

недела? Имаше силна итност во мојот дух кога го слушнав тоа. Затоа, ѝ кажав на Дренда што ми рече Господ, и контактиравме со една наша пријателка што живееше во тој град за да видиме дали е слободна неколку денови да ја вози Дренда додека ги разгледува куќите. Таа ни кажа дека сака да ни помогне со тоа.

Така Дренда отиде на интернет и направи список со околу 25 домови кои сакаше да ги види. Откако пристигна во Флорида, Дренда ја намали својата листа од 25 куќи на 5 што сè уште беа опција, и една за која рече дека ја сака. Тогаш и јас дојдов во Флорида, за да ѝ се придружам, и таа ми ги покажа петте куќи меѓу кои и онаа што ја сакаше. Од пет куќи на списокот останаа уште две - онаа што ја сакаше Дренда и уште една куќа што беше многу убава, но не толку убава како онаа првата. Морам да признаам дека кога ја видов куќата што ѝ се допаѓаше на Дренда знаев дека е за неа, и затоа дадовме понуда. Сопственикот ја прифати нашата понуда и чекавме само да се формализира трансакцијата и договорот.

Неколку недели подоцна, кога бевме дома во Охајо и се одмаравме, Дренда издивна и рече: „Тоа е мојата куќа!" „Знам", реков, „тоа е твојата куќа. Бог ми рече дека треба да ти купам куќа покрај океанот истата недела кога те испратив во Флорида да разгледуваш куќи".

„Не", рече таа, „Не разбираш; тоа е мојата куќа". Таа потоа ми објасни дека таа веќе неколку години бара домови во таа област, и дека еден ден видела слика од куќата што ја договоривме во оглас за недвижности. Кога ја видела куќата навистина ѝ се допаднала. Сè во врска со таа куќа ѝ се допаѓало, шпанската медитеранска архитектура, распоредот, локацијата, сè. Се сети дека го ставила својот прст на таа слика и рекла: „Господи, ја сакам таа куќа!" Но, таа знаела дека куќата е прескапа и дека веќе нашите финансии беа ветени за други проекти, па затоа разгледувала куќи што биле повеќе во нашите финансиски можности во тоа време. Но, ниту една друга куќа не ѝ се допаднала, и затоа никогаш не бевме ниту близу до склучување договор. Едноставно сè уште немавме мир за куќа.

Треба да знаете и дека повеќе од две години претходно ние

посеавме семе за куќа на плажа покрај океанот во тој град. Нашата исповед во тоа време беше дека имаме куќа на плажа во тој град, дека веќе ја имаме и ја добивме денот кога посеавме семе за неа.

Можам да се сетам точно на местото и моментот кога се државме за раце и бевме во согласност за куќата на плажа покрај океанот за Дренда. Но, сега кога веќе ја договоривме таа куќа, Дренда одеднаш се сети на сликата што ја видела две години претходно и сфати дека станува збор за истата куќа, нејзината куќа!

Откако ја испитавме историјата на куќата, дознавме дека сопственикот навистина се обидел да ја продаде куќата неколку години претходно, но неуспешно, и затоа го повлекол огласот. Тоа беше кога Дренда прв пат ја видела сликата од куќата во оглас за недвижнини. Но, сопственикот решил повторно да ја огласи куќата, и тоа објаснува зошто бев поттикнат толку итно да ја испратам Дренда во Флорида покрај океанот со упатството: „Ќе купиш куќа оваа недела". Таа ќе ви каже дека јас обично не ги трошам парите така. Правото време е многу важно. Овој пат нашите пари не беа поврзани за други проекти, и затоа можевме да ја купиме куќата. Сигурен сум дека имало и други луѓе заинтересирани за таа куќа, и тоа беше причината за итноста. Неверојатно, цената беше иста од првиот пат кога Дренда ја видела куќата. Верувам дека Бог ја чувал за неа!

Но, еве каде е двојната порција во приказната. Додека сѐ уште траеше процесот на комплетирање на договорот, добивме повик од мајката на Дренда. Тие поседуваа куќа во Канада во последните 32 години. Бевме таму неколку пати во текот на годините и ни се допаѓаше куќата и локацијата. Куќата се наоѓа на остров веднаш до вода. Всушност, океанот е на околу 10 метри од задната палуба. Родителите на Дренда остареeја и сметаа дека не можат повеќе да се грижат за трошоците и имотот што е толку далеку. Тие нѐ прашаа дали сакаме да ја купиме и јас реков не. Имаше 31 час возење од Охајо, и иако ми се допаѓаше местото, едноставно сметав дека не можам да одам таму често поради оддалеченоста и времето потребно да се стигне таму. Затоа тие

ја ставиле куќата на оглас, но и по две години, ниту еден купувач не покажал сериозен интерес.

Така, додека чекавме да се комплетира договорот за нашата куќа покрај океанот, тие ни се јавија и ни објаснија дека не успеале да го продадат имотот и дека се подготвени да ја намалат цената на половина ако сакаме да го купиме за да остане куќата и понатаму во семејството. Додека размислував за тоа, моите деца пораснаа одејќи таму и тоа е навистина прекрасно место. Затоа јас и Дренда се молевме и одлучивме да ја купиме куќата. Имавме доволно пари при рака за да го направиме тоа. Освен тоа, претходната година купивме авион за мојата компанија, што ни овозможи да стигнеме таму за 5 часа наместо за 31 час што беа потребни со автомобил. Така што за нас сега беше многу поизводливо да патуваме таму.

**НЕ САКАМ ДА ПОМИСЛИТЕ ДЕКА ДВОЈНАТА ПОРЦИЈА Е ОГРАНИЧЕНА НА ТОА ДА ИМАТЕ ДВА ПРИМЕРОКА ОД ИСТАТА РАБОТА. ВСУШНОСТ, ДВОЈНАТА ПОРЦИЈА ЕДНОСТАВНО ЗНАЧИ ДА ИМАТЕ ПОВЕЌЕ ОД ДОВОЛНО.**

Откако ги комплетиравме двата договори, еден ден седејќи во мојата канцеларија одеднаш ми светна: „Чекај малку, ова е двојната порција!“ Мојата сопруга со години сонуваше да има куќа покрај океанот. Сега, во рок од два месеци, таа доби дом кој е во јужниот дел на САД, каде што зимите се топли, но летата се премногу жешки и затоа не може да се користи многу. Додека во Канада има совршена температура во лето, но премногу е ладно во зима. Сфативме дека таа сега има куќа покрај океанот за двете годишни времиња. Неверојатно. Дефинитивно рековме: „Дали го виде тоа?“ кога ги потпишавме двата договори. Мислам дека

ќе се согласите дека ова изгледа и мириса како двојна порција! Неверојатно!

Ви дадов неколку примери за тоа како Бог ни даде двоен благослов од истата работа мене и на Дренда, што верувам дека Бог го искористи за да ни овозможи јасно да ја видиме двојната порција на дело. Но, не сакам да мислите дека двојната порција е ограничена на тоа да имате два примерока од истата работа. Всушност, двојната порција едноставно значи да имате повеќе од доволно. Бог ги користеше овие многу различни примери за двојниот благослов за да ми го привлече вниманието за двојната порција. Значи, без разлика за што станува збор, двојната порција значи да имате изобилно снабдување. Се надевам дека ја разбирате реалноста на двојниот дел и саботниот одмор. Животот во Царството е толку неверојатен! Додека го пишувам ова поглавје, седам во нашиот дом во Канада и гледам низ прозорецот кон океанот. На само петнаесетина метри од куќата, покрај брегот си играат морски галеби и патки. Има спокој, без никакви борби, сѐ е платено, вистински благослов. Јас имам задача, да ја споделувам добрата вест за Царството на мојот Татко, како син во Неговата куќа, и граѓанин на Неговото големо Царство јас уживам во двојната порција!

Дренда и јас можеме да напишеме многу приказни за тоа како Божјото Царство и законите што го регулираат влијаеле на нашите животи, како и на илјадниците луѓе што ни праќаат пораки со своите приказни. Како што веќе кажав, за сите овие работи читаме во Библијата, но радоста е уште поголема кога гледаме како Библијата станува реална пред наши очи.

Сакам сега да кажам нешто што е многу важно. Знам дека е меч со две острици кога им кажувам на луѓето за благословите што сме ги примиле со Дренда на нашето духовно патешествие. Луѓето многу пати го примаат тоа погрешно. Понекогаш може да мислат дека сме горди или дека се фалиме. Или мислат дека сме ги земале парите од нивниот десетокот и сме ги потрошиле на себе. Сакам да знаете дека јас и Дренда не земаме пари од нашата ТВ емисија, ниту, пак, заработуваме од продажбата на нашите книги. Да, ние добиваме плата, се разбира, од црквата

Но, ние имаме и сме имале бизниси, и Бог ги благослови тие бизниси. Само сакав да се уверам дека ги знаете нашите мотиви кога ги споделуваме нашите лични приказни. Чувствував дека треба да ги споделам сите тие сведоштва што ги видовме со сопствени очи, и што нè научи Бог преку тие настани. Резултатите што ги споделувам со вас не се резултати на Гери и Дренда Киси; ние не сме толку добри! Не, она што го видовме и во што уживаме е резултат на нашиот Татко и Неговото Царство во нашите животи. Ги споделуваме овие приказни затоа што сакаме и вие да го разберете тоа! Еј, ние почнавме од нула, а единствената причина зошто ја пишувам оваа книга е за вас! Сакам да знаете како функционира Царството за да можете да разберете и да примите сè што има Бог за вас.

Сакам да знаете дека многу мразам сиромаштија. Тие девет години поминати во постојан стрес и страв беа жив пекол на земјата, буквално! Се надевам дека ќе се сетите дека саботниот одмор е и ваш исто како што е мој! Во следното поглавје, ќе ви помогнам да разберете како саботниот одмор може да стане составен дел од вашиот живот.

Да кажам уште нешто за ова поглавје. Додека завршував со последната реченица од поглавјето, мојата секретарка влезе во мојата канцеларија и ми кажа дека има стигнато пратка за мене. Бев изненаден кога отворајќи ја кутијата видов две многу убави пушки. Леле, тоа беше големо охрабрување! Тоа беше како Бог да става „Амин“ на она што штотуку го напишав.

Откако се испечати оваа книга, многу се радував што за прв пат имав можност да ги предавам овие принципи на нашата Револуција конференција во Атланта. Бев исто така возбуден што новата книга сега беше достапна за луѓето. Додека се подготвував да се упатам кон конференциската сала за да зборувам, ми се јави секретарката и ми рече дека на телефон ме бара господинот што ми го даде првиот сет пушки, кој итно сака да разговара со мене. Затоа, брзо му се јавив. Тој со радост ми објасни дека штотуку по карго ми испратил уште две пушки! Освен тоа, на Дренда и пратил пушка, но бидејќи знае дека таа не лови, и испратил 1.500 долари во банкноти од сто долари. Бев шокиран. Почувствував

дека Бог повторно го потврдува она што го правам и, на некој начин, ми вели да продолжам. Луѓето треба да го знаат ова - Бог сака да го знаете ова! Како и да е, кога дојдов дома, со возбуда ја отворив кутијата. Дренда и јас добивме најубави соодветни пушки од моделот Браунинг што некогаш сум ги видел. И двете беа сосема нови. Имав и полуавтоматска пушка од истиот модел во златна боја, и се разбира, Дренда имаше 1.500 долари. Двојна порција!

Можеби се прашувате зошто толку многу пушки. Па, морам да признаам дека сега имам многу убави пушки, кои не се евтини, и си го поставувам истото прашање. Бог ми кажа дека ми ги даде тие скапи и убави пушки за да видам колку се огромни Неговите ресурси, дека Неговата грижа за нас е над сите мои очекувања, а не само за прост опстанок. Разбрав! Видов! Повеќе од доволно!

ДЕСЕТТО ПОГЛАВЈЕ

# ТАЈНАТА НА ДВОЈНАТА ПОРЦИЈА

Веќе разговаравме за тоа што е саботниот одмор и како двојната порција го прави возможен. Можеби си го поставувате прашањето: „Како да живеам во двојната порција?" Па, мило ми е што прашавте! За да го добиеме одговорот на тоа прашање, да се вратиме на приказната каде што Исус нахрани 5.000 луѓе со пет леба и две риби.

*И бидејќи веќе времето поизмина, учениците Негови пристапија кон Него и рекоа: „Овде е местово пусто, а и доцна е; распушти ги за да отидат по околните села и колиби и да си купат леб, зашто нема што да јадат."*
*Тој им одговори и рече: „Дајте им вие да јадат!"*
*А тие Му рекоа: „Да појдеме и да купиме за двесте денарии леб, па да им дадеме да јадат?"*
*Потоа Тој ги праша: „Колку лебови имате? Отидете и видете!"*
*И кога видоа рекоа: „Пет леба и две риби."*
*Тогаш Исус им рече на сите да поседнат на купчиња по зелената трева. И поседнаа во групи по сто и по педесет. Тој ги зеде петте леба и двете риби, па, погледна кон небото, ги*

> *благослови лебовите и ги прекрши, и им ги даде на учениците Свои, за да им ги стават пред нив; исто така им ги раздели и двете риби на сите. И јадеа сите и се наситија. И собраа парчиња, од лебот и од рибите, полни дванаесет кошеви. А оние, што јадеа од лебовите, беа околу пет илјади мажи.*
>
> — Марко 6:35-44

Веќе зборувавме за оваа приказна, но овде навистина многу јасно се наговестува двојната порција. Во приказната, Исус натприродно ги умножи лебот и рибите, и сите јадеа додека не се наситија. Претпоставувам дека имало околу 20.000 луѓе, вклучително и жените и децата; а тоа дека многу луѓе беа нахранети со пет лебови и две риби сигурно е Божјо дело. И за тоа, можеме да го славиме Царството и како тоа функционира. Но, таму се случи нешто повеќе од нахранување луѓе, затоа, ако го гледате само тоа, ќе ја пропуштите двојната порција. Ајде да копаме малку подлабоко.

**ПОСТОИ ПОДОБАР НАЧИН ДА СЕ ЖИВЕЕ ОТКОЛКУ САМО ДА СЕ СТРЕМИТЕ КОН ТОА ДА БИДЕТЕ НАСИТЕНИ. НЕ МОЖЕТЕ МНОГУ ДА ПОСТИГНЕТЕ ДОКОЛКУ ИМАТЕ МЕНТАЛИТЕТ НА НАСИТЕНОСТ.**

> *„И јадеа сите и се наситија. <u>И собраа парчиња, од лебот и од рибите, полни дванаесет кошеви</u>. А оние, што јадеа од лебовите, беа околу пет илјади мажи.“*

Значи, што ни кажува текстот? Откако сите се заситија, собраа 12 корпи полни со леб и риби. Дефиницијата за двојна порција е да се има повеќе од доволно. Доволно ќе беше ако луѓето само се најадоа, но останаа 12 кошеви откако луѓето беа веќе беа заситени, а тоа е двојна порција, повеќе од доволно. Ве молиме дозволете таа разлика малку да се врежи во вашата свест. Сакам да добиете

јасна слика за разликата меѓу заситени и двојна порција. Сега немам време да навлегувам подлабоко во тоа како Исус ја донесе моќта на Царството во таа ситуација за да го постигне првиот дел од оваа приказна – нахранување на 5.000 луѓе. Но, можете да го најдете целосното објаснување во првата книга од оваа серија, наречена *Вашата Финансиска Револуција: Моќта на верноста*.

Наместо тоа, сакам да се фокусирам на двојната порција, изобилството, и како тоа се случи во оваа приказна. Да, тоа е неверојатна приказна - 20.000 луѓе беа нахранети, леле! Но, Царството е повеќе од тоа само да бидете наситени, иако секако треба да бидете наситени пред да продолжите кон изобилството. Да се биде заситен и нахранет е одлично, но што е со утре? Она што се обидувам да го кажам е дека ако вашата цел е само да се наситите, што ќе се случи кога повторно ќе огладнете? Многу христијани се во состојба на заситеност, но ја пропуштаат двојната порција. Токму двојната порција ја носи Божјата саботна починка. Да се биде заситен е само привремено решение. Не го решава проблемот со снабдувањето. Знаејќи дека повторно ќе станете гладни, иако моментално не сте гладни, сепак ја отвора вратата на стравот, предизвикувајќи да трчате и да се трудите мислејќи на тоа како ќе преживеете. Не, постои подобар начин да се живее отколку само да се стремите кон тоа да бидете наситени. Не можете многу да постигнете доколку имате менталитет на наситеност. Кога сме фокусирани само на денот и на тоа да бидеме заситени ја губиме визијата за иднината. Ако целта е само да бидете заситени, тогаш фокусот ви е на опстанокот во овој проколнат земен систем на мака и пот.

## Наситениот јаде за денес; двојната порција гради за иднината!

Да ви дадам еден пример за тоа како размислува културата и поголемиот дел од црквата. Прашајте некого како му оди на финансиски план и ќе добиете многу одговори, веројатно не многу добри. Но, ако добиете добар, некој што вели: „Одлично ни оди“, прашајте го: „Пред колку време ја исплативте куќата?“,

веројатно ќе се загледа во вас и ќе рече: „Па, мојата куќа не е исплатена. Јас мислев на тоа дека сметките ни се платени и дека имаме пари во банка“. „Одлично!“, велите: „Навистина ви оди добро. Кажи ми, дали имате над 10.000 долари во банка?“ Се разбира, никој не би го прашал ова, претпоставувам, но ако го прашате и тие одговорат, нивниот одговор би бил: „Не, но имаме 800 долари“. Сериозно, овие луѓе мислат дека им оди одлично на финансиски план затоа што имаат убав автомобил, убава куќа и неколку долари во банка. Тие гледаат само да бидат заситени. Но, има повеќе! На пример да немате долг за куќата и да имате 100.000 долари во банка или 500.000 долари во банка? За повеќето луѓе тоа би било слика на повеќе од доволно. Одлично и неопходно е да бидеме наситени, но повеќе од доволно е кога имаме 12 корпи леб и риба во оставата за храна, и тоа носи мир!

Во една прилика разговарав со еден клиент за неговите финансии. Додека ги разгледував неговите долгови, забележав дека има долг од околу 40.000 долари на неговата кредитна картичка. И додека разгледував забележав дека има околу 40.000 долари во готовина на неговата тековна сметка. „Џо“, реков, „за ова не треба многу да се мисли. Имате пари за целосно да ги платите вашите три кредитни картички. Вашата каматна стапка на долгот на кредитната картичка е 18%, а каматната стапка на вашата тековна сметка е 1%. Исплати го долгот на кредитните картички со готовина!“ Но, знаете ли што? Џо рече дека не сака да го направи тоа. Бев збунет и го прашав зошто. Тој рече дека готовина на неговата тековна сметка прави да се чувствува безбедно и финансиски побогат. Само го погледнав. „Како мислиш те прави да се чувствуваш богат? Тоа е илузија. Иако имате 40.000 долари на вашата сметка, всушност немате 40.000 долари затоа што им должите 40.000 долари на банките. Твојата перцепција е лажна, а плаќаш многу пари за да веруваш во измама“.

Разговаравме околу еден час и тој не можеше да разбере зошто треба барем да размисли да пренасочи поголем дел од своите финансии за да го покрие долгот, за кој ме потсети дека напорно работел. Се откажав по уште еден час и заминав дома. Тој беше измамен; немаше никаква сигурност во тоа да ги чува тие пари

на својата тековна сметка. О, знам дека се чувствувал убаво кога му стигнал банкарскиот извештај покажувајќи 40.000 долари на сметка. Но, за да добие вистинска слика за тоа каде се наоѓа, требаше да ја види и состојбата на кредитните картички.

Убаво е да бидете заситени, но тоа може да ве наведе на лажно чувство на сигурност. Треба малку да погледнете на иднината и да знаете дека она што сте го потрошиле нема да може да го обезбеди она што ќе ви треба за неколку часа. Повторно ќе бидете гладни. Ако барате само брзо решение, брзо задоволување на потребите, ќе го пропуштите единственото нешто што всушност може да ви го промени животот – двојната порција.

Кога растевме во проколнатиот земен систем на мака и пот, сонувавме за едно нешто, одмор! Ова го спомнав во претходното поглавје. Не сонувавме за повеќе работа или за друга можност бидејќи, искрено кажано, веќе бевме преоптоварени од животот и само се обидувавме да истраеме до следниот одмор. Видете, робовите не сонуваат за повеќе работа. Робовите мечтаат за едно нешто - петок навечер, а не понеделник наутро. Зошто? Затоа што робовите мечтаат само за едно нешто – одмор. Слушнете ме, преоптоварениот и „едвај чекам да одморам“ менталитет никогаш нема да ве однесе никаде. Дури и да влезе ангел во вашата спална соба и да ви каже идеја од Бога, вашиот начин на размислување сепак ќе ве спречи. Запишете го ова:

## ЗА ДА ЈА РАЗБЕРЕТЕ ДВОЈНАТА ПОРЦИЈА МОРА ДА ПРЕСТАНЕТЕ ЛЕСНО ДА СЕ ЗАДОВОЛУВАТЕ!

Оваа изјава е клучот кој води до двојната порција. Знам дека нема многу смисла во моментов, но ќе разберете. За да ви покажам што сакам да кажам, сакам уште еднаш да ја погледнеме приказната за хранењето на 5.000 луѓе од евангелието по Јован, наместо од евангелието по Марко. Јован ја опишува речиси истата приказна, но во својата перспектива тој вклучува неколку

детали што не ги наоѓаме во верзијата на Марко.

> *Исус ги зеде лебовите, заблагодари и им ги подаде на оние што поседнаа; исто така и од рибите, кој колку сакаше. А кога се наситија, им рече на учениците Свои: „Соберете ги останатите парчиња за да не се загуби ништо!“*
>
> — Јован 6:11-12

Во оваа верзија на приказната, гледаме дека Исус беше Тој што им рече да одат и да ги соберат парчињата или остатоците за да не се загуби ништо. Сакам да го разберете ова. Тој мораше да им каже да го сторат тоа затоа што тие не ја видоа можност. Ставете се на нивно место. Сити сте и задоволни, а сѐ што сакате е да си легнете и да дремнете. Поради вашето растење во проколнатиот систем и вашиот менталитет на ропство, кога сте наситени, застанувате. Знаете, менталитетот на ропство функционира само кога треба, а кога не мора, кога е наситен, престанува. Исус мораше да им каже да го соберат она што е точно пред нивните очи. Остатоците беа насекаде околу нив на земјата, но тие не се потрудија да ги соберат. Но, од друга страна, што вредеа остатоците за нив освен да им се оставаат на птиците?

Исус се обидуваше да ги научи на нешто, нешто многу важно. Откако им кажа да ги соберат остатоците исто така им рече и ништо да не пропадне! Но, што значи тоа? Сите се сити, сите се задоволни, и никој не сака повеќе леб и риби, добро барем не сега. Но, тука е проблемот - нема саботен одмор доколку не соберете повеќе отколку што ви треба. Кога Израелците ја собираа маната на шестиот ден, им беше наложено да соберат повеќе отколку што им треба.

Собирањето повеќе отколку што им беше потребно на тој ден стана нивно снабдување за седмиот ден, денот на починка. Исус ги учеше Своите ученици да не гледаат само на задоволување на своите основни потреби туку да го видат целосното снабдување на Царството. Повторно, не можете да градите со менталитет на наситеност, но можете да градите со двојната порција. Тие

што само сакаат да бидат наситени го трошат денешниот леб, но останатите 12 корпи ви даваат опции за утре.

Еве го клучниот принцип што сакам да го видите.

Иако учениците не ги видоа остатоците додека Исус не им ги покажа, **Бог веќе им ја даде саботната починка**, двојната порција. Тие само не можеа да го видат тоа. Царството веќе ја снабди храната, ги умножи лебот и рибите, и ги нахрани сите тие луѓе - но Царството секогаш ја носи двојната порција. Бог никогаш нема само да ви ги даде основните потреби; **Тој секогаш ќе ви даде и повеќе од доволно**. Проблемот е што можеби не го гледате тоа!

> *„Давајте и ќе ви се даде: мерка добра, набиена, натресена и преполна ќе ви дадат в пазуви; зашто со каква мерка мерите, со таква и ќе ви се мери.“*
>
> — Лука 6:38

Давајте и ќе ви се даде, добра мерка, набиена, натресена и преполна. Но, тука не застанува овој стих. Вашата набиена и натресена мерка е вашата намирница за тој ден.

Но, стихот продолжува со зборовите: „и преполна“! Преполната мерка е двојната порција. Бог секогаш ни дава двојна порција, а не само она што ни е доволно! Но, ако не сте свесни за тоа, а жетвата е изобилна, тогаш опасноста е да ја оставите да падне на земја бидејќи сте фокусирани на тоа да бидете само наситени притоа целосно занемарувајќи го изобилието. Правејќи го тоа нема да ја видите и присвоите двојната порција. Но, ако сфатите како функционира Царството, знаејќи и очекувајќи го целосното снабдување, ќе бидете подготвени да дејствувате и да го примите сето она што Бог го дава.

Дозволете ми да ви дадам уште еден пример.

> *Но Симон Му одговори и рече: „Учителе, цела ноќ се трудевме и ништо не уловивме; но по Твоја волја ќе ја фрлам мрежата.“*
>
> *И штом го направи тоа, тие уловија толку големо*

*количество риба, што дури и мрежата им се скина. Им дадоа знак на другарите што беа во другиот кораб да дојдат и да им помогнат; и тие дојдоа и ги наполнија и двата кораба, така што за малку ќе потонеа.*

*А кога го виде тоа, Симон Петар падна пред нозете Исусови и Му рече: „Оди си од мене, Господи, зашто сум грешен човек!“*

*Зашто него, и сите што беа со него, ги беше обзел страв од многуте риби, што ги уловија, а исто така и Јаков и Јован, синовите Заведееви, кои му беа другари на Симон.*

*И му рече Исус на Симон: „Не плаши се! Отсега ќе ловиш луѓе!“*

— Лука 5:5-10

Ова е дел од приказната што ја читавме претходно. Петар имаше два чамци кои поради многуте риби за малку ќе потонеа, поради Царството. Тоа беше спротивно на неговото разбирање за риболов и затоа беше збунет. Но, што ќе се случи следниот пат кога Исус ќе рече: „Еј, Петар, оди таму во подлабокото и ќе можеш да фатиш колку сакаш риби“? Дали мислите дека ќе земе два чамци? Се сомневам. Сигурно ќе собере колку што е можно повеќе чамци од пријателите. Зошто? Затоа што сега има поинакви очекувања и знаења за тоа како функционира Царството.

Она што сакам да го постигнам кажувајќи ви ги овие нешта е да се осигурам дека навистина разбирате дека сѐ уште не го гледате целото снабдување што Бог го дава. Се разбира, најчесто тоа снабдување нема да биде во форма на банкноти. Но, тоа ќе биде во форма на идеи, од Бог водени средби и водство од Светиот Дух. Ако не сме подготвени со правилно разбирање на двојната порција, нема ни да ја забележиме поради растењето во проколнатиот земен систем на преживување, мака и пот.

Во приказната за умножувањето на лебот, Исус се обидува да ги научи Своите ученици како функционира Царството, што да очекуваат и што да планираат. Бидејќи нивниот ропски менталитет не го гледаше потенцијалот на сиот леб што беше таму, Тој мораше да ги подучи да ја гледаат вистината: „Што

гледате? Погледнете! Не ли го гледате сето она што Бог го подготви за вас“.

Сакам за миг да ве потсетам на Излез 16 бидејќи таму има уште една вистина што сакам да ја разгледаме.

> *И така тие го собираа секое утро рано, секој колку што може да изеде; а кога сонцето ќе изгрееше, тоа се топеше. А во шестиот ден собраа од тој леб двојно повеќе – по два омера за секого. И дојдоа старешините народни, па му јавија на Мојсеј. А тој им рече: „Еве што кажа Господ – утре е сабота, ден за одмор посветен на Господ; што ќе печете – печете, и што треба да варите – варете денес; а што ќе преостане, соберете го и чувајте го за утре!“*
>
> *И оставија од него за утре, како што заповеда Мојсеј, и тоа не се усмрде, ниту имаше црвје во него. И Мојсеј рече: „Јадете го тоа денес, бидејќи денес е сабота Господова; денес нема да најдете од него во полето. Шест дена ќе собирате, а седмиот ден е сабота, тогаш ќе го нема.“*
>
> *И на седмиот ден излегоа некои од народот да собираат, но не најдоа. А Господ му рече на Мојсеј: „До кога ќе се противите на заповедите Мои и на законот Мој? Ете, Господ ви дал денес сабота, затоа во шестиот ден и ви дава леб за два дена. Останете секој во својот дом, и во седмиот ден никој да не го напушта местото свое.“ И се одмараше народот седмиот ден.*
>
> — Излез 16:21-30

Како што веќе рековме, двојната порција ја прави саботната починка возможна. Но, зачудувачки, иако Бог веќе ја обезбеди двојната порција на шестиот ден, многумина од луѓето излегоа да бараат мана во сабота и не најдоа. Не дека Бог не беше верен да ја обезбеди. Тие едноставно не ја видоа бидејќи немаа исправно разбирање за двојната порција што веќе беше обезбедена на шестиот ден. Тие собраа само за еден ден, како и обично. Сега, бидејќи беа гладни на седмиот ден, тие не најдоа ни малку мана. Можеби од нивна перспектива Бог ги изневери. Но Бог не изневерува; тие едноставно не беа свесни за принципот на

двојна порција. Да знаеја, ќе планираа поинаку.

Колку луѓе денес талкаат наоколу обидувајќи се да го најдат она што им треба, не сфаќајќи дека Бог веќе обезбеди сѐ? Мислам дека е навистина интересно во овој пасус што Бог е всушност лут на нив што не собраа доволно! Се прашувам како тоа би звучело денес во нашите цркви.

> *„А Оној Кој му дава на сејачот семе и леб за храна, Тој ќе го умножи и семето ваше, и ќе ви даде да изобилуваат плодовите на вашата правда, па во сѐ да се збогатите за секаква дарежливост, која преку нас предизвикува благодарност кон Бога.“*
>
> — 2 Коринтјаните 9:10-11

Павле е прилично јасен овде бидејќи го објаснува Божјото Царство како збогатување на секој начин за да можете да бидете дарежливи во секоја прилика. Пријатели, за тоа е потребно двојна порција. Не можете да бидете дарежливи во секоја прилика ако немате повеќе од доволно.

Во претходното поглавје, споделив со вас како мојот бизнис порасна од производство на ниво од 3 до 4 милиони долари годишно со еден од нашите партнери до над 11 милиони годишно со истиот партнер. Растот се случи само за една година. Ви кажав и како се случи тоа, дека Господ една ноќ ми даде сон и ми кажа како да го направам тоа. Но, треба да ви кажам што ми кажа, бидејќи сега ќе ви има смисла. Во мојот сон, Тој едноставно ми даде три зборови. Да, само три збора. Тие три зборови го променија мојот приход за стотици илјади долари таа година без да правам повеќе маркетинг или рекламирање отколку што веќе правев. Не сменив ништо во работењето на мојата фирма освен мене. Тие три зборови ми дадоа инструкции како јас да се променам, а тие промени го зголемија нашиот бизнис и приход. „Кои се тие три зборови?“ – ќе прашате. Еве ги: „зграпчете го моментот“!

Да, зграпчете го моментот. „Толку? Тие три збора го направија сето тоа?“ Да, токму така. Откако ќе разберете дека Бог

СЕКОГАШ ја обезбедува двојната порција преку снабдувањето што го дава, ќе разберете што ми кажуваше.

Мојата фирма, како и сите фирми што се занимаваат со продажба профитира помагајќи им на луѓето. Колку една фирма е подобра во давањето помош на луѓето, толку повеќе ќе заработува пари. Иако ова е точно, исто така е точно дека многу такви компании не успеваат да ги задоволат потребите на своите клиенти поради отсуство на отворена комуникација или поради немање на нови клиенти во фирмата.

Во нашиот случај, бевме исклучително зафатени, и иако тоа не беше лошо, понекогаш не можевме да одговориме доволно брзо на нашите клиенти. Јас лично, работам со нашите инвестициски клиенти и тоа ми се допаѓа. Но, поради мојот распоред, кога ќе се јави некој потенцијален клиент со кој треба јас да комуницирам, понекогаш не успевам да им се јавам во првите 24 часа. Моите намери се добри, но едноставно не го постигам тоа.

**ГОСПОД МИ КАЖУВАШЕ ДЕКА НАД ИЗОБИЛИЕТО, САБОТНИОТ ОДМОР, ВЕЌЕ Е ТАМУ. ТОЈ ВЕЌЕ ГО ОБЕЗБЕДИЛ. НО ЈАС НЕ ГО ГЛЕДАВ!**

Како што знаете, кога луѓето поставуваат прашања, компанијата е таа што ги дава одговорите што ќе го подобри нивниот бизнис. Понекогаш доколку не се јавите на време кај некој потенцијален клиент за да разговарате за нивните лични потреби поврзани со инвестиции може да биде премногу доцна. Клиентот може да побара консултација од некој друг кој е подостапен да одговори на нивните прашања. Многу работи можат да тргнат наопаку, но решението е да бидете достапни со одговорите кога луѓето сакаат да знаат нешто.

Затоа кога Господ ми ги даде тие три збора, знаев што значат. Морав поразлично да гледам на нештата доколку сакав да бидам на сцената меѓу првите 10 и да го добијам тој бонус од 100.000

долари. Морав да го искористам моментот! Така направив промена во начинот на кој ја вршев работата. Донесов одлука дека секогаш кога некој ќе се јави да побара инвестициски совет, ќе му се јавам во рок од неколку минути, ако е можно, и ќе се обидам веднаш да се сретнам со нив. Моите клиенти се од целата земја и затоа знаев дека ќе биде тешко да го одржам тој збор. Но, јас бев посветен на тоа. Му се јавив на менаџерот на мојата компанија и му кажав што ми кажа Бог, и од него побарав да пренесе на сите наши претставници да го имаат истиот став да ја искористат секоја прилика што ќе се појави. Кога годината заврши, заработивме и повеќе од тие 11 милиони потребни за да бидеме во првите 10 за тој партнер. Но, згора на тоа, обезбедивме и дополнителни зделки за нашите други партнери вредни милиони долари.

Еве го големото откритие. Не направивме ништо поинаку, туку едноставно реагиравме брзо кога имавме клиент кој сакаше да разговара со нас. Знаете, Господ ми кажуваше дека над изобилието, саботниот одмор, веќе е таму, Тој веќе го обезбедил. Но јас не го гледав!

Значи, не постои принцип во Царството за тоа како да ја привлечете двојната порција. Двојната порција е секогаш таму. Бог секогаш обезбедува на ниво на двојна порција.

## БОГ НИКОГАШ НЕ СЕ ГРИЖИ САМО ЗА НАШИТЕ ДНЕВНИ ПОТРЕБИ. ЗАЕДНО СО НИВ ТОЈ СЕКОГАШ НИ ПРАЌА ДВОЈНА ПОРЦИЈА!

Повторно, нашиот проблем е што едноставно не ја гледаме двојната порција.

**Но, поголем проблем е тоа што не сме ни знаеле дека постои!!!**

Ми се допаѓа тоа што Исус кажа, „Ништо да не пропадне!“

Бог ни даде сѐ, и Тој сака да го добиеме тоа. Бог се налути што луѓето беа надвор барајќи мана на седмиот ден кога Тој веќе им ја даде. Тој го потсети Мојсеј дека веќе им е дадена маната на шестиот ден за да можат да ја соберат и да уживаат во саботната починка. Во основа, Тој им велеше: „Саботата не е за Мене, таа е за вас. Затоа ви дадов двојна порција". Речиси можете да Го слушнете Исус како го кажува истото. „Еј момци, земете ги тие остатоци, соберете сѐ. Бог ви го даде тоа за да имате и да уживате во двојната порција, и да се одморите".

Во приказната кога Исус го нахрани мноштвото со пет лебови и две риби, учениците не ги видоа остатоците. Тие не ги ни бараа. Но, Исус им кажа што да соберат и жетвата не беше пропуштена. Денес Светиот Дух треба да ни помогне да гледаме подалеку од дневното задоволување на потребите за да ја примиме двојната порција. Ќе ни посочи работи кои не ги гледаме. Клучот што се надевам дека досега го видовте е дека двојната порција веќе ви е дадена; треба само да ја земете.

Бидејќи двојната порција е ЕДИНСТВЕНИОТ излез од проколнатиот земен систем на мака и пот, сатаната ја мрази. Да, тој може да се обидува да ги убеди христијаните дека е добро само да си ги плаќаат сметките и да работат две работи за да го поминат месецот. Но, христијаните што имаат пари за да го поддржуваат Божјото Царство и што живеат без финансиски страв и грижи – тој нив сака да ги спречи. Намерата на сатаната е да бидете во постојана финансиска криза и да бидете робови на сиромаштијата за да немате никакво влијание. Парите значат влијание! Сатаната сигурно сака да ве лиши од Божјиот благослов. Затоа е многу важно да го разберете она што ќе ви го кажам.

## Двојната порција е скриена!

Добро, не треба да бидеме толку строги кон учениците. Имаше причина зошто тие не го гледаа изобилието. Па, се разбира, како што рековме, тие не очекуваа изобилство, но всушност постоеше еден друг фактор. Обично не ги собираа остатоците! Мислам, во

нивните умови, лебот и парчињата риби што беа на земјата беа само отпадок.

Зошто паричката што му требаше на Петар за да го плати данокот беше скриена во устата на рибата? Кој би се сетил да побара таму? Кој би помислил дека професионални риболовци со два чамци кои ловеле цела ноќ без да уловат нешто, ќе го имаат најголемиот улов во нивните животи само затоа што биле послушни на некој рабин? Кој би помислил дека жената од 2 Царевите 4 која немала пари, и немала ништо во нејзината куќа освен малку масло, на чудесен начин ќе има толку многу масло што ќе може да го исплати сиот свој долг и да живее без долгови? Никој не би го помислил тоа. Кој би помислил дека Гери Киси, кој дипломирал како еден од двајцата најлоши студенти од својот клас, еден ден ќе биде милионер и ќе зборува пред илјадници луѓе ширум светот? Никој! Во сите овие приказни, Бог го искористи неочекуваното за да ја промени дадената ситуација.

**НАМЕРАТА НА САТАНАТА Е ДА БИДЕТЕ ВО ПОСТОЈАНА ФИНАНСИСКА КРИЗА И ДА БИДЕТЕ РОБОВИ НА СИРОМАШТИЈАТА ЗА ДА НЕМАТЕ НИКАКВО ВЛИЈАНИЕ.**

Ако изобилието, двојната порција се очигледни, седејќи така на отворено, сатаната ќе може да ги види и да се обиде да ги пресретне и украде. Затоа Бог не ги покажува јавно Своите богатства. Тие се скриени. Сатаната мрази кога вие сте задоволни и имате сѐ што ви е потребно, но уште повеќе мрази кога изобилно сте благословени и уживате во саботната починка.

Дозволете ми да ви покажам нешто што треба да го разберете во однос на тоа како Бог постапува овде на земјата.

*„Туку ја проповедаме Божјата мудрост, сокриена во таинство, која Бог ја предодредил уште пред вековите за*

> *наша слава, која никој од владетелите на овој свет не ја спознал; зашто, ако ја беа спознале, тогаш немаше да Го распнат Господ на славата.“*
>
> — 1 Коринтјаните 2:7-8

Овој пасус јасно ни покажува дека кога сатаната би го знаел Божјиот план, ќе ја смени тактиката! Затоа Бог мора да работи прикриено. Сатаната би реагирал на сѐ што е очигледно. Вашето изобилно снабдување не може да биде очигледно сѐ до моментот кога не го примите поради истата причина. Има една изрека што ја кажувам со години. Божјите богатства се скриени, не од вас, туку за вас.

## Скриено *од* вас *за* вас!

Многу луѓе ми велат дека би сакале Бог да не чека до последен миг за да ги донесе Неговите одговори. Но пријатели, Господ не е нервозен. Тој знае кога доспеваат сметките, и за ваше добро Бог не сака да ја покаже Својата рака прерано за сатаната да не го украде снабдувањето.

> *„Тебе ќе ти ги предадам чуваните во темно богатства и сокриените добра, за да познаеш дека Јас сум Господ, Кој тебе те нарекува по име, Бог Израелов.“*
>
> — Исаија 45:3

Богатството складирано во темно? Еј, ова е подобро од најдоброто сценарио од некој холивудски филм. Дозволете ми да ви дадам пример за тоа како Бог ми помогна да ја разберам двојната порција во мојот деловен живот. Пред неколку години, седев и го разгледував конечното салдо на мојата компанија за финансиски услуги. Иако бев задоволен — немав долгови и имав пари на сметка — знаев дека има нешто повеќе. Имаше многу мисиски проекти што сакав да ги финансирам, многу нешта што сакав да ги направам, а сето тоа чинеше пари.

Додека се молев за тоа, Господ почна да се справува со мене

за терминот *остатоци*. На почетокот, не разбрав што сака да ми каже, но колку повеќе се молев за тоа и слушав, почнував да разбирам. Остатоците како во приказната што штотуку ја прочитавме беа занемарени. Нивната вредност се сметаше за никаква - или поради енергијата што е потребна за да се соберат или затоа што нивната вредност се гледаше низ призмата на застарениот систем на вредности. Или можеби, погрешната и ограничена перцепција за нивната потенцијална употреба го ограничи нивното разбирање за можното зголемување на вредноста од она што беше нивната моментална перцепција.

Сте слушнале како луѓето го велат ова многу пати, сигурен сум дека сте слушнале, „Секогаш така сме постапувале по тоа прашање". Па, можам да ви кажам дека двојната порција веројатно нема да дојде така.

Додека ги разгледував податоците, Бог ми покажа дека на масата оставам многу остатоци што треба да ги искористам. Еден од приоритетите што ги правиме со секој клиент е да направиме целосна анализа на податоци за нив за да видиме какви вредносни работи имаат на располагање, како и нивниот долг. Потоа правиме анализа за да видиме дали има финансии што можат да се пренаменат кон елиминирање на долгот. Секако, вршиме преглед на нивниот моментален хипотекарен статус и каматната стапка, како и анализа на условите на заемот. Во тоа време, ние, исто така, ги советувавме нашите клиенти да подигнат кредит со помала каматна стапка за да го исплатат долгот со поголема каматна стапка, потег што ја намалува нивната нето каматна стапка од 21% на 6%. Со овој маневар на едно семејство просечно му заштедуваме од 500 до 600 долари месечно во готовина. Кога има потреба за тоа, ги испраќаме нашите клиенти во нивните банки за да го обезбедат заемот за консолидација.

Додека ги проучував податоците, Светиот Дух ми го посочи ова прашање со хипотеките. „Зошто не го вршите и делот со хипотеките?" Размислувајќи за тоа, сметав дека има смисла. Веќе ја имавме довербата на клиентите; веќе ги имавме нивните податоци; и, конечно, ние бевме тие што сугериравме да го вратат долгот на прво место.

За да се зафатам со овој дел од бизнисот значи дека ќе треба да научам сосема нов бизнис, да поминам обука за да добијам лиценца и многу повеќе. Едноставно немав време да го направам сето тоа. Но, додека продолжив да се молам за тоа, Господ ме поттикна да најдам некој друг да ја основа и води мојата компанија за хипотека, што и го направив. Самата работа со хипотеките во таа прва година ни донесе дополнителни 160.000 долари во нето приход. Тоа беа пари што никогаш немаше да ги имам ако не Му дозволив на Светиот Дух да ми ги отвори очите за остатоците во кои зјапав, но никогаш не ги видов.

Продолжив да гледам уште многу остатоци што ми ги покажуваше Светиот Дух. Еден остаток што го занемарував - поради моите однапред смислени идеи што ги научив или слушнав од други луѓе што велат дека во оваа област не вреди да се инвестира - стана огромен успех за нас. Кога конечно седнав и ја разгледав бизнис идејата, сфатив дека сите информации што ги имав за оваа област на производи беа погрешни и тоа беше, всушност, одличен спој за нашата компанија. Тој остаток, всушност, донесе повеќе приход од мојот примарен деловен модел, носејќи милиони долари. Тоа беше буквално остаток вреден повеќе милиони долари!

Затоа, дозволете ми да ви кажам навистина отворено. Двојната порција се прима преку откровение! Откровението е едноставно нешто што никогаш не би го дознале сами без Светиот Дух да ви го покаже. Значи, Светиот Дух ви открива или ви ги отвора очите за нешто што сами не сте го знаеле. Тоа се нарекува откровение, откриено сознание.

## Откровението е клучот за двојната порција!

Луѓето ме прашуваат: „Како го слушам Светиот Дух? Како ги примам овие скриени идеи и можности?“ Одлични прашања. Немам време во оваа книга да навлегувам во длабочина во врска со слушањето на Божјиот глас. Затоа, ќе ве упатам на една друга книга што ја напишав со наслов, *Крштевањето во Светиот Дух*. Можете да ја набавите на Амазон или нашата веб-страница. Во

таа книга ќе најдете повеќе информации за тоа како Светиот Дух работи за да ни ги открие Божјите скриени планови, за да можеме да напредуваме токму овде на земјата, токму под носот на сатаната; а тој не може да направи ништо за да го спречи тоа. Но, за да ве упатам во вистинската насока, ајде да погледнеме во **1 Коринтјаните 14:2.**

> *„Зашто оној, кој зборува на друг јазик, тој не им зборува на луѓе, туку на Бога; бидејќи никој не го разбира, а со Духот кажува тајни.“*

Во четвртиот стих пишува,

> *„Кој зборува на друг јазик, тој се надградува сам себе.“*

Зборот надградува значи да се донесе поука или разбирање. Мене тоа ми треба, а и вас. Кога Библијата овде зборува за зборување на јазици или, како што пишува Павле, молитва во Духот, сакам да ве охрабрам - без разлика што сте слушнале за оваа функција на Светиот Дух, без разлика дали некој ви кажал дека тоа завршило со апостолите или дека е од ѓаволот - читајте ја Библијата! Молитвата во Духот е едноставно Светиот Дух Кој се моли преку вас на земјата за да ја исполни Неговата волја без ѓаволот да знае што се случува. Молитвата во Духот е главниот клуч да слушнете откровение од Небото и ве охрабрувам да го проучите она што го кажав. И ако имате прашања, земете ја мојата книга и знам дека ќе ви помогне да стекнете повеќе увид во оваа неверојатна функција на Светиот Дух во нашите животи.

Сакам да ја завршам оваа книга со два стиха од Светото Писмо што во суштина го сумираат ова поглавје.

> *„А на Оној Кој, според силата што во нас дејствува, може да изврши изобилно сѐ што ќе побараме или помислиме, Нему нека е слава во Црквата преку Исус Христос во сите родови и за сите векови. Амин!“*
>
> — Ефесјаните 3:20-21

Никогаш не можете да побарате нешто за што не сте размислувале. Моментално поседувам два авиони, помал авион што го летам за забава и деловен авион што го имам за патувања низ нашата земја. Кога размислував да купам авион за бизнис патувања, бев шокиран од цената. Авионите не се евтини! Почнав да се откажувам и да мислам: „Можам без авион за бизнис патувања. На крајот на краиштата, тие се премногу скапи". Но, секоја недела летав со редовни линии, а еден месец летав 23 пати. Тоа беше исцрпувачки. Да, би можел да кажам дека бев снабден. Сите мои билети беа платени; проблемот не беше во финансии за да се платат билетите. Но, моето патување со редовните авиокомпании станува сѐ поисцрпувачко. Многу летови беа откажувани или доцнеа, и беше хаос. Тоа не беше саботниот одмор што ми беше потребен.

Конечно, признав дека овде го ограничувам Бог. Тој е Бог на двојната порција. Дренда и јас се колебавме да го купиме тој авион повеќе од една година, за жал. Конечно, Бог ни го привлече вниманието на тој авион и ни кажа дека се обидувал да ни го даде тој авион веќе две години! Се покајавме и донесовме одлука. Го посеавме нашето семе за деловниот авион што го сакавме и ни требаше; и кога го направивме тоа, го добивме во рок од два месеци. За тоа време, Бог ми даде увид и наклоност со некои деловни зделки, па кога требаше да го купам авионот парите веќе беа тука.

Да, Бог е Бог на двојната порција. Дали тоа направи разлика? Па, разликата во мојот случај да можам да имам сопствен авион во споредба со летањето со редовните линии би било исто како да споредувам да возите велосипед или автомобил на состанок 70 километри од вашето место на живеење. Навистина! И Бог се обидуваше да ми го даде тоа две години, додека јас само зјапав задоволен со тоа што го имам и останав слеп за двојната порција што Бог веќе ми ја обезбедил. Само требаше да го видам.

Можеби возите автомобил на кој толку очајно му треба поправка што се молите да запали пред да тргнете. Престанете да ја гледате празната банкарска сметка и да донесувате одлуки за преживување врз основа на тоа. Наместо тоа, дозволете Бог на

двојната порција да ви ги покаже остатоците, скриените работи што треба да ги знаете за да бидете слободни и да уживате во мирот и починката на саботниот одмор. Тој ќе ви го даде планот и ќе ви покаже што треба да направите ако само Го прашате Него. Како што вели Исус: „Ништо да не пропадне!“ Веќе ви е обезбедена двојна порција!

> *„Но, за народот Божји сѐ уште останува саботна починка. Зашто, кој ќе влезе во спокојот Негов, тој ќе се одмора од делата свои, како и Бог од Своите.“*
>
> — Евреите 4:9-10

Верувам дека оваа книга беше благослов за вас и за вашиот од со Господ Исус Христос. Како што реков во книгата, ова е втора книга во серијалот „Вашата Финансиска Револуција". Серијалот се состои од вкупно пет книги, затоа продолжете да ја очекувате следната книга на нашата веб-страница. Исто така, размислете да станете член на Team Revolution, нашата програма за менторство. Можете да најдете повеќе информации во врска со Team Revolution на нашите веб-страници.

Гери и Дренда Киси се сопственици и управители со Forward Financial Group во Њу Албани, Охајо.

Гери и Дренда Киси, се пастори на црквата Вера и Живот во Њу Албани, Охајо.

За повеќе ресурси од Гери и Дренда Киси, посетете ги страниците FaithLifeNow.com, GaryKeesee.com или Drenda.com

Посетете ја страницата
на **FLNFree.com** за
бесплатно преземање на
дополнителни материјали за
поучување на вашиот јазик!

Сакате повеќе БЕСПЛАТНИ материјали за поучување
на вашиот јазик? Одете на **FLNFree.com**

Вашата Финансиска Револуција

# МОЌТА НА ПОЧИНКАТА

**Дали сте уморни?**

**Уморни сте од вртење во круг?**
**Уморни сте од чувството како да сте заглавени?**
**Уморни сте од грижи?**
**Уморни сте од тоа да сте несреќни?**

**Не мора повеќе да живеете така.**

Придружете му се на Гери Киси на ова неверојатно патување на откривање и НАУЧИТЕ НОВ СИСТЕМ - систем кој целосно ќе го револуционизира вашиот живот, исто како што го промени неговиот по девет многу долги години живот на *исцрпеност* и борба финансиски, физички и емоционално.

Откријте:

1. Како се промени сè за Гери - како тој од целосно очаен, финансиски и физички, стана здрав и исцелен, способен да купи автомобил во кеш, градејќи го својот дом без долгови, основајќи повеќе компании и поучувајќи стотици илјади луѓе за животот во Царството... *и како да живеат живот на починка*.

2. Како нештата можат да се променат и за ВАС - како ВИЕ можете да живеете во починка.

Дури и ако сите што ги познавате живеат уморни и трчаат напорно само за да преживеат, вие не мора да живеете на тој начин.

Со разбирање на клучниот принцип на саботната починка, можете да видите вистински резултати во вашиот живот. Вашите потреби може да бидат задоволени; можете да бидете ослободени од вртење залудно во круг; да имате слобода да ја пронајдете и да напредувате во вашата цел и страст, каде што нема само да преживувате; и можете пред светот да демонстрирате резултати невидени дотогаш.

Немојте да останете заглавени. Немојте да живеете во постојан замор.

Откријте нов начин на живеење!



Гери Киси е автор, говорник, претприемач, финансиски експерт и пастор, кој има горлива желба да им помага на луѓето да извојуваат победи во животот, особено во областите на верата, семејството и финансиите. Гери и неговата сопруга Дренда имаат создадено неколку успешни бизниси и се основачи на Faith Life Now, во чија продукција се две телевизиски програми – ***Решавање на проблемот со парите*** и ***Дренда***, конференции ширум светот и практични ресурси. Гери и Дренда исто така се и пастори на црквата Faith Life, во близина на Колумбус, Охајо.

P.O.Box 779, New Albany, OH 43054 | garykeesee.com

Сакате повеќе БЕСПЛАТНИ материјали за поучување на вашиот јазик? Одете на **FLNFree.com**